СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари1996 година

Скопје, февруари1996 година

**39 (ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТА)СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 21. II.1996 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД: ИЗБОР НА НОВ СОСТАВ НА ВЛАДА НА РМ.


1. СТОЈАН АНДОВ 1
2. АБДИ ФАИК 95
3. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 105
4. БОЈКОВ ИВАН 36
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ 113
6. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 62, 69
7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 41, 44
8. КОЦЕВССКИ АЦЕ 80, 84, 126
9. НАСЕВ РИСТО 120
10. НИКОЛОВСКИ РИСТО 25
11. ОСМАНИ РУФИ 126, 129, 137, 133
12. РАМАДАНИ САЛИ 2, 3
13. РАМАДАНИ ХИСЕН 26
14. РУЖИН НАНО 103
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ 103, 112
16. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 47, 61
17. ТРАЈКОВ РИСТО 122, 125
18. ХАСИПИ КЕНАН 37
19. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 48, 51, 61
20. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 5
21. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 139
22. ШАПУРИЌ ЗОРАН 41, 44
23. ШАЌИРИ ХИСНИ 74, 76


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари 1996 година

Седницата се одржа во сала 1 во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

На пратениците од исламска вероисповест им го честитам нивниот голем празник Рамазан Бајрам.

Ве известувам дека пратениците Димче Настоски, Драган Митевски и Јаким Ивановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот на Владата и предложените кандидати за министри за состав на новата Влада.

Записникот од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (Нема).

I/2 ЛП/НД

Констатирам дека записникот од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Претседателот на Владата на Република Македонија, со оглед на значењето на предлогот за избор на нов состав на Влада на Република Македонија и Предлогот за именување заменици на министрите во Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да бидат разгледани само овие точки, а останатите точки од предлогот на дневниот ред да бидат разгледани на една од наредните седници на Собранието.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

88 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на нов состав на Влада на Република Македонија,

2. Именување заменици на министрите во Владата на Репуб- лика Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор- господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со, денеска, како што знаете е втор ден на големиот Бајрам, т.е. поголем празник за муслиманите и затоа користам прилика по овој повод, честитки на сите муслимани и Рамазан Бајрам.

Што се однесува до дневниот ред, за овој мандатен период не сум се согласил многупати со неколку точки кои беа не на место внесени, предложени и прифаќани, меѓутоа, не сум реагирал од разно- разни причини прво заради тоа што мојата пратеничка група по бројка е мала.

Меѓутоа, денес на дневен ред имаме многу важни точки како што е предлогот за составот на Владата, за избирање на нови министри, заменици и тн. Вака да се разбереме. Што се однесува до оние проблеми кои ги имаат разните партии меѓусебно јас не навлегувам воопшто, тоа се нивни интереси, лични, партиски, платформски, нека ги расчистат, ниту ме радува тоа ниту ме восхитува, за мене е се исто, јас сум многу индиферентен во тој поглед, тоа е нивна работа. Меѓутоа, кога ни доаѓа предлог до Собранието, значи ова е предлогот што го имаме денес на дневен ред, јас не можам да се согласам, затоа што ми се наметнуваат такви предлози кои немаат никаква врска со ова Собрание. Кога веќе се такви состојбите во Сојузот, не се работи за предлог на нов состав на Владата, туку...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние не сме отвориле расправа, само дали имате некој предлог кажете.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас имам друг предлог. Поконкретно, оставка и разрешување на Владата на Република Македонија како прва точка.

Второ разрешување на Собранието и распишување на нови предвремени избори.

Оставка на институцијата претседател на Република Македонија и основање на Совет за државни и национални спасители.

Значи, предлагам четири точки за овој дневен ред, а не се согласувам со првите. Ова е реалност на денешната седница во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте предлогот да отпаднат од дневниот ред кои се предложени, а да се внесат други четири точки чија формулација ја слушнавте.

За претседателот на Републиката не можеме, четвртата точка да ја ставаме бидејќи Собранието нема таква надлежност, и третата точка е невозможна бидејќи Собранието нема овластување да бира совети за спасители, а првите две точки ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Се разбира тоа можат да го предложат само овластените предлагачи.

2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлозите на господинот Сали Рамадани не се усвоени.

Дали има некој друг предлог? (Нема).

Бидејќи нема друг предлог, дневниот ред го ставам на гласаше

Преминуваме на усвојуваше на дневниот ред.

Ви напоменувам дека изборот на нов состав на Владата се уврстува во дневниот ред по сила на Уставот на Република Македонија и, тоа не можеме да го бришеме.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

95 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на **прватa точка** од дневниот ред - Избор на нов состав на Влада на Република Македонија.

Предлогот за разрешување членови на Владата и Предлогот за избор на нов состав на Владата Ви се доставени односно поделени.

Со оглед на тоа што претседателот на Владата предлага разрешување на повеќе од една третина од членовите на Владата од првобитниот состав, согласно член 94 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието ќе одлучува со единствено гласање по Предлогот за избор на нов состав на Владата.

Собранието избира Влада со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Влада се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Отворам претрес.

Го молам претседателот на Владата на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, да го образложи предлогот за избор на нов состав на Влада.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

(Чита - прилог)

I/6

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван Претседателе,

Почитувани пратеници,

Денес пред вас се наоѓа предлогот за реконструкција на Владата на Република Македонија. Ако ги ставиме настрана неколкуте поединечни случаи, ова е прво искуство од овој тип во не така долгиот парламентарен живот во нашата држава. Можеби токму на фактот, што многу работи ни се случуваат прв пат (прва политичка влада, први изборни коалиции, први коалициони разделби, прва реконструкција), се должи и преголемата чувствителност, тензии, па дури и драматичност, кои се појавија по повод овој настан, кој во државите со подолга парламентарна традиција се третира многу помирно, како нешто многу пати видено, како нормален дел од демократскиот живот.

Кога ги отпочнав активностите околу реконструкцијата на владиниот состав се водев од мотивот да предложам министерска екипа која многу поефикасно, поажурно, поуспешно ќе ја реализира промовираната програмска платформа на парламентарните избори, но и при самиот избор на владата на 20.XII.1994 година. Тоа не секогаш, или барем не секогаш целосно е во корелација со индивидуалниот учинок на поодделни личности. Можам да кажам дека дел од досегашните министри кои не се наоѓаат и на новата предлог - листа, коректно, во рамките на своите можности, си ги вршеа задачите. Јас би сакал да ја искористам оваа прилика и да им се заблагодарам за придонесот и соработката. Меѓутоа, да не заборавиме, владата е колективен орган и таа може успешно да функционира само доколку се постигне дух на тимска работа, на

Политичкото партнерство, како впрочем и било кој тип на партнерство во животот, може да биде трајно и продуктивно само доколку се потпира на чесни, искрени и коректни меѓусебни односи. Политичкото партнерство значи подготвеност од двете страни да се дели ризикот и одговорноста дури и во тешки моменти. Нема трајно политичко партнерство доколку еден од партнерите има намера да учествува само во делење на славата од успесите но нема намера да носи одговорност кога ќе наидат тешкотии и проблеми. Во политиката воопшто, а пак во наши услови со сите превирања и искушенија низ кои минуваме уште повеќе, се лаже секој оној кој мисли дека го измислил рецептот за играње на сигурна карта, карта која без разлика што другите држат во рацете, секогаш добива.

Почитувани пратеници,

Изминативе денови, еден од најчесто споменувани термини низ цела редица партиски соопштенија, изјави, коментари, беше Сојузот за Македонија и неговата изборна платформа. Се случија многу обвинувања, префрлања, кој всушност ја напушта таа изборна платформа, или обратно, кој е поискрен во исказите за опстојување на .нејзината реализација. Бидејќи имам чувство дека и на денешнава седница. може да се случи токму тоа да биде една од централните теми, дозволете ми во не повеќе од три минути да ви го прочитам поглавјето кое ги дефинира програмските цели за четиригодишниот мандат _на Сојузот за Македонија.

( * * * )

Ова е изворна платформа, има две главното поглавја,едното е што наследивме, што постигнавме а другото е да бидеме заедно на следните цели.

И натаму да го сочуваме мирот и стабилноста во Република Македонија. Тоа за нас значи продолжување на политиката на рамноправност во меѓунационалните односи и јакнење на правната држава. Тоа за нас значи продолжување на надворешната политика кон европските интеграции за европеизација на Балканот и добрососедство. Да обезбедиме брзи, економски реформи и најмала социјална цена за излез од транзициониот период, ќе го забрзаме процесот на приватизација особено со развој на приватниот сектор поддржуван со даночни, кредитни и други мерки. СО приватизацијата ќе ги опфатиме и секторите на земјоделството, банкарството, осигурувањето. Основните столбови на економската политика и реформите ќе бидат обезбедувањето на нов инвестиционен циклус и доградување на постојната стабилизациона програма со мерки за поттикнување на производството и глобалната понуда. Ќе обезбедиме доградба на даночниот систем, преструктуирање на јавниот сектор, воведување европски стандарди во производството и јакнење на еколошкото законодавство. За нас од посебно значење е заживувањето на приватното фармерство. Социјалната политика и заштита ќе биде во насока на обезбедување на достоен живот на секој граѓанин и изградба на социјална држава. Во тие рамки ќе обезбедиме отворање на нови работни места и материјална сигурност на секое домаќинство. Пристапот до здравството и образованието треба да биде со еднакви шанси за сите

и во основа да не зависи од нивната материјална состојба. Да обезбедиме зацврстување на парламентарната демократија и правната држава, тоа значи целосен развој на човековите права и слободи, тоа значи примена на меѓународните стандарди за правата на националностите. Тоа значи почитување на поделбата на законодавна, извршна и судска власт, тоа значи правна држава и независно судство, тоа значи демократска јавност и целосна слобода на изразувањето. Да обезбедиме јакнење на меѓународната позиција на нашата држава да го започнеме постапно процесот на интегрирање во Европската Унија и во колективните системи на европската безбедност и сигурност. Доследно остануваме на концептот за еднаков однос и целосна соработка со нашите соседи, ќе бидеме носители на процесот на европеизација на Балканот. Своето место во организацијата на Обединетите Нации ќе го оствaруваме на страната на земјите на мирот, на светскиот економски развој, заснован врз глобалната зависност и за надминување на причините за постојните и нови кризни жаришта.

I/11

Сега, откако уште еднаш се потсетивме кои се основните магистрални правци на изборната платформа на Сојузот за Македонија, можам најодговорно да тврдам дека и новиот состав на владата и јас лично до крај доследно ќе работиме на нивната реализација, прифаќајќи ги во потполност повторно како наша глобална владина програма. Уште повеќе, мислам дека вака дефинирани програмските цели. во оваа платформа, не треба- од . . теснопартиски, егоистички причини да бидат монополизирани само од страна на трите политички партии, чинители на изборната коалиција Сојуз за Македонија, туку треба да се направи напор да се промовираат пошироко, да станат предмет на многу поширок ирационален, политички и социјален консензус.

Мислам дека тие стратешки цели гледани низ призмата на државните историски интереси тоа го заслужуваат и убеден сум дека со еден поширокоград и поискрен пристап ќе добијат и многу поголема поддршка од 337.000 гласа кои ги добија овие три партии на последните избори. Карактерот на овие програмски цели е таков што не дозволува тврди поделби на парламентарни и вонпарламентарни, на позициони и опозициони политички субјекти. Во тој склоп, апсолутно не и го негирам правото ниту на Либералната партија да ја задржи оваа платформа како своја, напротив, тоа би ме радувало, бидејќи би се конкурирале..со. идеи како . .. полесно да оствариме исти, заеднички цели.

Почитувани пратеници,

Уште едно прашање беше многу често споменувано во јавноста во овие денови на исчекување на денешнава седница на беше доминантно

а тоа е Собранието на Република Македонија беше доминантно а тоа е односот на подделни политички субјекти кон Претседателот на Републиката Киро Глигоров.

И покрај разбирањето заради зовриената атмосфера, ми се чини дека во целата работа се претера, -се премина прагот на добриот вкус. Некои политички партии се самопрогласија за единствени заштитници и бранители на Претседателот. Притоа, мислам дека направија грешка и тоа најмалку од две причини.

Првата произлегува од фактот што Претседателот Глигоров со сето она што досега го има направено и со сето она што сега го прави ужива таков личен углед и доверба во земјата и во целата меѓународна заедница што нема потреба никој од никого да го брани особено не политички субјекти кои уживаат неспоредливо помала доверба и кредибилитет од онаа што ја има Претседателот. Тука не исклучувам никого, вклучително и СДСМ. Доволно е да ги погледнеме анкетите и сите заедно да се увериме дека ни е премал кредитот пред народот за да си го земеме правото да го штитиме авторитетот на Претседателот Глигоров.

И втората причина:

Немојте, ве молам да го браните Глигоров од СДСМ. Немојте да го браните од партијата со која во целиот изминат период имаше најискрена соработка и почитување, која беше една од ретките ако не и единствената која во ниту еден момент после настанот на 3-ти-октомври, не не правеше, туку не помисли да прави било какви калкулации околу можни кандидати за претседателски избори.

Таа соработка, меѓусебно лојален однос, не се сомневајте ќе продолжи и во иднина и тоа не заради калкулации и интереси, не заради

тоа што во моментот или дадената ситуација политички ќе изгледа политички профитабилно, туку заради целосно преклопување на погледите што е тоа долгорочен, државен,,, интерес на овој народ, заради чесноста и искреноста во односите СДСМ на Претседателот Глигоров не гледа како на свој заштитник во одредени критични ситуации, туку како на Претседател на државата и лидер на нацијата што несомнено е и му посакуваме од се срце |а биде уште многу години.

Почитувани пратеници,

Мене ми е сосема јасно дека со денешнава седница № менува политичката карта на Македонија. Мене ми е сосема јасно дека вака крупни промени носат и свои ризици. Меѓутоа, исто така, очекувам дека една голема енергија која досега се трошеше за надминување на поодделни меѓусебни разлики, меѓутоа, далеку од очите на јавноста, би рекол под маса, ќе се пренасочи таму каде што од аспект на развојот на демократијата и парламентарниот живот може да биде и најпродуктивна - на отворена јавна, политичка сцена. Комодитетот што после големата изборна победа ги зафати и законодавната  и извршната власт, ќе мора да го напуштиме, меѓутоа по него не треба да жалиме доколку биде заменет со мобиглитет, со конкуренција на идеи и проекти во Парламентот, со желба низ конструктивна работа да се освои поголема доверба пред граѓаните на Република Македонија.

II/1.-CC/OM

Почитувани пратеници,

Дозволете ми во кратки црти, повеќе таксативно отколку аналитички, да се навратам на изминатата, инаку прва година од мандатот на оваа Влада. Што е тоа што успеавме да го направиме и што по мое мислење заслужува да биде книжено на позитивната страна од билансот на нашиот учинок:

- На надворешно - политички план

Успеавме да постигнеме согласност со Република Грција. која доведе до нормализација на односите меѓу двете држави. Со тоа се успеа да се симнат две ембарга: едното економско, на самата граница и второто 'политичко, кое не оневозможуваше да го продолжиме одот кон интеграциите на Република Македонија во европските и меѓународните институции. Не треба да го заборавиме фактот дека со оваа согласност Република Грција ја призна независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија што е без сомневање чин со историско значење.

Во изминатата година Република Македонија стана членка на ОБСЕ, на Советот на Европа и на Програмата Партнерство за мир. Имајќи ги во предвид критериумите кои една држава, треба да ги исполнува на планот на демократизацијата, политичките и економските реформи за да може да пристапи кон овие организации, сосема е јасно дека секој од овие настани поодделно, но уште повеќе сите заедно, значат големо признание на меѓународната заедница за вкупните напори што во нашата држава ги направивме во изминатиот период. Во исто време тоа значи и силно јакнење на меѓународната позиција на нашата држава.

II/2.-

- На економско - финансиски план

Во извонредно тешки околности (да се потсетиме, ембаргото на нашата јужна граница беше подигнато дури на 15-ти октомври, а санкциите спрема северниот сосед дури при крајот на годината), успеавме да ја одржиме вкупната макроекономска стабилност, стабилноста на националната валута, и прв пат после 20-тина години да имаме едноцифрена годишна инфлација. Девизните резерви на Република Македонија на 20.XII.1994 година изнесуваа 154 милиони $, за да на 31.XII.1995 година ја достигнат сумата од 274 милиони $. Тоа се средства, капитал на оваа држава, создаден во еден од најтешките периоди на нејзиното постоење.

Не е за потценување фактот што успеавме да ги регулираме односите и долговите со Парискиот клуб на кредитори и тоа на начин кој според компаративните показатели можеме да го оцениме како исклучително поволен.

Вам ви е добро познато дека се наоѓаме во период на реализација на СТЕНД БАЈ аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд. Последната мисија на Фондот даде извонредно поволни оценки и веќе со сигурност можеме да кажеме дека оваа пролет ќе биде успешно реализиран овој едногодишен аранжман. Да се потсетиме, тоа досега никогаш не се случило, не само во историјата на Република Македонија, туку и во поранешна Југославија, иако имаше неколку неуспешни обиди.

На планот на економските реформи и структурните промени минатата година главен приоритет беше ставен на приватизацијата.

II/3.-

Успеавме овој процес да го забрзаме и веќе до овој момент низ целата законска процедура имаат поминато 604 претпријатија од вкупно предвидените 1.216.

Во тековна постапка се наоѓаат уште околу 400 претпријатија. Оценка на Светската банка за обнова и развој е дека приватизацијата се одвива со задоволителни резултати и дека главната цел - зголемување на ефикасноста во стопанисувањето веќе започнува да се остварува.

Во текот на 1995 година еден од најзначајните проекти кои се реализираа беше Законот за 25-те најголеми загубари. Овие претпријатија ова време минатата година и според економско - финансиските показатели, но и според постојните законски прописи ги исполнуваа сите услови за покренување на стечајната постапка. Имајќи го во предвид фактот што во овие претпријатија беа вработени преку 45.000 луѓе, но и поширокото значењето на овие субјекти во вкупната стопанска структура, се решивме да преземеме низа мерки кои требаше да дадат можност и шанса за нивно опстојување на нови рентабилни основи. Тоа не беше и не е ниту малку едноставен процес, напротив, наидовме на цела низа тешкотии и проблеми, меѓутоа актуелната состојба во поголемиот дел од овие субјекти ги оправдуваат напорите и мерките кои беа превземени.

Еден од проектите кој имаше највисок приоритет во изминатата година беше за прв пат отпочнатите структурна промена во банкарскиот систем на Република Македонија. Се отпочнаа два типа на санации, линеарна која се однесуваше на сите банки во државата и се состоеше од преземање од страна на државата на замрзнатите девизни депозити

на граѓаните и пласманите врз основа на странски кредити (Париски Клуб) од билансите на банките и посебно санација на Стопанска банка која во себе содржеше мерки за чистење на билансот на банката од лошите побарувања, нејзина редукција, приватизација и измени на начинот на управување. Најголемиот дел од овие активности се веќе успешно завршени во текот на минатата година.

- На планот на реформите на политичкиот систем

Во оваа прилика посебно би потенцирал два исклучително значајни законски проекти од системски или органски карактер. Тоа се Законот за судовите со кој се создадоа неопходните предуслови за конституирање на третиот сегмент на власта - независното судство и Законот за локална самоуправа, со кој се овозможува уставното право на граѓаните на локална самоуправа, но се создаваат и условите за пополнување на вертикалната и хоризонталната структура на власта во Република Македонија. Во изминатата година од Владата до Собранието беа доставени и усвоени преку 150 законски проекти и други акти, а јас во оваа прилика би издвоил само некои од позначајните: Закон за внатрешни работи, Закон за Агенцијата за разузнавање, Закон за — експропријација, Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за спортот, Закон за превоз во патниот сообраќај и друго.

Почитувани пратеници,

Кои се работите кои ги планиравме, а од едни или други причини сепак не успеавме да ги направиме во изминатава година и во врска со

кои и јас доколку би бил на ваше место би ја критикувал работата на Владата.

- и во 1995 година не успеавме да го запреме повеќегодишниот пад на општествениот производ и на индустриското производство. Со макроекономската политика за 1995 година планиравме 0,8% раст на општествениот производ и 0,7% раст на индустриското производство но бројките на крајот од годината сепак беа негативни. Кај општествениот производ -3%, а кај индустриското производство -10,7%. Единствено подобро остварен резултат од проектираниот имаме кај аграрот, каде предвидувавме раст од 1,5%, а на крајот од годината се реализира пораст од 5%.

Опстојувањето на санкциите на север и ембаргото на југ скоро низ целата 1995 година може да биде само делумно оправдание за ваквите резултати.

- соодветно на претходното, не успеавме да го запреме негативниот тренд во областа на невработеноста;

- успеавме да го стабилизираме дефицитот во пензискиот фонд, кој се отсликува преку доцнењето на пензиите, меѓутоа, тоа не е доволно, бидејќи не успеавме истиот да го намалиме;

- не отпочнавме никакви позначајни реформи на планот на државната администрација, со цел да ја направиме поефикасна и поекономична;

- проектот за битка против криминалот во сите облици, митото и корупцијата ни од далеку не го постигна интензитетот и ефикасноста кои ги посакувавме или кои би биле соодветни на реалните состојби во Република Македонија.

II/6.-

Почитувани пратеници,

Глобалната владина програма ја дефинирав уште во првиот дел од моето излагање. Сега 1ое се обидам во кратки црти да ги посочам непосредните, конкретни активности кои не очекуваат веќе од првиот ден, се разбира, доколку ја добиеме вашата доверба.

На планот на надворешната политика

Ќе продолжиме со политиката на подеднакво изразена волја за соработка со сите наши соседи. Република Македонија има воспоставени дипломатски односи со сите свои соседи, освен со СР Југославија. Низ досега превземените активности се разјаснија сите прашања и ние не гледаме ниту една причина за одлагање на чинот на меѓусебно признавање и целосна нормализација на односите со нашиот северен сосед. Тоа е во интерес на двете држави и двата народа.

Наша стратешка определба се европските интеграции. Се наоѓаме на самиот праг од преговорите за уредување на меѓусебните односи на Република Македонија и Европската унија. Ова ќе бара целосна координација на повеќе ресори во Владата на Република Македонија. Понатамошните чекори и нивното темпо кон асоцирање и интегрирање на нашата држава во голема мера ќе зависат токму од квалитетот на првичната спогодба за економско - трговска соработка.

По приемот на Република Македонија во Програмата "Партнерство за мир", нашите активности ќе ги насочиме на што подобра соработка со НАТО, а со цел еден ден и самите да станеме дел од овој колективен систем за безбедност.

II/7.-

Некои критичари на нашата надворешна, па дури и општа политика во последно време и ги даваат квалификативите некритична прозападна или проамериканска политика. Би сакал во оваа прилика да ги повикам да дадат одговор на едно, по мене најбитно прашање. Дали со оваа актуелна политика се реализираат основните, витални интереси на нашата држава и нашиот народ. Ако е тоа така, тогаш тоа е правилна политика, а фактот што притоа има и преклопување со погледите на битните меѓународни фактори е предност, а не хендикеп за Република Македонија.

На економски план

Ќе продолжиме со економските реформи и структурните промени. Процесот на приватизација треба да се финализира, и во оваа фаза да ги зафати и секторите кои првично беа исклучени со постојниот закон. Тоа се: земјоделските комбинати, задругите, делови од јавниот сектор. Не очекува уште многу работа во банкарско - финансискиот систем. Постигнатите резултати од стабилизацијата треба да ги сочуваме. Имаме намера да отпочнеме преговори со Меѓународниот монетарен фонд и веднаш по реализацијата на СТЕНД БАЈ аранжманот да пристапиме кон тригодишен ИСАФ аранжман, кој во себе би содржел и компонента на структурни промени и развојни елементи.

Меѓутоа, главната задача, прашање од највисок приоритет за оваа влада во претстојниот период ќе биде пресвртот на планот на индустриското производство и вкупниот општествен производ.

Основниот критериум по кој ќе се цени успешноста на функционирањето на овој владин состав во претстојната година ќе биде одговорот на прашањето, дади после повеќегодишен пад на производството ќе успееме да забележиме макар мали, но со позитивен предзнак резултати; дали на крајот од 1996 година ќе можеме да констатираме дека дефинитивно сме се одлепиле од дното и дека доаѓаат времиња кога ќе можеме да говориме за развој, а не за опстанок.

Скротената инфлација, стабилноста на националната валута, симнатото ембарго и отворањето на северната граница сигурно создаваат далеку поблагопријатен амбиент за остварување на ваквата цел, од оној кој го имавме во претходниот период.

Еден од основните проблеми кои ќе ни се поставaт претставува недостигот на обртен капитал за финансирање на производството и рестартирање на затворените,заради надворешни фактори капацитети. Оттука, ќе треба да се направи максимална концентрација на сите странски кредитни линии, сите помошти на целиот домашен финансиски потенцијал и други ресурси кон остварувањето на оваа не само владина, туку по мое мислење многу поширока задача - заживување на производството и извозните активности.

Ни претстојат напори за намалувањето на дефицитот во пензиониот фонд, или, со други зборови, за намалување на долгот на фондот кон пензионерите.

Од оваа сфера ни претстои донесување на цела низа законски проекти, а јас во оваа прилика посебно би ги истакнал Законот за

трговски друштва и Законот за царинска тарифа, кои веќе наредниот месец ќе се најдат пред овој Парламент.

На планот на политичкиот систем

Во сферата на политичкиот систем не очекуваат исклучително значајни проекти. Веќе во владина процедура се наоѓа Кривичниот закон, како и групата закони за процесните постапки. Оваа пролет, Собранието ќе треба да го донесе Законот за нова територијална поделба на Република Македонија, Законот за локални избори, како би можеле до крајот на годинава да се организираат локалните избори и да се конституираат новите општини согласно Законот за локална самоуправа.

Само таксативно би наброил дел од законските проекти што во претстојниот период ќе бидат предложени од страна на Владата на Република Македонија, а кои ќе бидат во функција на доградба на правниот систем и интонирани во духот на глобалните програмски определби: Законот за денационализација, Законот за радиодифузна дејност, Закон за геодетска дејност, Закон за тутун, Закон за води, Закон за јавни патишта, Закон за високо образование, Закон за научно - истражувачка дејност и многу, многу други .

Ако културата е сегмент од нашето општествено живеење, со кој на најдобар начин се презентираме пред светот, тогаш наша обврска да ги направиме напорите за подигање на достоинството на оваа сфера и на луѓето вклучени во неа.

Со новиот владин состав очекувам, отпорано започнатиот проект на битка против криминалот, корупцијата и митото да добие еден нов импулс, нов интензитет. Оваа битка мора да биде перманентна и

бескомпромисна доколку сакаме да го избегнеме злото што како метастаза зафати некои од поранешните социјалистички држави.

Почитувани пратеници,

Од предлогот кој ви го доставив за денешнава седница,сосема јасно се гледа дека новиот владин состав произлегува од три политички субјекти - СДСМ, ПДП и СПМ. Меѓутоа, би сакал да истакнам дека низ консултациите кои беа направени по повод оваа седница, бев информиран дека поддршка на овој предлог даваат и три помали парламентарни партии, тоа се: Социјал - демократската партија на Македонија, Партијата за целосна еманципација на Ромите и Демократскиот сојуз на Албанците - Либерална партија.

Јас во оваа прилика не можам да ви гарантирам сигурни успеси на сите полиња. Но, она што можам да го гарантирам е дека нема ни малку да се штедам ниту себе си ниту било кој член на Владата.

Ќе работиме напорно, чесно и предано на остварувањето на програмските определби. Ако во изминатиот период, како народ покажавме пред целиот свет дека знаеме да создадеме своја, независна држава и тоа по мирен пат, ако покажавме дека можеме да опстоиме и под блокади и под санкции, тогаш убеден сум дека со добра волја и заеднички напори можеме да и обезбедиме на Република Македонија помирна, економски поуспешна иднина. Тој напор, нашата татковина од нас и го очекува и го заслужува.

Благодарам.

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавме експозето на претседателот на Владата. Тоа сега и пристигна во писмена форма. Ќе биде поделено до пратениците за да можат да го прочитаат, да изградат став по него, по ставовите кои се таму.

Давам пауза од два часа.

(Седницата прекина во 10,55 минути)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Молам, кој бара збор?

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Премиерот во своето експозе за најсилен емотивен адут се определи да го определи името и угледот на претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров. Тој овде го прикажа својот однос кон претседателот, токму така како вистински би требало да биде и како тој однос го посакува секој граѓанин. Меѓутоа, целото искажување на премиерот многу личи на тоа како тој порано го употребуваше името и угледот на претседателот на Република Македонија во други прилики и за други цели. На пример, еднаш изјави дека г-дин Киро Глигоров е најголема инвестиција на социјал - демократскиот сојуз на Македонија, кога на премиерот му беше потребен да ги зацврсти своите позиции.

Во друга прилика, во изборна единица 103 во дополнителните избори, премиерот на митингот изјави дека тој што гласа за Зоре Темелковски, гласа за претседателот Глигоров. Поради сето ова за да ни биде јасен вистинскиот однос на премиерот кон претседателот Глигоров, го повикувам премиерот да одговори на следното прашање:

Дали го консултирал претседателот Глигоров и дали претседателот Глигоров дал согласност за предложените министри за надворешни работи, за внатрешни работи и одбрана. Тоа се три ресори со кои што претседателот на Државата има уставни извршни надлежности.

III/2.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дами и господо почитуван претседателе на влада,„почитувани досегашни и идни министри,

Можно е на денешната расправа да им се пријде на различни начини и аспекти и различни појдовни основи и со различни цели за ефектите што сакаме со тоа да се постигнат. Сепак мислам дека поблиску до вистината ќе бидат оние приоди во кој ќе има помалку партијност, помалку лично, а повеќе општествено, повеќе општо државно Дури мислам дека во ваква состојба можеби се привилегирани оние кои не се непосредно упатени во самиот процес на создавање на разликите и несогласувањата во Сојузот за Македонија кои не се непосредно вклучени во распоредот и поделбата на функциите во извршната власт. Мислам дека тие понепристасно и понетрезвено можат да ја согледаат состојбата, евентуално и да придонесат за побезболно пребродување на состојбите. Гледано глобално настаната состојба е од една страна, јас би рекол дека е за жалење, но од друга страна ги оправдува. За жалење е што се распадна или што се разидува еден сојуз, чиј носители беа и се силни политички фактори со голема политичка кондиција и со завиден престиж во јавноста. Нивната заедничка политичка кондиција создаваше силно чувство на стабилност во определбите и одлуките на законодавната и извршната власт, иако од време навреме продираа пукотини во функционирањето на досе- гашната Влада и имаше некоја асиметрични вклучувања во таа политика. Би рекол уште тоа дека можеби и збунува малку фактот што несогласувањата помеѓу Социјал - демократскиот сојуз и Либералната партија барем оние што беа видно достапни на јавноста се сведуваа на распоредот и поделбата на ресорите во Владата. Што значи немаше нагласени елементи на програмски разидувањеа околу економскиот, политичкиот, културниот и

социјалниот развој, немаше разлики околу денационализацијата, приватизацијата, меѓунационалните односи итн. Се разбира, Ј]?аква состојба речиси во сите наши влијателни партии. Не зависно од нивното име тие програмски и политички можат да се наречат дека спаѓаат во некои вид десен центар според и по логиката на партиите и определбите на партиите во Западно Европските демократии. Па сепак мислам дека надоаѓа време партиите програмски да се профилираат на начин кој ке го одреди нивниот политички идентитет, а тоа значи и нивниот релативен социјален состав. Патем да подвлечам дека она што се случува во земјите кои се нарекуваа порано социјалистички треба да биде показ за нашите партии во смисла дека е неупатно да се отфрлат сите социјални атрибути во процесот на трансформацијата зашто мора да се води сметка за социјал економската и психолошката издржливост на луѓето, за нивното чувство на сигурност односно несигурност- итн., Според тоа не е логично во земјата да доминираат партии со речиси исти програмски определби. Мора да постојат разлики по клучните прашања од живото и развојот во земјата. Затоа мислам дека оваа состојба всушност, разидувањето во Сојузот за Македонија на двете свои главни составни делови, не треба да деприМира. Тука има и причини за охрабрување.

Прво, ниту една од страните не ги негира целите поставени во изборната платформа, што значи дена не се доведуваа во прашање изборните ветувања пред граѓаните, тоа значи легалитетот на изборите

Второ, оваа состојба може да ја зголеми будноста на ниво на спроведување на целите на платформата, од едноставна причина со Сојузот во позиција ќе мора да гради поодговорен однос кон спроведувањето на трансформацијата, а другиот дел како опозиција ќе ги заостри и предлозите и алтернативите за спроведувањето на истите цели.

Трето, може да се претпостави дека различното толкување и различниот однос кон делови на реформата, односно процеси во текот на реформата ќе придонесе кон диференцирано програмско профилирање како на Социјал - демократскиот сојуз, на Либералната партија, но верувам и на другите политички чинители во земјата.

Четврто, треба да се очекува дека дејноста на Социјал - демократскиот сојуз на Македонија ќе се изострат сензибилитетот и мерилата кон билансите помеѓу капиталот и трудот, кон социјалното унарамнотеженост на движењата, кон јавниот сектор, коко фактор за економска и социјална стабилност, за културна и образовна урамнотеженост на развојот на сите национални заедници во Македонија и сл. Додека треба да се очекува дека Либералната партија повеќе ќе инсистира на автономност на економските токови и на автономност на единката и неговата иницијатива во развојните токоди итн. Таквата програмска диференцијација ќе создаде нова јавна политичка клима во која луѓето пред се ќе се определуваат на нештата, односно за соодветен интерес. Од друга страна, ќе имаме би рекол и ние во Собранието нова атмосфера. Се надевам дека ќе ја надминеме монотонијата дезинтересираноста за седниците, за материјалите, за прописите што се носат. Ќе се зголеми интересот на Владата за работата на Собранието и ќе се зголеми контролата на работата на Владата од страна на Собранието. Со еден збор за современа демократска држава не се исполнети сите услови ако нема јака партиска оска во позиција која обезбедува стабилна Влада и ако нема квалификувана, влијателна парламентарна опозиција која ја следи и алтернативно ја вреднува политиката и работата на Владата. Всушност, нема демократска власт ако таа власт едновремено не е ограничена и од опозицијата и од општа контрола на јавноста.

III/5.-

Сметам дека во оваа прилика треба да истакнам уште две нешта, би рекол, кои се можеби психолошки, но и практични димензии. Апсолутната доминација на една партија во Парламентот и во Владата а во недостаток на силна јавна контрола преку мас медиумите и друго може да создава можност да настане некој вид политичко самодоволност која условно не трпи мешање во нејзината работа, може да настапат некои појави на некоректно однесување кон политичките компоненти, па и оневозможување на увид на Владината работа итн. Сметам дека Социјал - демократскиот сојуз ќе смогне сили да се самозаштити од такви опасни искушенија, дотолку повеќе што е свесна за последиците од таков политички манир од една страна и од друга страна од тоа што мислам дека се сосема свесна дека резултатите од изборите, беа едновремени со претседателските во кој беше вградена големата популарност, како што рече и самиот премиер за претседателот на Републиката Киро Глигоров и неговата успешна активност. Ова е факт не само што не ја засенува популарноста и престижот на социјал - демократскиот сојуз како партија, туку уште повеќе ја потенција неговата одговорност како најважен фактот во законодавната и политичката власт, која е пред се ориентирана на сите граѓани дури ја врши таа извршна власт. Се разбира кога зборувам за таквата позиција на Социјал - демократскиот сојуз во нашето општество, морам да истакнам дека тоа исто го мислам и за партијата за демократски просперитет, кога се работи за албанската популација која е важен и објективно ги има слични или иста позиција изборна во рамките на албанската популација и објективно е битен чинител во Владата и затоа секој пат сум се залагал за нејзино учество во извршната власт и воопшто во системот.

III/6.-

Сакам неколку збора да кажам уште за едно деликатно, но можеби битно политичко прашање, се работи за јавното мнение и изборот на луѓето во јавни, односно државни функции. Кадровската политика при одмерувањето на вредностите на луѓето релацијата јавно мнение и поединец треба да ја смета како важен услов за авторитетот на луѓето на јавни функции. Притоа, не е упатно познатите личности кои поради разни причини објективни и субјективни им е опаднат рејтингот по секоја цена да бидат туркани на функција, ниту пак е упатно потполно непознати луѓе со неискажани вредности да се постава на високи политички функции. Демократизираниот живот сам по себе ги стеснува рамките на дејствувањето на оние што немаат поширока политичка афирмираност, а веќе би рекол дека е надминато времето за симболично застапување во политиката. Сакам да кажам дека за секоја држава и на нашата и е потребен еден Галупов систем за испитување на јавното мнение со чии резултати ќе се служат органите во вреднување на состојбите, појавите на поединците во врска со вршење на јавни функции. Се разбира овие вредности не губат од значење и тогаш кога не е можно нештата веднаш да се изменат, но сигурно можат да послужат како поука за иднината.

На крајот да го подвлечам и следното: Убеден дека некои од вредностите за кој што се заложив и оценките што ги дадов се совпаѓаат со определбите што ги изнесе премиерот Бранко Црвенковски чиј политички и државни способности ги уважувам, сигурен сум дека новата Влада поседува да биде политички реперзент на сите граѓани на Македонија, од името на моите избирачи, од името на партијата која ја застапувам, Демократски сојуз на албанците либерална партија, и од свое лично име го поддржувам предложениот програм и составот на Владата. На премиерот и на Владата и посакувам успех во работата.

III/7.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

За мене лично како еден од членовите на Сојузот на Македонија а мислам по некои оценки и заради демократските процеси во Македонија. По упатно ќе беше денеска ако разговаравме за нова Влада а не за така наречена реконструкција, бидејќи од предложениот предлог евидентно е дека 15-те промени по однос на 20 Владини места, всушност значи бирање на нова Влада. Факт повеќе за ова мое мислење што на сегашниот премиер му е скратена и поддршката на Либералната партија која е конституент на Сојузот на Македонија како и поддршката на кандидатот за претседател на Република Македонија на сојузот, односно на автономниот претседател на Република Македонија Киро Глигоров.

Би рекол дека претставува чин на невкуст да се величат денеска улогата на претседателот на Републиката, кога тој со своето не присуство на чинот на избор на Владата го определи својот однос кон оваа работа. Ако сакаме да бидеме чесни спрема избирачите, давајќи им отчет за досегашната работа, ред беше на оваа седница да се даде и анализа за досегашната работа на Владата и уште повеќе за економско политичките и социјалните состојби во Република Македонија.

Ваквата анализа, сигурно ќе ја кренеше политичката магла што изминативе месеци постои во Македонија, ставајќи ги на маргините стварните причини за оваа длабока политичка и економска криза за чија состојба Владата а со неа и премиерот не може да се дистацира одговорноста. Се чини дека ќе беше најдобро, да беше Владата во оставка,да се побараше нов мандат да добиеше и во редот на нешта- та да се означеше новата коалициона платформа на новата Влада.

III/8.-

Ако сакаме до крај да бидеме чесни и исправни спрема избирачите кој гласот исклучително го дадоа за заедничката листа на сојузот и посебно заради улогата на г-динот Киро Глигоров во водењето на истиот, денес би можеле и да разговараме за предвремени избори како демократски договор на целиот неуспех кој сојузот го доживува во овој момент:

Би рекол дека Сојузот на Македонија е еднострано раскинат за поводот видовме дека нема многу аргументи, а причините, инспираторите, извршителите веќе ни се познати. Тоа што денес што сака да се прикаже животворноста на Сојузот со поднаводници колнење во неговите цели е само фарса повеќе, што мене лично ме потсеќа на 14-тиот Конгрес на СКЈ во чии методи на политички дисквалификации, инспирација најдоа некои во Македонија. Сојузот едноставно е мртов а последиците за понатамошниот тек во развојот на демократијата, економијата меѓуетничките односи и меѓународната позиција на Македонија допрва ќе ја почувствуваме и ќе ја видиме. Но, што е тука е, денес присуствуваме на чин избор на нова Влада односно промени во составот на постоечката влада и ми се чини дека и овој факт надвор од уставните рамки и од политичката етика сме ставени пред свршен чин, само преку експозето на премиерот да претпоставуваме за какви политички, економски и социјални програми се залага новата В^ада, односно кои се политичките цели што истата ги поддржува платформите на коалиционите партнери. Сакам да кажам дека е изоставена уставната потреба да се состави владина програма. Ако се земе изјавата во јавноста, чувме дека социјал демократскиот сојуз ја става својата програма, иако на последниот свој конгрес не ја дефинира до крај, формираше работна група таа да ја допише. Партијата за демократски

просперитет со својот лидер во еден неделник кажа дека не им паѓа на памет да спроведуваат програма на СДСМ и набележа кои прашања ќе бараат да бидат предмет на владината политика. Дали се тие дел или не, ние денеска не знаеме. Има ли договор или дали на сцена е некој таен непознат за македонската јавност, под наводници историски договор, ние во овој момент не знаеме. Програмата да беше на маса на пратениците ќе ги откогнетнеше сите овие дилеми. Владата се бира а не е поднесен извештај за 13-месечна анализа и оставен е голем простор да погаѓаме по кој основ дел од министрите се разрешени и по кој основ се унапредени или не унапредени итн. Несомнено дека во овој период Владата имала успеси по одделни прашања, тоа се должи секако, и на кохерентноста што овој парламентарен дом ја има во донесувањето на законите што истата ги предлагала и секако дека тие успеси требаше во една анализа да бидат набележани. Меѓутоа, се прашувам дали беше прашање на куртоазија што во експозето на премиерот беа истакнати или беа факт успесите кои се остварени на оваа Влада, а се потенцирани како успеси на министерствата што ги водеа министрите либерали.

IV/1.-JJ/МЛ

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Либералната партија ќе се потруди таквите анализи за досегашниот тек во активноста на оваа Влада да ги даде пред јавноста и со тоа на најдобар начин да покаже во кое својство и како, всушност, ја поддржувала владината структура во времето кога била составен дел на владиниот кабинет. Факт е дека со неучеството на Либералната партија во Владата се дерогира и волјата на избирачите и преку принцип на мајоризација се врши едно пригабување на целокупната власт надвор од волјата на избирачите, оставајќи доволно сомнеж дека поддршката од другите партии, кои патем речено се одамна политички маргинизирани и инструментализирани, е само форма во која тие се користат само политички деривати на Социјалдемократскиот сојуз, со крајна цел, еднопартиско владеење.

Тоа набрзо и ќе се покаже бидејќи кадровското метастазирање се чувствува во сите пори на државата, а свој врв ќе доживее со изборите на судиите со што ќе се нанесе непоправлива штета во потребата судската власт да се воспостави како самостојна и независна виза ви извршната и законодавната. Се чини дека, Македонија не може да ја заобиколат ретроградните политички процеси во Источна Европа, каде доминантен е левиот радикализам и екстремниот национализам. Се разбира, за вака да се владее ќе биде неопходно да се има влијание и контрола врз медиумите, што не ќе биде тешко ако се знае и не се крие, чист капитал доминира во таканаречените независни медиуми. Ова и не е чудно и е типично за нашата политичка стварност, наместо да расправаме за проблемите во стопанството и да ги разоткриваме причините заради кои денеска разорното дејство што го направија мерките на економската политика потфрли само на мерките на монетарната политика доведоа, претежно со големите задолжувања со

кредити, каматната политика, неконтролираната општа и јавна потрошувачка, нестимулативниот извоз, неисполнување на очекувањата од ефектите на приватизацијата, како и многуте основани и неосновани сомневања во дел од бизнисите што се правеа во времето на блокадите. Енормниот пораст за кој овде не чувме ниту една квантификација, а кој што изнесува околу 226 илјади невработени, енормната ситуација со не исплатувањето на наплатите во стопанството каде што близу 157 илјади или 45% не примаат плата повеќе од еден па и три месеци, само зборува за тешките економски и социјални состојби во кои се наоѓа Република Македонија.

Во овој момент, навистина тоа беше појдовен елемент кој што требаше да се набележи со една нова владина програма за која ние овде аргументи не чувме.

Што се однесува до Либералната партија, таа и досега на некој начин беше да речам скриена владина опозиција, но не за да ја руши таа Влада, туку на еден критички начин да укажува на сите аспекти кои доведоа или доведуваат во односите на стопанството, економијата, социјалата и остварувањето на политичкиот систем, човековите права и слободи. Се разбира, на тој начин таа е дел од успехот и од неуспехот и ја носи таа одговорност за која некој мисли дека се сака да се дистанцира, меѓутоа, оваа нова улога која и е одредена, веројатно многу поуспешно ќе ја одигра, бидејќи не ќе мора на своевиден начин да ги сокрива, да речам под тепих да ја сокрива прашината за односите меѓу коалиционите партнери.

Деновиве ја прочитавме и најголемата политичка небулоза дека на претседателот Глигоров веќе му е одредена историска ложа во Музејот на вредностите. Сакам да кажам дека тие кои што имаат такви проекти ќе мора да се соочат со иницијативите за промена и на Уставот и на

ингеренциите на Претседателот, ќе мора да се соочат со силата и политичката волја на граѓаните, и затоа мислам дека до моментот на новите избори треба да стовирме таква политичка и друга активност, што Македонија, барем, на ова ниво ќе ја задржат како демократска, слободна независна држава која нема да потпадне под влијанија позна-ти од порано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Бојков од процедурална природа.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, апелирам до вас и до претседателот дека не е ниту во наша надлежност, па не е ниту деловнички по повод оваа точка да ги расчистуваме односите во Сојузот за Македонија. Расчистувањето на односите во оваа коалиција и меѓупартиските односи, а во тие рамки и улогата на Претседателот Киро Глигоров во Сојузот, кој патем не беше присутен ниту на промоцијата на претходната, досегашнава Влада, не е тема на расправање во Парламентот. Ова е законодавно - правен дом, ние сме народни пратеници. Проблемите во Сојузот кој како постапува, дали ја спроведува Плат- формата или не, како работи во тој контекст, во извршувањето на Платформата, нека се расчистуваат во Сојузот во меѓусебните партиски односи, договарања, критики и сл. Што на пример колегите од ПДП, НДП или независните пратеници ги интересира тоа, или што тие ќе дискутираат на денешната седница за тоа, ако се впуштиме во таква дискусија.

Ние треба да си ја вршиме нашата должност, денеска на дневен ред е конкретна точка за избор на нова Влада, и да дискутираме од аспект на квалитетен или неквалитетен предлог, за ресор, за министер, а не од аспект на тоа од која партија е и дали е од Сојузот или не и зошто.

IV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Интервенцијата на господинот Бојков нема процедурален карактер и едноставно беше само успешен трик да дојде порано на збор пред другите. Нема процедурален карактер, апсолутно. Ве молам, не можете вие да им кажете на луѓето што ќе зборуваат, за она што во Експозето го има. Немојте ве молам. Тоа веќе е забрана на луѓето да зборуваат.

Продолжуваме со расправа. Има збор господинот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, ценети колеги, господа кандидати за министри, дозволете ми уште на почетокот да истакнам дека се двоумев дали има потреба преку оваа говорница да го изнесам нашиот став во врска со реконструкцијата на Владата, предложена од премиерот господинот Бранко Црвенковски, до толку повеќе што непосредна причина за реконструкција на владиниот кабинет не беа скромните резултати во реализацијата на задачите и целите на макроекономската политика за 1995 година, туку одредени несогласувања во Сојузот за Македонија, со познати актери, веројатно и по денешната седница на Собранието со познат епилог, но со можни непредвидливи индикации на внатрешен и на надворешен план. Независно од тоа што во Експозето господинот премиер назначи некои од неостварените цели на економската политика, меѓутоа, тие не беа доволно елаборирани, ниту им беше поставено било какво приоритетно место.

Доволно е да ве потсетам дека на досегашниот состав на Владата дадовме полна поддршка, без оглед на забелешките што непосредно ги изнесов од парламентарната говорница. Искрено се надевавме дека така компонираната Влада и по својот персонален состав и по блиските политички погледи на коалиционите партнери за највиталните интереси

IV/5.-

за Република Македонија нудеше добри перспективи во доследно реализирање на целите и задачите на владината програма изнесени во експозето на премиерот Бранко Црвенковски. Тоа подразбираше долгорочност и етапност во практичната реализација со краткорочни интервентни мерки во превенирањето на можните негативни последици. И додека во реализацијата на целите и задачите на надворешната политика постоеше висок степен на согласност, не само меѓу коалиционите партнери, туку дефакто, во огромен процент и кај малобројната опозиција што резултираше, речиси, со комплетно заокружување на нејзината меѓународна позиција. На внатрешен план постоеја огромни несогласувања, караници за министерски места, обиди за политички маркетинг, кадровски комбинаторики со политички колорит, отворени несогласувања по одредени законски проекти и тн.

Паралелно со ваквите појави и покрај пооптимистичките предвидувања следува натамошен пад на индустриското производство, како и на бруто општествениот производ, пораст на невработеноста, огромни социјални раслојувања, речиси околу 70 илјади домаќинства примаат социјална помош, пораст на криминалот и корупцијата, спора трансформација на општествениот капитал во други облици на сопственост, со претходно силна ерозија на општествениот капитал и со бројни нерегуларности во процесот на приватизацијата, бројни проблеми во образовната сфера, политички влијанија врз електронските и пишаните медиуми, политички пресии во економската сфера, рапиден пораст на сте- чајните работници, разни облици на работничко незадоволство па се до штрајкови со глад, загрижувачка положба на пензионерите и сл. со еден збор застој во демократизацијата на севкупните односи во Република Македонија.

IV/6.-

Атентатот врз Претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров, кој за среќа не остави сериозни последици и кој што акт на насилие и злосторство го осудија сите политички субјекти и можам слободно да речам сите граѓани на Република Македонија, недвосмислено покажа колкава е големата доверба на граѓаните во првиот човек на државата и големиот авторитет што го ужива господинот Киро Глигоров.

Зачувувањето на стабилноста на државата во тие моменти зборува за високата политичка свест на граѓаните на Република Македонија и нивна доверба во институциите на системот. И наместо овој злосторнички акт да ги мобилизира сите кохезиони потенцијали, да се надвладеат постојните состојби, недоразбирањата во Сојузот се интензивираат и добиваат такви размери, поради кои Претседателот Киро Глигоров и се обрати на јавноста во негов стил, општо прифатлив за широките маси со изрази на загриженост, со желба да се надвладеат теснопартиските интереси, а се со цел да се зачува Сојузот, чиј што евентуален распад, може да има сериозни последици на внатрешен и на надворешен план. За жал, расколот беше од такви размери што апелот на господинот Киро Глигоров не вроди со плод. Ке си земам за слобода да го изразам своето задоволство во врска со повторното обраќање на претседателот господин Киро Глигоров дека доследно ќе ја обавува функцијата на Претседател на сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната партиска, национална или било која друга припадност, независно од постојните состојби во Сојузот.

Дами и господа, пратеници денешната расправа за реконструкција или поточно речено избор на нова Влада, впрочем е директна последица на кризата во Сојузот за Македонија. Во име на партиите што ги претставувам и во мое лично име како пратеник во Собранието на Република Македонија, не сакам да учествувам во тие конфронтации

нити пак да пресудувам во интерес на овој или на оној политички субјект. Впрочем и кризата во Сојузот и нејзиниот расплет е во рацете на нејзините актери. Не на влегувајќи во персоналниот состав на реконструираната Влада, тоа е всушност во доменот на премиерот и коалиционите партнери, ниту во комбинаториката на одделни ресори, оваа Влада е класично политичка влада со јасно дефинирани партнери и дефакто прецизно лоцирање на одговорноста.

Морам да напоменам дека како политички субјект бевме подготвени за секаков дијалог со актуелната извршна власт. За жал, и покрај нашата спремност, преку дијалог да ги решаваме посебните проблеми, актуелната власт не покажа интерес за решавање на проблемите, ниту во изминатиот период, ниту сега во консултациите за реконструкција на Владата. Поаѓајќи од тој факт, како и од фактот за нерешените бројни проблеми на националностите, а пред се на турската популација, маргинизирањето на турскиот етност низ бројните законски проекти, нерешавањето на бројните проблеми во образовната, социјалната и кадровската сфера, игнорирањето на желбите за почести контакти се доволна причина да не го поддржам овој состав на владиниот кабинет. Мултиетничката, мултиконфесионалната и мултикултурелната структура на Република Македонија, не ги оправдува исклучиво математичките параметри во конституирањето на структурите на власта. Ова, дотолку повеќе зошто политиката не е математика туку уметност на можното. Маргинизирањето или обратно фаворизирањето на овој или ној политички субјект, само заради моменталните политички потреби, долгорочно може да има и сериозни негативни последици. Секогаш сме биле спремни да поддржиме било каква реконструкција, како последица на нереализирање и застој во реализацијата на целите и задачите на владината стратегија, за стабилизација и развој на земјата, со точно дефинирање на причините и прецизно лоцирање на одговорноста.

IV/8.-

И на крајот, би била политичка иматурност да се поддржи Влада во која не се коалицира, ниту во крајна линија во која нема претставник во турската националност. Меѓутоа, бидејќи главната причина е расколот во Сојузот, не сакајќи притоа да го фаворизираме |овој или оној политички субјект, јас се воздржувам од гласаше за изборот на оваа Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, досегашната Влада во која убедливо мнозинство имаа министрите од СДСМ, владее веќе 14 месеци, што заедно со претходната Влада во кое исто така мнозинството го имаа министрите од СДС е период речиси од четири години. И покрај повеќегодишните ветувања за реформа во системот на државната управа која ќе одговара на новите демократски процеси, Владата досега не презела никакви конкретни чекори. И денес повеќе од пет години од воведување на плурализмот во Македонија, немаме нов систем на државна управа, кој би одговарал на промените на општеството и кој ќе придонесе за јакнење на демократијата. Сегашната поставеност на државната управа е идентична со претходниот систем, па дури би можело да се каже е и доста полоша, особено во поглед на спојување на државната управа со една партија. За разлика од некои посткомунистички земји каде се спроведени или се спроведуваат реформите во сферата на државната управа, согласно овие нов демократски текови, кај нас во овој поглед не е направено речиси ништо.

Од досега очекуваните и најавуваните нови закони пред се за државната управа, за државните службеници и други закони и подзаконски акти засега ни трага. Притоа се поставува прашањето – зошто тоа

така. На кому тоа му одговара и што е последицата од сето ова? Наспроти залагањата на Претседателот на државата во обраќањето пред овој Парламент, непосредно по неговото конституирање за трансформација на органите на управата во вистински сервис на граѓаните, присутно е се повеќе избирање на луѓе во органите на државната управа според партиска определеност, односно припадност, најчесто според припадноста на СДСМ, наместо вработените во државната управа да се избираат по конкурс според нивните квалификации, способности и по претходно проверување, односно тестирање на нивното знаење, по пат на тестирање од страна на објективни независни стручни комисии, по претходно строго утврдени критериуми. Со ова би се истакнало на челото на достапноста на секое работно место во државната управа на секој граѓанин и многу наши стручни способни млади кадри ќе можат под еднакви услови да конкурираат на секое место а не почнувајќи исклучиво од технички и помошни работници па се до најодговорни места во државната управа, вработените се избираат по волјата на едни потесни групи,во рамките на, најчесто, една партија. Истото важи и за унапредувањето во државната управа што треба да зависи од стручноста, компетентноста, резултатите во работењето и повремена проверка на знаењата по пат на тестирање и сл.

Ние немаме посебни образовни институции за школување на државната управа, односно администрацијата, но имаме многу стручни млади луѓе кои што можат да ја понесат одговорноста и оваа задача за реформа на државната управа.

Почитувани пратеници, Либералната партија и нејзината пратеничка група доследно ќе се залага за реформите во државната управа во посочениот правец. Досегашното дејствување во спротивен правец, не доведуваше и ќе не доведува во состојби, секоја влада и секој

министер, односно секое друго именувано лице да именува своја државна управа, а особено по промената на изборните резултати. Дали можеме да го дозволиме ова. Дали наша^а мала држава може да го поднесе ова и каде ќе не одведе сето ова!? Наместо реформа во државната управа и покрај тоа што повеќе пати се најавуваше и вербално се прифаќаше, Владата воопшто не помислува да отпочне со изготвување на акти и отворање на овој процес, односно донесување на означените закони од оваа сфера.

V/1/ПЈ/лј

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**:(продолжение)

Наместо реформа денес имаме чести смени на вработените во државната администрација, поради т.н. формулација на задоволителни резултати во работењето без било какво образложение, односно хоризонтални и вертикални и слични поместувања на службата. Ова создаде вистински и хаос во државната управа, страв кај вработените во управата, кои плашејќи дека и тие можат да бидат сменети без било какви причини, не можат квалитетно да ги извршуваат своите службени обврски. Сето ова се одразува и на квалитет на законите и на подзаконските акти кои ги изготвува државната управа. Истите често се укинуваат, односно поништуваат од Уставниот суд на Република Македонија. Во нив се содржани низа причини, низа правни празнини кои се пополнуваат со усни налози на претпоставените, кои предизвикуваат различно толкување што секој поединец во управата и се јавува вистинска шареноликост во спроведување на прописите спротивно со некои општо познати правни принципи, како што е почитувањето на принципот на забрана на повратно дејство на прописите предвидено во член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија и кршењето на принципот на двостепеност во одлучувањето, односно во управна постапка и слично. Како пример ќе посочиме само тоа дека во земјите со развиена парламентарна демократија точно се знаат условите од кои можат да се разрешат инспекциските органи. Тие се доста рестриктивно поставени. Со тоа се овозможува нивна независност и објективност. Обратно од ова кај нас се разрешуваат и поставуваат преку ноќ без образложение без никаква постапка. Метод на работа што потсетува на дамно минати времиња. Разрешените државни службеници за своето сменување најчесто дознаваат од прес конференциите. На овие присутни појави либералната партија често пати укажуваше на повеќе начини, преку своето партиско делување, преку пратеничка група во овој, а и во изминатиов состав на парламент и преку своите министри во

V/2.-

Владата. Затоа, во рамките на платформите на заедничко делување на Владата истакнуваше конкретни решенија кои покрај тоа што беа секогаш само вербално прифаќани од страна на СДС и нејзините министри, во праксата речиси никогаш не беа реализирани. Да се потсетиме само на еден сегмент од ова. Пред десетина месеци при донесувањето на законот за МВР на укажувањето на Либералната партија дека голем дел од општата управа како што е по систематизација на МВР, или шалтерски служби, како што потценувачки на една прес-конференција нарече еден сега веќе поранешен министер од редовите на СДС, дека, оваа служба треба да се издвои од МВР, како што се службите на пример, за издавање на патни исправи, кои во најголем дел на демократски земји се издаваат по министерствата за надворешни работи, матичните и други служби, дека овие служби треба еда се издвојат од МВР во посебен сервис,односно служба или пак дирекција надлежниот министер изјавуваше дека забелешките на Либералната партија ги прифаќа, но дека тогаш не беа оспособени другите служби, другите министерства, или некои други заводи, дирекции да ги вршат овие активности и дека веднаш по донесувањето на законот за МВР ќе отпочнат овие активности. Но, до денес ништо во овој поглед од страна на Министерството за внатрешни работи, ниту пак од Владата не е сторено, ниту пак се понудени некакви решенија. Сите досега најавуваните реворми за Владата во која има мнозинство министри од СДС за рационализација на државната управа завршуваа со масовни нови вработувања без критериуми за стручност, но со други критериуми најчесто критериумот на блискоста или припадноста кон една партија.

Да се потсетиме само дека од 64 илјади вработени кои примаат плата од Буџетот во средината на 1994 година, на крајот на 1995 година овој број е зголемен на 68 илјади. Кај нас се поставени работите така што само министрите и замениците, како и некои други раководни лица се избираат и именуваат како политички функционери. А сите други,

V/3.-

почнувајќи од потсекретарите, помошниците министри итн., треба да бидат деполитизирани. Но, во праксата не е така. Немаме се уште јасна граница, а тоа треб ада биде утврдено со Законот за државната управа кои раководни места се политички функции, а кои се деполитизирани и треба јасно да се посочи и уреди со закон, а не под плашат од на деполитизација и деполитизираноста на функциите што се крие припадноста односно партиската припадност.

И во воведното излагање на премиерот е напомнато дека досегашната Влада не отпочнала со никакви реформи во државната управа, што е поткрепа на ова што е досега кажано, а и не е јасно како може да се направи ефикасна управа со многу ниски плати, кои што ги имаат, а за жал овие државни службеници од оваа година се лишени од регресот за годишниот одмор т.н. К-15. Во низа закони кои беа спомнати во експозето воопшто не е спомнат законот за државната управа, како и некои други закони, па не е јасно како може воопшто да отпочнат овие реформи.

Почитувани пратеници, сето означено покажува дека во свеста на државната управа постојат големи концепциски разлики помеѓу двете партии, пред се Либералната партија и СДС.

Либералната партија ќе се залага за темелни и радикални форми во сферата на државната управа без кои нема вистинска демократија, без кои нема вистинска демократизација во нашата држава и ќе врши силен притисок врз Владата да се создадат почетни услови за нејзина форма и трансформација, како што е тоа во други демократски земји односно земји со развиена парламентарна демократија. Почеток на ова би значело пред се донесување на нови закони за државна управа, државни службеници, законот за управна постапка, за управни спорови и некои други прописи. Доколку јасно се утврдени правилата за делувањата на управата и се обезбедат предуслови за нејзината независност, стручност и ефикасност, нема да има потреба, како што тоа

V/4.-

неколку пати се случуваше за одредени активности на управата да се бара политичка поддршка и истите активности да бидат диригирани од политички центри. Без реформите во управата и без јасно разграничување на законодавната извршната и судска власт не може да има вистинска демократија. И ова разграничување е круцијално прашање за демократијата. Без ова и без оглед на било која политичка партија партиципира во власта, без расчистување и разграничување не може да има демократија без оглед на која партија ќе дојде на власт и која ќе партиципира. Исто така, сите овие ставови на Либералната партија беа содржани и во изборната платформа на Либералната партија и истите беа понудени на СДС, но истите покрај вербална поддршка фактички беа отфрлани со што се сакаше одржување на статус-кво состојба.

Либералната партија смета дека означените реформи во државната управа не може и нема да ги спроведе и тоа е една од повеќето причини кои се напоменети и кои ќе бидат напоменати, заради тоа што не ја поддржаа предложената Влада. Од означеното, предложената Влада не ја поддржувам и нема да гласам за неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојановски, процедурално.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе, на Собранието, дами и господа пратеници. Веќе пет години од оваа иста говорница овде со оглед на фактот дека ова Собрание за сите тие пет години нема изградено до крај процедурални правила за работа на парламентот или ан неговите тела, работата често ја регулиравме на овој дом со толкувањето на претседателот на Собранието,на Деловникот. Веќе цели пет години, ме интересира, кога од оваа говорница ќе се спомнеше партија или ќе се излагаше партиска програма, претседателот на Собранието во име на тие процедурални правила кои се на сила интервенираше и ги прекинуваше говорниците и ги упатуваше на јавни

V/5.-

митинзи и на трибини да ги излагаа своите партиски програми и своите партиски визии.

Денес на оваа седница, веќе втор говорник каде упорно некаде на 15 пати, наместо парламентарна група на Либерална партија употребува Либерална партија и ги изложува партиските програми, претседателот не интервенира. Ме интересира за понатамошна работа на Собранието, дали тоа процедурално правило важи се уште што се применуваше пет години, или денес ќе го менуваме за да бидеме во иста положба сите пратеници во оваа сала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира кога разговараме за законите, проектите овде, тогаш сигурно дека пратеничките групи разговараат. Но, кога се создава политичка Влада од коалиција на партии и кога се раскинува една коалиција на едни партии со други, нормално да се разговара и за партиите на таа седница.

Г-дине Стојановски, не расправаме за тоа, вие барате толкување, јас ви го дадов. Седи те си сега, седете...

Г-дин Сејфедин Харуни,.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани господа пратеници, почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитувани идни министри членови на Владата на Република Македонија.

Денес имаме пред себе. на дневен ред Предлог за именување на министри и заменици на министри на Владата на Република Македонија, во меѓу редови заправо е и поддршката на премиерот на Владата Бранко Црвенковски. Јас ќе гласам за предлогот на претседателот на Владата Бранко Црвенковски и по оваа прилика ќе се осврнам на дел од проблемите кои се во надлежност на Владата на Република Македонија.

Проблемот кој нас не опседнува е универзален и посебен, траен и актуелен, функционален и програмски, културен и политички. Но, ние заплисната во море проблеми во кое што се наоѓаме како општество, а пред се сме свртени кон за опкржување на самостојна и независна држава Македонија, со модерен систем и со соодветни односи, денес во реконструкција на Владата на Република Македонија воедно и поддршка на г-дин Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија јас лично го поздравувам.

Во моето излагање во моментов да не ме сметате поголем католик од папа. Зошто сум за предлогот на премиерот Бранко Црвенковски.

Прво, во Република Македонија не излезе на виделена поединец или некоја друга политичка партија која нудеше алтернатива од која човек можеше да биде позадоволен,

Второ, Бранко Црвенковски дојде на чело на Владата на Република Македонија прилично млад, во време кога на Република Македонија и беше најтешко. За тоа тешко време не сакам да елаборирам, поради тоа што сме сведоци на многу нешта и настани што се случија во Република Македонија и во бившите ЈУ Републики. Во тоа време г-дин Црвенковски направи храбар чекор кога секој бегаше од таа одговорност. Младиот премиер Бранко Црвенковски свесен за можните последици го зеде ризикот врз себе. Се покажа со доста државничка мудрост и дипломатска локација во овој дел на балканскиот крстопат.

Со ваков премиер вреди да се влегува во ризик. Трето, му давам поддршка поради започнатите демократски процеси, поради започнатите позитивни работи кои се во тек, поради самиот факт што веќе на виделина се низа успеси и здрави почетоци.

Далеку од тоа да си крајно задоволен, свесен сум дека можело повеќе, можело и подобро. Во овој состав на Влада имало и недостатоци. Имало недостаток на смелоста кон демократските процеси во интерес на демократијата во интерес на сожителството. Демократски

сили во Македонија и од нив очекував да се стави точка на одредени проблеми и недоразбирања кои ги ставаат под сенка градењето на заедничката иднина на мултинационална држава како што е Република Македонија. Не значи дека на тој план доцниме. Тоа е можно. Ни претстојат доста проблеми, но јас на денешната седница на Собранието ќе се обидам да елаборирам за еден реален проблем, кој нас не засегнува сите овде, па и пошироко, проблем кој е од интерес не само на нас албанците. Туку и државен интерес на Република Македонија. Тој проблем за кого ќе се обидам во мојата скромна дискусија да елаборирам е високото образование на националностите на својот мајчин јазик, кој минува речиси незабележан, оставајќи го него во својата трагична состојба во која е доведен со уривачка страст и интелектуална негација, најповеќе со отворањето на вистината и со деградирањето на правото за високото образование, конкретно на албанците во Република Македонија. Универзитетот во Тетово - куќа на сознанието на вистината и на доблестите. Владата на Република Македонија со својот став си сака да ги нарушува фундаменталните принципи со албанскиот народ во Република Македонија, кои низ векови биле добри. Универзитетот во Тетово успева да ги сочува себе си на спроти сите ли кои го атакуваат неговиот научен авторитет.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (продолжение)

Оваа е најголема општествена грешка спрема Универзитетот во Тетово и негова голема школа; тоа мора да биде негов мементо.

Образованието не може да биде ничии слуга , тоа може да биде само свој сопствен вредносен и дејствен господар. На секое ниво, а особено на широкото и апсолутно вистинит универзитетско ниво, неговата единствена цел може да биде само науката, науката како страст единствена вистина, како единствено оправдание и извор на иманентната критичност. Врутоците може да ги има во широчината на природата и на човечкото постоење. Негов единствен валиден метод може да биде само меѓусебно уважување на високите човечки, дејствени настојувања. Неговите единствени односи можат да се засновуваат само врз универзалноста на светот, врз духот на поврзувањето и на новите интеграции. Единствените вредности на Универзитетот во Тетово можат да му бидат:врз,способност, меѓународен и личен натпревар, светска етносот со тек на времето и само отвореност.

Сето што не е ова , што е надвор од оваа,што сака нешто друго освен ова сиот вриеш од несоодветни решенија во системот се показ и доказ за владина криза и поширока општествена криза. Истовремено се и елементи  - кои него -доколку работите не се изменат - забрзано, повеќе страно ќе ја зголемуваат, интензивираат, продлабочуваат, водејќи без никакво шегување кон страшен колапс на сложениот образовен механизам кој не ќе може да ги издржи болестите на својата нездрава, погрешна, закатанчена егзистенција.

Грижата, неспокојството, кои толку ја опседнуваат младината со еден нов егзистенцијалистички бран, се наша духовна ситуација и не

само наша духовна ситуација туку и широк општествен интерес.

За Универзитетот во Тетово, Владата на Република Македонија ја искажа својата гранична ситуација. Постоењето според автоматизам не може да биде сообразно со овој висок егзистентен сегмент на животот каде што не само дејноста е мисла, туку мислата е услов и тема на неговото постоење, а суштествената отвореност и соработка со другите два универзитета во Република Македонија и пошироко со другите универзитетски центри низ Европа и светот е единствен негов крвоток.

Затоа загриженоста за состојбите на Универзитетот и барањето решение за нив е манифестација со повеќе достоинство и доблест, за по-лесна комуникација со другите луѓе и другиот свет низ средба со нај-високите вредности, за свест и одговорност за секој дел од животот,за секој чин и секоја личност за универзална и суштествена одговорност.

За сите луѓе во светот па и за нас албанците, етиката е манифестација на битието и на неговото право на соодветен однос на луѓето спрема својот живот и светот.

Впрочем, и во модерното време, секој нов почеток почнува со борба за вистина, но и за преиспитување и ново моделирање на Универзитетот на соодветната заедница. Тоа не чека и нас во Универзитетот во Тетово.

Меѓутоа, Владата на Република Македонија на чие чело стои г-дин Бранко Црвенковски, најнапред треба да констатира вистинската состојба на универзитетот во Тетово. Што е тој? Што работи? Зошто постои? Што остварува? Во какви услови работи? Во каква ситуација е? Како ги извршува своите задачи? Колкав и каков ќе биде неговиот производ? Што ќе се случи со неговиот производ - со научните сознанија и со стручњаците што ќе ги создава? Каква ќе му биде продуктивноста? Како ги пренесува сознанијата? Како се однесува спрема образованието и напредувањето на своите кадрови? Што дава и што бара?

VI/3.-

Сите овие и уште многу други неопходни , општи или поспецифични прашања ја плетат мрежата на размислата и на сознанијата за реконструираната Влада на Република Македонија на чие чело е г-дин Бранко Црвенковски.

Истовремено, како и на секој општествен и културен крстопат., е очекува да расчистиме со нашите заблуди: дејствени, организациони и економски, социјални, политички и културни и посебни научни и образовни.

Првата од редот на заблудите што виси кај нас е дека за албанци е науката не е нужна, дека тие можат и без неа, во колку го сакаат а, можат да го обезбедат не на свој јазик.

Втората заблуда е за албанците науката е невообичаена дејност сппецифична и модерна работа.

Трета заблуда е дека студирањето не е функција на интелектуалните вредности, туку на еден избор од нив или од некои пониски вредности - според неприкосновени и необјасниви критериуми и волунтиризми.

Четврта е дека Универзитетот во Тетово се воведува паралелен систем на образованието надвор од единствениот систем и надвор од институциите на системот.

Петта заблуда е дека со Универзитетот во Тетово се нарушуваат меѓу едничките односи во државата и води кон конфликт меѓу Македонците и Албанците, косовизација и албанизација на Западна Македонија и др.

Шестата заблуда е дека досега никој не се обиде со научно фундирани аргументи да ја оспори потребата од високо образование на националностите во Република Македонија. Некои што се обидуваа да несат вистина во тоа, тврдат дека со тоа Албанците ќе се гетоизираат,

што едноставно не е точно. Може да се гетоизира само необразована и изолована средина која е надвор од сите општествени текови и др.

Универзитетот во Тетово поставува максимални барања како и другите два универзитета во Република Македонија, тој е идеален за аксиолошки мошне цврстите и возвишени дејности какви се науката и образованието, кои претставуваат артикулирање на истовремено најдобар и сопствен пат. Но, и кога непристрасното оценување може да биде со помали амбиции, сепак останува функционалната вистина, и заблудите сами по себе паѓаат, дека Универзитетот во Тетово со скромни функции и резултати, без придружни димензии на модерната вистина и на настојчивоста за комуникација со доблесната современа наука, ќе станат пречка за своите развитоци.

Затоа прашањата и одговорите во овој трет универзитетски проект се уникатно обмислени како да се замисли и врз какви основи вреди да се реформира Универзитетот во Тетово, како тој да стане во институциите на системот и да ја оправдува општествената потреба, за што на реконструираната Влада и престојат за решавање.

Универзитетот е еден од дострелите и начините на современата антропологија, еден од главните делови на современиот социјален организам и еден од главните носачи на неговото егзистирање.

Во социјалната трансформација во која што се наоѓаме неодложно е потребно преобразување на сите витални сегменти, меѓу кои, за нас Албанците, посебно значење има Универзитетот во Тетово. Неговото вклопување во институциите на системот е една од првите сериозни задачи на реконструираната Влада на Република Македонија.

VI/5.-

Принципите и модусите за прием на Универзитетот во Тетово во институциите на системот, односно во единствениот образовен систем на Република Македонија ќе се одразат врз процесите на генералната трансформација на Република Македонија, што може да биде само образец за сличните многубројни земји, модерни демократски општества, динамични, одговорни и успешни општества.

Се очекува повеќе, помодорен и за новите времиња поплаузибилен одговор на клучните прашања на Универзитетот во Тетово, низ него новото време и новото македонско општество треба да проговорат за стварноста, за природната потреба и право на Албанците, за човекот и за општеството, за отвореноста на битието. Универзитетот за секого е свест па и за нас Албанците тоа е свест на општеството. Неговата перспектива се согледува само низ перспективата на овие најдоблесни одговори. Како тој господине претседателе Бранко да се прави без некои задни амбиции и намери? Одговорот сака да биде и потраен. Практицизмот во смисла на парцијална и сукцесивна адаптација само ги од- лага вистинските одговори и решенија.

Се се менува во животот, економијата и политиката исто така но Универзитетот останува. Во основата Универзитетот во Тетово треба да биде изграден така што да остане за сите нас македонци, албанци и др. да остане имун на политичките мени, тие да не ги зафаќаат неговите персистентни принципи.

Радикализмот не е дух на епохата. Наспроти уверeноста дека може да се смисли најдобро нешто ако се нема образец, или доколку за образец се зема најрадикалното решение - најдоброто решение секогаш е она што дава најдобар резултат во најдолго време, совршенство, класичност, принципиелност. И европската и светската ориентација на нашата нова интеграција ќе водат кон уважење на дејствениот и

темпорален квалитет. Се работи за дух. Време е на промени, но не такви менувања кои ќе инаугурираат односи и култура како човечка доблест од потраен карактер.

Почитуван господине претседателе на Владата на Република Македонија, почитувани членови на Владата на Република Македонија, дами и господа пратеници.

Универзитетот сака и мора во новиот свет да биде специјално значаен. Науката и образованието се човечки пат посебно за нас Албанците, за изворно откривање на светот, за доблесност, конкурентност, за создавање проекција, за творештвото, за лична и општествена повеќестрасност, широчина и длабочина.

Универзитетот во Тетово како и другите универзитетски центри во земјата и светот е културна, не само наша најголема и најзначајна културна институција, туку институција со свој дух. Треба да се обноват и продлабочат неговите културни мигови, неговиот живот како етика и страст, како идентично минато, сегашнина и иднина на другите два во Република Македонија и пошироко во Европа и светот и на нивната борба против секакви огради и ѕидови, за оствареност.

Во служба на младината и на иднината лежи чудната восихитувачка мистерија и извор на огромната сила на Универзитетот.

Господине Бранко Црвенковски Ваше е да го примите Универзитетот во Тетово во фамилија на другите универзитетски центри што ги имаме во Република Македонија, додека за Универзитетот во Тетово најголема надеж е да успее да ја возобнови во себе сликата за себе, идејата за својата задача и внатрешен повик, а неговото настапување да биде достоинствено и животно успешен.

VI/7.-

Универзитетот во Тетово е еден исклучиво меѓузависен дејствен и културен систем. Во него секоја клетка е во корелација со другите, состојбите на сегментите меѓусебно влијаат, а секое решение се одразува врз сите елементи и врз целината на системот, па така и врз ефикасноста и квалитетот на дејствувањето.

Тоа беа согледбите и идеите на интелектуалците Албанци кои не водеа во овој проект за уште еден трет универзитет во Република Македонија.

Битието на Универзитетот во Тетово изразува три негови определувачки основи и никакви други: I науката е негова дејствена цел а со своите содржини и високи цели таа е животна определба на универзитетските дејственици и принципи и супстрат на образованието и на воспитниот процес на универзитетот II високообразовниот процес е вид и форма на врвно образование; и III научното сознание има универзален и интернационален карактер.

Универзитетот во Тетово основан со задача за создавање на научно и високостручен кадар за стопанството, образованието, културата, администрацијата во перспектива за сите општествени дејности на македонското општество.

Задачите на Универзитетот во Тетово не можат да бидат поголеми од она што тој може да го стори, а ни помали од она што е потребно и што тој мора да ги направи. Тие се, пред се, определени од суштината на современата цивилизација како научна, културни процеси, овие задачи се во корелација и со нагласената ослободителна свест и функција на човекот и со големите можности на неговата дејност за подобар и подостоинствен живот и поголема слобода.

Низ оваа перспектива погледнато, Универзитетот во Тетово е должен најмалку да провери и да се праша кои се неговите доблести, за да ги чува и унапредува, а кои се' неговите негативности, за критички и самоодговорно да ги согледа и надмине.

Во случајот на Универзитетот во Тетово, заради неговата специјална положба, задачите се уште побројни и понагласени. Тоа е еден од чинителите и треба да биде една од вредните потпори на самостојноста на македонската држава, особено во изгледувањето од криза која е и причина и последица на проаѓањето на поранешниот општествено - економски и политички систем.

Потребите на Универзитетот во Тетово произлегуваат од неговата материјална основа, организација и кадровска оспособеност и од она што нему уште му е потребно за да може да одговори на задачите кои треба непосредно да ги извршува, но и на оние за кои треба да се подготвува, бидејќи тој природно постои и живее со поглед и насоченост кон иднината, која од него повеќе очекува и ќе бара отколку денешнината. Тоа може да се остварува само доколку Владата на Република Македонија на чие чело стои претседателот г-дин Бранко Црвенковски го земат во единствениот систем на образованието на Република Македонија и да остварат можности Универзитетот во Тетово како и другите два универзитета во Република Македонија да придонесат за длабока афирмација на рационализмот, на научничката концентрираност, со што ќе се отворат перспективи за афирмација на трудот талентираноста, вештината, вербата во можностите на човечкиот ум. Тој не одгледува илузии, туку идеали, не се самоволни и самозалажува, туку се преиспитува и дејствува.

VI/9.-

Универзитетот во Тетово во овој свој миг и во овој миг на македонското општество, мора да ги изрази заедно карактеристиките на еден модерен универзитет, кој ©е состојат, пред се, во себе-приспособувањето на предизвиците и на барањата на времето.

Според својата суштина, Универзитетот бавно се менува; но несе време Универзитетот во Тетово да биде конзервативна институција, тој мора да предначи во избор, не дозволувајќи да го згази времето. Неговото признавање станува еден од битните услови за македонското отворено општество.

Од суштината и трајните својства и од посебните општествено-историски околности, задачи и потреби, мора да произлегува и политичката на Универзитетот во Тетово како дејност и организација, како и насоките и неговата активност за својот сопствен развој кон модерен и ефикасен научен и образовен организам врз согледаните нужности, потенцијали бара. најдобри на потребни и неодложни решенија. Досега се јавуваа такви ниски решенија кои го навредуваа неговиот морал, смисла за правда, чувство за вистина и универзалност, дух на правилност и современост. Општествените решенија за него се донесуваат без него, наспроти него. Тој за дел од македонската јавност не е отворен, туку затворен и кому му оди сето тоа во прилог?

Во состојба. сме да ги согледаме и надминеме овие тешкотии. Потребни се согледувања на вистината, анализи, идеи, компарации, предлози за поправање, јавна расправа и обединување околу позитивните решенија, превземање мерки.

VI/10.-

Мора да се лоцираат главните проблеми, најзначајните и незаобиколливи точки: мора да се иницираат решенија и сили кои ќе ги спроведуваат како своја заинтересираност и настојување, другото ќе дојде со нив.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Би бил убав плодотворниот контакт за изнаоѓање позитивно решение, јас во тоа сум убеден дека во Владата на Република Македонија има луѓе спремни да се носат со вакви и слични проблеми. Никаде во светот не се цени незнаењето. Незнаењето може да има и нација и индивидуа. Перспективата е во мирот и во отвореноста. Мина времето на револуции и закатанченоста.

И на крајот, нужно е иднината да не се остава на фаталноста, туку се да се создава, а ние да ја создаваме заедно иднината

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ќе мораме малку да прекинеме со работа.

Повикајте го премиерот, ве молам, не можеме да расправаме за избор на Владата која ја предлага а тој не е тука. Нема субјект со кого расправаме. Сите други се само кандидати. Ќе почекаме да се врати премиерот.

Ја прекинав седницата, господине Стојановски (му се обраќа на пратеникот Наќе Стојановски), ќе ви дадам после збор.

(Мал прекин на седницата во очекување во салата да се врати премиерот Бранко Црвенковски).

Продолжуваме со работа.

Господинот Стојановски бараше процедурална интервенција.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во досегашната парламентарна практика во овој законодавен дом, говорниците од оваа говорница кога ќе употребеа некои противуставни термини, особено од државно - правен аспект, претседателот на Собранието интервенираше, ги опоменуваше и отстрануваше од

говорницата. Мислам дека тоа го правеше со право. Во конкретниов случај претходниот говорник неколку пати употреби противуставни термини како албански народ итн., претседателот на Собранието не интервенира. Ме интересира дали !Го измени својот став во однос на почитување на Уставот или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, господинот Стојановски од мене побрзо интервенираше, инаку ќе интервенирав.

Има збор г-дин Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Сега најпосле, нели, имаме нормални услови за работење. Јас би рекол ова е ретка прилика вака во овој парламент тука цело време да биде премиерот, кандидатите за министри и ние да имаме шанса да ги кажеме своите мислења, да укажеме на грешки и недостатоци и да предложиме и дадеме предлози за излегување од одредени состојби во кои се наоѓаме како држава. Од ова произлегува дека е добро да имаме чести реконструкции, па почесто би се собирале тука и би имале прилика подетално и слободно да расправаме за многу проблеми.

Реконструкцијата на оваа влада во државата предизвика доста така да кажам живост, некои околу целата таа работа се забавуваа, некои беа потресени, некои очекуваат што ќе се случи во целата таа ситуација. Премиерот рече а и јас се согласувам со тоа дека ние сме млада парламентарна држава и дека се уште не сме навикнати на вакви промени, на промени какви што во светот често се случуваат. На пример, во една Италија, сеедно, владите се менуваат, меѓутоа таму целиот

систем веќе поставен со години на здрави нозе, тој функционира без влада. Со право кај нас луѓето се загрижени кога ќе се нарушат одредени политички состојби затоа што кај нас целокупната структура во државата се уште не е изградена, не функционира посебно судската власт. И јас како човек, еве, следам два месеци, сам не можам да дојдам до заклучок што се случува. Јас не ги прифаќам оние мислења рекла - кажала, туку размислувам поаналитички во кои правци ние имаме разлики, во идејни, политички, стопански или во една така да кажам поголема борба за власт. На иден план за овие четири - пет години не видов дека многу се разликуваме, произлегуваме од едно исто извориште, од една иста средина, учевме исти школи и тие луѓе сме, само се прогласивме дека некој е на центар, некој е до центар, некој е лево, некој е десно итн. Инаку, не гледам дека некаде идејно се разликуваме.

Во Парламентот мене многу ми пречеше, навистина тоа го кажувам дека ние настапувавме како една партија. Многу малку ќе се видеше некој критичен приод на работите. Главно се донесувавме едногласно, гласавме едногласно и не се чувствуваше во парламентот дека имаме парламентарна опозиција. Ние имаме опозиција, но таа е надвор од парламентот и таа нема влијание овде. Можеби од тој аспект е и добро одделни партии веќе да излезат од овој, јас би го рекол во наводници, еднопартиски систем и полека идејно да почнеме да се разликуваме и да почнеме да се диференцираме кој каде лежи со своите размислувања, програми итн. Тука и светот може полесно да не одвојува, а и светот да гледа дека кај нас навистина владее еден парламентаризам и една парламентарна демократија. Во тој правец на моите колеги им сугерирам да бидеме трпеливи кога имаме различни мислења по различни прашања. Тоа е всушност и парламентаризмот.

На политички план не би рекол дека имаме разлики и на внатрешно - политички план и на надворешно - политички план. На внатрешно - политички план ги немавме затоа што тоа се покажа за сите овие години заеднички дејствувавме во донесувањето на најзначајните закони во државата, Уставот и другите закони, на надворешно - политички план јас мислам дека и најмногу успеси постигнавме и никојпат немавме различни сфаќања од тоа.

Многу размислував дали на економски план не падна овој наш сојуз, затоа што на тој план, а на така да кажам, не постигнавме ништо позначајно. За овие години како е независна оваа држава Република Македонија, имавме неколку програми, стабилизациони програми, програми кои носеа реформи. Во однос на тие програми како партии немавме различни настапи ама имавме различни гледања и настапи како луѓе, како пратеници. Добро се сеќавам, првата програма која ја донесуваше првата Влада, која главно беше составена од академици, сега нема академици, има најмногу професори, тогаш еден број на стопанственици, од кои некои и денес седат тука, ние укажавме на погрешниот приод на таа стабилизациона програма од аспект на нејзина реализација и последиците кои може да ги предизвика една таква стабилизациона програма. Тоа беше еден наш критички приод кон таа работа. Програмата беше работена од почитувани професори, меѓутоа, во неа беа внесени многу теорија, а многу малку пракса. Беше внесена онаа теорија која владее во одделни западни школи, која ја прифати Меѓународниот монетарен фонд во своето однесување, каде што тој учествува во стабилизации на одделни земји. Ние уште тогаш укажавме, а тоа денес го кажувам, за да може оваа Влада нешто во тој поглед да исправи, а не да кажам дека ние бевме во право, па еве тоа се потврди, туку може ли нешто оваа влада да направи одре- дени корекции, одредени исправки за да може во оваа хаотична состојба во која се најдовме да почнеме некако да излегуваме. Главното мото на

стабилизационата програма беше стабилизација низ финансиски рестриктивни мерки. Финансиски рестриктивни мерки со снажна рестриктивна кредитно - монетарна политика, со покривање со кредити на дефицитот на буџетот, а ние се залагавме за една многу помирна кредитно - монетарна политика и не за покриваше на дефицитот на Буџетот, туку за покривање на дефицитот во платниот биланс на земјата.

Понатаму, начелото на таа програма, затоа што подоцна исто донесовме стабилизациона програма која многу личеше на таа првата, беше по брз пат да се дојде до пазар и пазарни услови на стопанисување. Ние уште тогаш укажавме дека до пазарот не се доаѓа со декрети, со одлуки, ние тоа го зацртавме нели и во Уставот и кон таа цел мораме да се движиме, но тоа не може да се направи со една, како што честопати се употребува, шок - терапија. Тогаш укажувавме дека укинувањето на рефакциите, на премиите во извозот може да донесе до големи проблеми во платниот биланс, а исто така да опадне во голема мера извозот и нашето присуство на странскиот пазар. Ние знаеме и бевме свесни дека либерализација мора да се направи во земјата, ако тежиме кон пазарно стопанство, но со тоа да се оди многу полека. Ние исто така укажавме дека на ова стопанство и понатаму му треба заштита, затоа што тоа не е на такво ниво како што е развиеното стопанство, посебно на Запад, за да може да издржи таква снажна конкуренција, каде техничко - технолошките услови се сосема високи и каде што има огромна продуктивност. Ние повеќе предлагавме да се оди во инвестиции и да се оди во вработување. Сега сите ќе кажете, ама арно е тоа да се рече, но како. Тогаш уште рековме дека ние не можеме да одиме во големи инвестиции во тој период, но затоа рековме дека стопанството се уште располага со акумулација, за да почне да инвестира во помали погони, во помали објекти, во помали инвестициони

зафати и вишокот, технолошкиот вишок од работната сила што се наоѓаше особено во големи системи таму полека да се префрлува, а исто така да се вложуваат инвестиции во малите објекти во малото стопанство за вработување. Тоа практично ние не го измислувавме, туку тоа е оној модел што го применуваат земјите на Далекиот исток, и кој модел практично овозможува да не се јавуваат социјални немири, а исто така да се задржи едно индустриско ниво и една стабилност на индустријата во државата. За жал, не се прифатија ваквите наши укажувања, дојде до оние мерки кои што дојдоа, денес и јас не сакам да ги повторувам тие состојби во кои се најдовме, за тоа зборуваше и премиерот, тоа многумина и овде го кажаа, ние практично стопанството го доведовме на нулта точка, дното го достигнавме, тоа го кажа и премиерот, тешко е сега да ги активираме капацитетите, многу пари ќе треба, многу кредити, прашање е дали ќе се обезбедат такви средства. Јас многу сум скептички расположен во тој поглед и практично едно огромно богатство кое го имаше оваа држава го доведовме во тешка состојба. Тука е одговорноста на Парламентот, на владите кои што беа, на сите нас. Сите ние во тој поглед имаме големи грешки.

Јас би потсетил на уште еден наш пропуст, пропустот во однос на трансформацијата на општествениот капитал. За тоа неколку- пати зборував и денес ќе го кажам. Партиите беа едногласни, а голема грешка е, гледате, што го прогласивме работничкото акционерство за голем криминал во земјата. Се покажа дека нема никаков криминал и се покажа дека на тој начин најлесно ќе извршевме трансформација на општествениот капитал. Дами и господа, ние доживеавме тука пред десетина, петнаесет, дваесет дена да дојдат до Запад професори да ни држат предавања на наши професори, на наши директори, на наши синдикалци за работничкото самоуправување. Предавањата се држеа во

Охрид, а ние за таква работа за нив можевме да бидеме доктори да им држиме предавања. Но ние тоа го прогласивме за ерес и го ликвидиравме. Голема среќа е што таа грешка ја увидовме и договорот меѓу премиерот и претседателот на синдикатите за повторно работничко акционерство го сметам за решение кое во овој момент е најадекватно и кое може тие процеси да ги забрза.

Според тоа, ние мораме да внимаваме и мораме да размислуваме кога донесуваме вакви програми, а мораме и пошироко да ја консултираме праксата. Сите ние поминавме низ универзитетите, меѓутоа, кога дојдовме во работните организации знаевме многу теоретски, ама многу практично и многу време ни требаше да го сфатиме она што значи пракса, она што значи пари и она што значи излез од вакви состојби. Ако ги извлечеме овие заклучоци од нашите грешки, јас тие грешки не ги упатувам на еден човек и на една влада, тие се во еден низ кои се повторуваат, ние треба во тој поглед многу брзо да направиме пресврт. Прво, мораме да влеземе во длабоки реформи во државата и за тоа честопати сум зборувал, во сите сегменти, затоа што ние имаме огромна јавна потрошувачка. Нашата цел мора да биде и таа цел треба да ја поставиме и да ја разработиме, да направиме студии итн. јавната потрошувачка да ја намалиме за 50%. Мораме, затоа што друго решение немаме од таа ситуација.

Второ, бидејќи дојдовме до ваква ситуација, до длабока економска криза, веќе стопанството не може да обезбеди, да обезбедува акумулација, тоа е веќе истоштено, исцрпено, итн., на нашите министри на чело со претседателот на Владата основна задача треба да биде да се обезбеди свеж капитал. Ама не во таа работа да се задолжува државата како што досега пак што почнавме да правиме, па државата ќе ја направиме презадолжена. Да се задолжуваат стопанските субјекти на економски принцип и сето тоа да се одвива, да можеме да донесеме

такви решенија и закони и нашето однесување да биде такво за да го привлечеме и странскиот капитал. Ама ние се што правиме, за тоа ќе кажам и за некои закони што ги правиме, ние ги правиме за да заштитиме некои наши комплекси, ние настојуваме да ги заштитиме јавните, државната сопственост, не водејќи сметка да ги поставиме сите сопствености на исто ниво. Еве, таков ни е законот за енергетика, таков ни е законот и за електронските медиуми каде што по секоја цена настојуваме да задржиме монополи во државата и дури и со такви мерки ништо да не се развива покрај тоа.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (Продолжение)

Ние не можеме, дами и господа, со такви наши однесувања да стекнеме доверба во светот. Ние мораме во нашата свест прво да направиме радикални промени. Тоа прво.

Второ, во Владата мора да се внесе елемент на стваралаштво и креативност. Во Владата треба да постои радост кога некој гради нешто, кога некој прави нешто, кога некој пушта нешто. Тогаш, убаво е вие, господа министри да бидете таму, да ги поддржите тие луѓе, да види народот дека стоите и зад нив. Да ги охрабрите, да им дадете поттик, луѓето да почувствуваат дека државата со своите мерки ќе го поддржи и поттикне таквиот развој. Инаку, ние до сега, воглавно имаме случаи на рушења, на уништувања и таму каде не треба направено е со рушење на споменици како што е стадионот тука во Скопје, велелепни објекти каде што има и дозволи. Тоа се лоши работи. Барем, ако не можете да правите, немојте да рушите. Тоа ги обескуражува луѓето. Таму, каде преовладува егоизам, себичност, осветољубивост, ма резултати. Треба да се оформи една клима да може да се прави и да се создава.

Друго, лично очекував од премиерот, мислам дека тоа нема да го испушти, друга прилика е кога ќе се појави во јавните гласила да каже дека оваа Влада е на сите граѓани на Македонија. ко е партиска. Иако, дека оваа Влада ќе им овозможи на сите граѓани под еднакви услови на работење и дека ќе имаат исти услови како и секоја сопственост. Дали е тоа приватна, дали е мешовита, дали е општествена итн. И, дека ќе ги штити интересите на граѓани во државата.

Ако е тоа така, тогаш Владата мора да има слух за проблемите што ги има стопанството. Или институциите во државата со други држави. Уште пред да се распадне Југославија, Словенците почнаа да не ги

реализираат судските одлуки. Југославија се распаѓаше, воопшто не ги реализираше. Се осамостоија, направија триста мангупски потези долгот да не го платат. Направија виртузност да ги избегнат обврските. Ние, како стопански организации не можеме тоа право да го оствариме затоа што судовите во Словенија се без слух за нашите жалби. Тоа мора државата, барања од стопанството има во Владата. Тоа мора државата на меѓу државно ниво тоа да го расправи. Тоа е еден проблем.

Втор проблем, Словенците запленија големи количини на роба која одеше од Македонија, под мотивација дека тоа е роба од Србија. Во ист момент царината ја плени и во ист момент ја продава на исти пријатели. Тоа што ние вложивме жалби, ден денеска нема одлуки. Нешто нашата амбасада правеше напори, меѓутоа со тоа не се реши прашањето. Значи, нашава Влада мора во такви случаи да преземе мерки соодветни, реципрочни. Ние не можеме да плениме нивна роба овде. Ќе испаднеме диви и ќе не испозатварате, но затоа Владата треба да види што ќе направи или нека каже што ние да направиме. Инаку, ако тоа така не е, тогаш сме оштетени како држава. Во богатството на државата е во богатство на организации на стопанството, на луѓето и тн.

Понатаму, Владата не смее да прави грешки, да донесува одлуки што страотно го оневозможува стопанството да работи. Само еден пример ќе кажам. Владата донесе одлука контингентите што служат за репроматеријали да бидат на лицитација. Се распрашав каков е тој случај во околни земји во светот. Никаде тоа го нема. И сега, оној што работи во Металски Завод, потребни му се профили или не знам што, тој не може да ги увезе, ќе оди да чека кога ќе биде лицитација. Лицитацијата може да биде после 3-4-6-8 месеци итн. и до тоа време ќе

стои. Па и кога ќе биде лицитацијата ќе дојдат шпекуланти, трговци, ќе ги дигнат цените високо па после не ги увезуваат. Како што се случуваше со чоколадите, со бонбоните, со кексите итн. Не може една Влада да прави вакви грешки. Тој што увезува како репроматеријал тој не може да го пушти на пазар да се продава како репроматеријал, како материјал за потрошувачка. но, за организацијата да работи, не може таа денеска, добива или не добива, утре ќе има или ќе нема производство. Такви потези има многу.

Затоа, дами и господа, во оваа Влада, јас немам ништо против ниту еден човек, но премногу имаме теоретичари, премногу професори. Еден узорак гледам тука од стопанството, има во земјоделието. Малку е. Во оваа Влада, на овој претседател му требаат 4-5-6 стопанственици, врвни, способни, креативни, а такви има оваа Македонија. Тоа е големата грешка. Тој да има такви луѓе, ќе скине огромни проблеми од себе.

За тоа препорачувам, ова што е готово, готово. Но, не повеќе од 2 месеци нова реконструкција и пак да се видиме овде. Едно 4 стопанственици во Влада без ресор. Не им треба ресор, не им треба министерство, кои добро ќе бидат платени. Еден да одговара за металургијата и металната индустрија, еден да одговара за хемиската и неметалната индустрија, еден за рударство и еден за лесната индустрија и останатото. Луѓе кои ќе имаат голем углед и големо знаење и голема креативност и кои ќе бидат непрекинато присутни и спој помеѓу стопанството и Владата и премиерот. И, кои ќе нудат решенија во целата таа ситуација, кои ќе ги согледуваат проблемите. Јас не викам дека ние кога сме ние кај премиерот дека некои работи не се преземале, аномалии да се отстранети. Меѓутоа, пров тешко е да се дојде до него, затоа што тој е зафатен со сите работи. Второ, затоа што не може да му

се наметнуваат сите проблеми за разрешување. Затоа треба такви луѓе. Голем е пропуст што нема еден стопанственик и потпретседател, како што беше Јован Андонов каде што можеше стопанството да се обрати и да ги каже проблемите, а тој со другите министри и министерства да се договара и решава.

Ова е живот господо. Нема тука теорија. Овде, денеска работиш или не работиш. Денеска цариниш или не цариниш роба. Ние донесовме ред закони на кои во пракса не направивме проверка. Кога стапија на сила требаше 2 месеци да ги исправиме огромниот број недостатоци, а тоа не чини милиони долари. И, видете сега, кога најголемите проблеми се во стопанството, во таа област, и од таа област сите живеат, ние таму најмалку вложуваме напори да го решаваме проблемот со луѓе, со кадри, со напори, со атмосфера, со се она што стои на располагање. Според тоа, мислам дека е сериозен овој проблем и не мислам, него тој е толку сериозен, толку е драматичен, јас сум зборувал и друг пат, но овој пат е навистина многу драматичен, што треба практични мерки.

Една од мерките што треба да се направи е обезбедување на пазар. Едно време ни велеше професорот Кљусев - најдете нови пазари. Ние го прашавме - каде се, кој ги изгубил, веднаш да ги цапнеме? Не. Пазарот не може да се најде нов. Не е тоа така едноставно. Денеска во светот воопшто не е проблем да произведуваш производството може да се обавува и без луѓе. Таква автоматизација има. Видете каде одите роботизацијата итн.

Проблемот е во пласманот. Проблемот е пазарот. Тоа е основниот проблем. Сега, кога вршиме притисок да се отворат пазарите да се укнат царини, веднаш ни се прилепуваат некои етикети. Јас, бегајќи од тоа да не ми прилепите, да ви кажам дека основната задача на оваа Влада треба да биде да ги отвори пазарите на Балканот е само према Србија и

према Бугарија и према Албанија, па ако може и со Грција, иако е членка на ЕЗ. Тука да се седне и се изнајдат решенија. Олеснителни решенија. Со укинување на додатно царинење, со намалување на царини. Се во согласност да не се судриме со светските норми и да не ни префрли некој вака или така. Но, да најдеме решение. Ние не можеме во овој момент, ајде што ќе извезуваме во поранешна Југославија, а таму воглавном и извозот е ориентиран поради тоа што 50 години живеевме и градевме такви капацитети еден на друг да легаат, одма да извезуваме кога треба 40 % таму да плати царина. Ако таму е царината 24, плус уште 16% други давачки, 40%. Кое наше производство има акумулација 40%? нема ниту 10%, а каде може да издржи едно такво оптоварување да може таму да отиде и да конкурира еден производ таму или производ кој доаѓа од Запад, но тој во стартот има многу пониски трошоци на производство. Според тоа, ако некој мисли за тоа што ќе се либерализира пазарот, па ние овакви какви што сме ќе се избориме со реконструкции да го достигнеме тоа ниво, со тоа се лаже човек. затоа што ние не располагаме со капитал. Со знаење можеби брзо да се купи, но капитал нема. Па, ако е така, тогаш треба со цени. зарем треба сите да умреме? И од што ќе живееме? Или треба да преземеме овакво стопанство какво што имаме да се конкурира со стопанства кави што има наши. Ако е така треба на тој пазар многу да се работи, многу брзо. Се усложнија работите. Ние, со Југославија во најтешки, да кажам, моменти, имавме, не сакам да ги кажам тие моменти, имавме меѓусебен еден промет од преку милијарда долари. Сега тој нагло паѓа. На пример, во Бугарија поповолни се условите за пласман на производи од Западна Европа, него за пласман на нашиот производи. Плаќаме ние повисока царина отколку кога доаѓа од Европската Унија.

Тоа се работи што треба сега да се разрешуваат. Нема друг начин. Се седнува, министрите во коли, со ташни и куфери и трчање, и преговарање, и решавање и^н. Ако не се наоѓаат тие практични решенија, тогаш ние ќе седнеме следниот пат и ќе кажеме оваа година предвидовме да се покачи 2% индустриското производство и не знам колку општествениот производ, повово ќе констатираме 10- 15 или 20% пад и општествениот производ дека е уште помал во државата.

Сега, јас би завршил со тоа што партијата на која што припаѓам, а мојава дискусија јас не бев задолжен од партијата да го кажам сето ова, јас обично слободно разговарам, припаѓам на  Социјалистичка партија, таа е најсимпатичната партија, немој да ме нападне Наќе сега дека ја злоупотребувам за некоја реклама, ние во Партијата се договориме да се сочува Сојузот за Македонија. Арно ама, ние сме малку и не можеме да се избориме.

Меѓутоа, да не се создаваат поголеми политички проблеми, да не се потресува земјата. И така сме во тешка економска состојба па уште и да ја усложниме политичката состојба, се договоривме да ја поддржиме Владата. Но, нема бланко поддршка ако Владата не се зафати со овие решенија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, најавата за реконструкција на Владата од страна на премиерот, се проследи со

големо внимание од политичките партии во Парламентот и од партиите кои немаат свои претставници во овој законодавен дом.

Во контекстот на ова прашање многу партии се произнеле со ставови и коментари во врска со најавените кадровски промени во извршната власт.

Господо, бидејќи секој граѓанин во оваа земја е заинтересиран за позитивни промени, не само во ниво на Владата, туку и во другите државни институции бидејќи има таква потреба, граѓаните се заинтересирани и за многу други промени од економскиот и политичкиот карактер, за промени што ќе им гарантираат просперитет во иднината, се со цел да се создадат подобри услови за нов живот.

IX/1.-РД/ОМ

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Кога расправаме на оваа тема за составот на новата Влада, многу е важно да кажеме зошто се прават овие промени. Дали се за интересот на граѓаните на Република Македонија, или се во прашање партиски интереси. Оваа проблематика, така најавена дилема заслужува посериозно внимание за да добиеме по комплетна слика. Ова е многу битен фактор за нас пратениците како претставници на народот и за јавноста. Кога сме тука би требало да знаеме кои се интересите на граѓаните. Дали ќе имаат позитивен одраз во сегашните политички и економски односи во земјата, или се работи исклучиво за тесни партиски интереси, бидејќи никој од опозицијата уште не знае зошто се прават овие промени во Владата. Ако е присутна првата варијанта тогаш нашата обврска да се однесува што покструктивно на ова прашање, бидејќи интересот е и на сите граѓани да се ублажи сегашната криза која е индикатор и за сегашните настани и на економски и на политички план. Според моето мислење овие промени немаат таков карактер. Анализирајќи ја целата ситуација како вистина произлегува втората варијанта. Овие промени се прават исклучиво за партиски интереси кој повеќе да ја усвои власта со намера целиот државен апарат да биде по контрола на една политичка партија и послушни партнери во коалицијата. На Република Македонија и треба стабилна Влада. За оваа работа сите пратеници знаеме која ќе го заштити интересот на сите граѓани, без разлика на нивната национална и верска припадност. Досегашното делување на оваа Влада во тој поглед немаше коректно однесување, бидејќи функционирала како една партиска Влада, исклучиво се занимавала со партиските интереси. Оваа негативна појава поприми такви димензии секаде и во секое министерство и во сите други државни институции. Граѓаните кои не се партиски определени или на

една од партиите во досегашната коалиција беа тотално изолирани, без никаква можност да ги обават потребните контакти со извршната власт. Оваа негативна појава се примени и со пратениците во опозиција. Како народни претставници со досегашната власт приликите за комуницирање со Владата беа блокирани и со една доза на игнорирање бевме тотал- но изолирани, што преставува случај на преседан во демократските земји со парламентарна традиција. Така што улогата и авторитетот на пратениците по опозиција во овој парламент беше сведена испод уставните норми. Со овој чин слободно може да се констатира дека Република Македонија нема политички простор за конструктивна опозиција. Со ваквите тенденциозни настани по партиска линија ако и понатаму продолжувате,а приликите за вакво делување по секоја цена со новата реконструкција Ви се поделени, бидејќи сега имате дисциплинирани партнери во коалицијата. Од друга страна јазот на незадоволството на граѓаните ќе се зголемува повеќе, бидете уверени господа. Токму од овие причини за кратко време ќе бидете принудени да побарате нова реконструкција. Господо како извршна власт должни сте да соработувате со сите, тоа ви е уставна обврска. Дали вие знаете дека немате ни 30% од избирачкото тело на Република Македонија кој гласал за вашите партии по коалиција. Вие не смеете парламентот и Владата да ја претворите во еднопартиски систем. Од досегашното функционирање на овие две институции токму така работела.

Би сакал да кажам неколку збора во врска со предложената листа од страна на премиерот за партиите кои ќе ја сочинуваат наредната Влада. Бидејќи во оваа коалиција либералите не се партиципиенти некои од партиите со овие промени ги зајакнуваат нивните позиции со поголем број министерски места. Меѓу нив и Партијата за демократски

просперитет ако коалиционен партнер. Овој акт за политичките партии во земјите со европска, западна демократија претставува чекор напред, бидејќи преку извршната власт партиите ги реализираат своите програмски определби. Но се поставува прашање во конкретниот случај дали тоа ќе го оствари ПДП. Одговорот е јасен бидејќи нивните интереси не се толку поврзани со интересите на избирачите тоа го покажа досегашното негово делување во коалиција. Нивните интереси се толку ниски и непродуктивни, бидејќи целата битка се води што повеќе министерски места да освојат . А што се однесува до проблемот на самите нас албанци за нив е најголема девиза демагошкиот стил на однесување и манипулација со своето членство дека проблемите ќе ги решаваат чекор по чекор преку најавената така наречена платформа. Бидејќи албанците досега не знаат за содржината на таква платформа, што е најеклатантен пример и самите не знаат да пласираат пред јавноста една таква измислена платформа. Господо, во политиката е толерирано се. Но да се изманипулиран сам себе со невистини, а значи политички да бидеш мртов. Господо учесници во коалицијата али Вие ги имате предвид сегашните политички и економски проблеми о кои се соочува земјата. Поготово за политичките проблеми Вие сте криви и сносите одговорност , бидејќи сте сами креатори. Како пример ќе го земам не регулираниот статус на државјанство на 121 илјада граѓани на оваа држава бројка која беше неодамна верифицирана од страна на Министерството за внатрешни работи. Од оваа бројка повеќе од 80% се албанци. Овој проблем господа пратеници не се решава со учество на пет министри албанци, овој е толку сериозен проблем кој претставува срамен чин за секој паметен човек, а поготово за државата и за оние кои се креатори на една ваква политика. Политика која претставува по секоја цена етничко чистење по пат на законот. Само во Куманово има околу 10 илјади албанци со нерегулиран државјански статус. Од оваа бројка јас

имам собрано неколку документи кои се со негативен одговор по фамозниот член 7 од овој Закон. Дозволете ми пред оваа говорница да ги покажам негативните одговори само според членот 7 за град Куманово. Видете господо колку негативни одговори само според членот 7. За овој проблем треба да одговара министерот. Додека судот во Хаг бара да осудува луѓе кои се учесници во Босна и во Хрватска и преку војна направиле етничко чистење на поедини територии. Кај нас преку закони г-динот Фрчковски тоа го направи. Еве видете. овој срамен чин е срамен чин за нашата држава, поготово за оние кои се креатори за оваа политика. Овие луѓе не се ни осудени , овие луѓе не се ни живи. Што сега?- Кој треба да одговара за овој проблем? Овој е политички проблем. Господа од ПДП дали знаете дека Одлуката на Владата донесена во декември минатата година за спречување на секој вид активности во врска со нормалното работење на тетовскиот универзитет е уште во сила. А Вие сте биле учесници во донесување на оваа Одлука, со Вашите претставници во тогашната Влада. Дали воопшто размислувате што значи да имате претставници во овој орган кој ќе го негира правото на школување, правото на јазик и сите други културни права. Овој акт претставува случај без преседан. Во овие услови и во ова време. Вие господо дали знаете дека статусот на албанците не се менува со пет министри или со десет. Иднината на оваа држава во многу зависи од дефинирање на статусот на албанците во оваа држава. Вие господо од ПДП пред едно време го изразивте вашето незадоволство со учеството на коалиционата Влада. Изјавивте преку нас медиумите дека ќе ја напуштите оваа влас, и за толку кратко време со какви ветувања го променивте ставот. Само за едно министерско место, бидејќи јас не гледам некоја друга глобална перспектива. Господа пратеници албанци од ПДП со новото учество по трет пат во оваа Влада Вие ја легализирате анти албанската политика пред меѓународниот фактор. Политика која во

последно време ја достигна колмунантната точка за сите државни институции, за сите овие грешки ќе сносите одговорност.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Во петнаесеттиот месец од нашиот мандат во Собранието, по втор пат се соочуваме со предлог за избор на нова Влада, поради тоа од нас пратениците се бара да расветлиме дел од дилемите и отворените прашања што доведоа до оваа состојба и да ја преземеме одговорноста, за последиците, за политичката иднина на нашата држава, за перспективите на демократските процеси во Република Македонија. Тоа од нас го очекуваат граѓаните на РМ и пошироката меѓународна јавност. Ова од причина што во периодот од изминатите три четири месеци јавноста и граѓаните беа окупирани со разни ставови, мислења и оценки за односите во Сојузот за Македонија и перспективите на неговата платформа , за односот на пратеничката група на Либералната партија кон принципите на парламентарната демократија, за односот кон работата на Владата, за карактерот на учеството на министрите, либерали во Владата. Сето ова беше со единствена цел да се оправда непостоењето на политичката платформа на Владата и отсуството на програма на Владата. Презентираните мислења некогаш ни наметнуваа што треба да биде или требало да се претставува како платформа или програма на Владата. Затоа чувствувам обврска да ги презентирам видувањата и фактите на пратениците на Либералната партија за разјаснување на дел од непотребно според нас, наметнатите дилеми.

Сојузот за Македонија како политичка групација, беше создаден од партиите што во критичните моменти ја прифатија одговорноста за развојот на земјата, приоѓајќи им на проблемите и на предизвикот, реалистично, храбро и сигурно на чело со претседателскиот кандидат Киро Глигоров.

IX/б.-

Како резултат на настапот со заедничка платформа, меѓу другото и благодарение на огромната поддршка што ја доби претседателскито кандадат и поради напуштањето на изборниот процес на партиите ВМРО ДПМНЕ и ДП беше обезбедена апсолутна победа. Искажаната волја на избирачите низ односот на силите во парламентот требаше да се вообличи во извршна власт според вообичаената пракса во парламентарните демократии. За жал до тоа не дојде, а причините за таквиот наш став ги образложивме на седницата на Собранието кога се избираше претходната Влада. И покрај тоа што премиерот и мнозинството пратеници не ги прифатија нашите предлози Пратеничката група на Либералната партија го поддржуваше составот на Владата со исклучок на кандидатот Илјас Сабриу поради неговиот потпис на актот за основање на така наречениот универзитет со настава на албански јазик во Тетово.

Само четири дена пред конструктнтивната седница на основачкиот одбор на Тетовскиот универзитет премиерот Бранко Црвенковски исфорсира заклучоци на Владата во кој основањето на тој универзитет го означи како неуставен акт. Телата на универзитетот ги претстави како раководство на ново радикално политичко движење на дел од албанците во Република Македонија која има за цел да ја загрози стабилноста на нашата земја.

Токму за тоа во врска со случајот на Сабриу, ние два дена пред изборот на Владата баравме средба со премиерот. Сакавме да добиеме од него релевантно појаснување. Истовремено сакавме да му предочиме дека вклучувањето на Сабриу без оглед колку да е тој стручен, поради неговото потпишување на основачкиот акт во јавноста меѓу албанското население не значи ништо друго туку намигнување кон радикалните политичари меѓу нашите албанци да ги запалат масите. А,цврстиот став

на Владата во нејзините заклучоци од друга страна ќе доведе до меѓуетнички судири од поголеми размери. Ние и денеска тврдиме дека ако не беше тоа кокетирање на премиерот Црвенковски со Фадил Сулејмани, со вклучувањето на Иљас Сабриу во Владата во Мала Речица наместо 8 илјади немаше да има ни 800 присутни. Затоа за судирот во Мала Речица, за политички одговорен го сметаме Бранко Црвенковски. Тој како што е познато до денес нема ни збор речено за ваквото дволично држење. Затоа пратеничката група на Либералната партија во неможност да го издвои своето мислење за Иљас Сабриу гласаше воздржано за целиот состав на Владата, иако останатиот состав на Владата го поддржуваше, се разбира, како и министрите членови на Либералната партија. Тоа го зборуваат фактите. Освен ако некој сака намерно да ја дезинформира јавноста , да ги оправда своите однапред замислени стратешки цели за разбивање на Сојузот на Македонија, рекомпонирање на власта и создавање на контролирана нестабилност во Републиката. Една од тие дезинформации е тврдењето дека Сојузот за Македонија ќе постои и оттаму повикот кон сите заинтересирани за поединечно и колективно пристапување кон него, не баре тоа е некогашниот фронт Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија, поради што и се исфорсира директен судир со главниот креатор на Сојузот за Македонија, благодарени на кого најголемиот дел од нас 93 пратеници добивме на изборите. Требаше ли со таквите дезинформации да се доведе претседателот на Републиката во позиција да се брани и оправдува од нив изјавувајќи: Цитирам: "Исклучувањето на една од членките на составот на Сојузот од составот на Владата ќе создаде ново - компонирана структура која нема да го изразува, не само идентитетот туку и суштината на политичката платформа на Сојузот и мојата определеност да застанам зад таа платформа". (Завршен цитат).

IX/8.-

Неговиот апел да се почитува основниот принцип на Сојузот за Македонија дека само со разговор и аргументирана расправа можат да се надминат сите проблеми беше одбиен. По што тој мораше да констатира. (Цитирам) "Со големо жалење морам да кажам дека мојот апел за разумен разговор меѓу досегашните партнери во Сојузот за Македонија доби различни интерпретации и толкувања. Дека јас сум се согласувал со се што се прави, само после сум дал јавна изјава оти не се согласувам дека треба да се зачува Сојузот за Македонија и слично". (Завршен цитат).

Како аргумент кон моето тврдење дека смислено се работело на разбивање на Сојузот за Македонија, на напуштањето на неговата изборна платформа и маргинализација на улогата на претседателот Глигоров ќе ја наведам и изјавата на министерот за внатрешни работи дадена неодамна за весникот "Демократија".(Цитирам) "Треба да се избегне проектирање на политички систем во однос на историската улога, или историска личност како што е претседателот на Републиката. Таа позиција и тој период на нашата историја ќе остане како единствен период." (Завршен цитат). Јасна порака, зарем не. Ако кон ова се додаде и премолчувањето на премиерот на прашањето дали претседателот Глигоров дал согласност на ресорсните надворешни работи, одбрана, внатрешни работи, сликата станува целосно јасна. Ако на овој начин се разголат работите, тогаш може да се сфати залагањето на премиерот, политичкиот систем во Република Македонија да се проектира според неговата улог аи неговата личност и личноста за внатрешни работи. Само што се плашиме дека тој период нема да биде единствен, туку веќе виден период во нашата историја. Ова од причина што никако не можеме да сфатиме зошто премиерот не ја искористил уставната можност за само 27 дена да предложи нова Влада, со што македонската јавност не ќе мораше три месеци да се оптоварува со реконструкција на Владата.

X/1.-JJ/МЛ

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Првиот начин е поефикасен, бидејќи ќе се дадеше мандат на СДСМ и ќе се предложеше нова платформа за работа на Владата. Единствената разлика е што сето тоа ќе траеше само 27 дена и за тоа ќе требаше да се добие мандат од претседателот Глигоров. За да се спроведува ваквата политичка платформа,ЛП смета дека би требало да се распишат нови парламентарни избори на кои би се барала довербата на гласачите за неа. Затоа пратениците на ЛП од принципиелни и етички причини ќе ги депонираат своите потписи на иницијатива за предвремени парламентарни избори. Сигурно многумина се прашуваат ако навистина се работело за вакви суштински прашања, зошто досега раководството на, пратениците на ЛП и министрите - либерали молчеле и седеле во власта. Тоа го правевме од причини на што верувавме и се уште верува-во политичката ширина на изборната платформа на Сојузот за Македонија и сметавме дека одговорноста за нејзината реализација ја сносат пратениците во Собранието на Република Македонија и од нив избраната Влада, а не раководствата на политичките партии. Впрочем, тоа е одлика на секоја парламентарна демократија. Се надевавме дека платформата на Сојузот ќе биде основа за дејствување на законодавната и на извршната власт при решавањето на горливите проблеми на граѓаните, а не основа за реализирање на интересите на политичките партии во Сојузот. Сметавме дека основниот принцип на дејствување на Сојузот е со дијалог и аргументирана расправа да се изнаоѓаат најквалитетни решенија на проблемите што ќе овозможат меѓусебна доверба и респект. Но, затоа тој принцип за мене со принципот на супериорност и ароганција со што се гушат демократските процедури за проверка на секоја политичка иницијатива. Наместо за тоа да се отвори расправа за различните видувања на решавањето на проблемите, се врши етикетирање дека се работи за гола борба за власт и дека владината политика наводно нема алтернатива. Дека тоа не е

X/2.-

точно се надевам ќе се уверите преку дискусиите на моите колеги - пратеници. Дека се избегнува разговорот за проблемите, впрочем, потврдува и на денешната седница на Собранието на РМ каде разговараме за разрешување на министри во Владата и избор на нова Влада, а немаме ниту анализа за досегашното едногодишно работење на Владата, ниту програма за работа на новата Влада. Без разлика на сите објаснувања со предлогот за разрешување на девет министри и пренесување во други ресори на пет министри, премиерот фактички признава дека направил погрешен избор на кадрите. Кои се причините за тоа, и дали тој се смета за одговорен оставам сам да образложи. Ако министрите либерали ги менува заради тоа што пратениците од Либералната партија не гласале за Владата, како ќе го објасни деградирањето на министерот за финансии во министер без ресор, односно наводното негово унапредување во потпретседател на Владата што како уставна категорија не постои. Дали, можеби, премиерот, всушност и се согласил со сите наши забелешки на неговата работа. Премиерот се одлучи и на актуелниот министер за внатрешни работи да му ја ускрати досегашната доверба и како награда го унапредува во министер за надворешни работи. Овој предлог е прилично необичен со самиот факт што навистина е реткост во светот министер за внатрешни работи потоа да биде избран за министер за надворешни работи, а и поради следното. Истрагата за откривањето на инспираторите, извршителите и соучесниците во атентатот врз претседателот на Републиката Глигоров, се уште не вродија со скоро никакви конкретни резултати. Тој чин што граѓаните на РМ го сфатија како најгруб атак врз нејзиниот суверенитет и врз демократските процеси, се додека не се расчисти кај граѓаните на Република Македонија ќе остава чувство на прикриена опасност врз демократските процеси и за нивната иднина.

Министерот за внатрешни работи со изјавата дека Службата а обезбедување направила низа пропусти, а одлуката на Владата за

примена на стандардите во обезбедувањето на функционери, всушност не сила спроведена, фактички ја призна својата одговорност. Ако го погледнете макар и бегло извештајот на Хелсиншкиот комитет за заштита на човековите права и слободи во РМ нема да ви биде тешко да заклучите дека огромниот број забелешки се однесуваат -на односот на полицијата при решавањето на одредени конфликтни ситуации. Впрочем, би ве потсетил почнувајќи од Куклиш, Радовиш, Радолишта, Горче Петров, Бит пазар па до Мала Речица, колку пати полицијата масовно се пресметуваше и ги тепаше граѓаните на РМ што е реткост дури и за земјите кои а зафатени со граѓанска војна.

Факт е дека реформите во Министерството за внатрешни работи се уште суштински не се започнати, иако е донесен новиот Закон за внатрешни работи, бидејќи во многу сегменти одредбите не се претворени во стварност. Министерството за внатрешни работи и покрај тоа што сме во четврта година од плурализмот, се уште функционира во услови како кога граѓанинот имаше поданичка функција према државата. Па така основната причина за реформите во полицијата заради напуштање на неодрживата концепција за контрола на граѓаните и контрола на политичкиот живот на граѓаните се уште не е напуштена, поради што се опфатноста на МВР како принцип на кој постои е потполно во спротивност со новиот граѓански статус на човекот воспоставен со Уставот на РМ. Настрана фактот што истиот министер многу често преферираше да дава политички, неодмерени и штетни изјави од типот роденденска забава, издувани балони, пашисоидни идеи и др., а често ги коментираше и активностите и ставовите на политичките партии што е невообичаено или недопуштиво во демократскиот свет.

Премиерот исто така треба да одговори на прашањето зошто му ја ускрати довербата на министерот Илјаз Сабриу. Дали затоа што најпосле

X/4.-

сфати дека направил голема грешка што не ги прифатил нашите барања за негово отстранување од листата заради неговиот потпис на основачкиот акт на универзитетаз1, во Мала Речица или пак заради крајно лошите состојби во социјалната сфера. Сето ова води кон констатација дека имавме политичка, но немавме одговорна Влада. Очекувавме дека оваа Влада со успех ќе може да ги продолжи и продлабочи започнатите реформи. Тоа впрочем премиерот го најави во своето експозе на 20 декември 1994 година и цитирам: "Оттука главниот предизвик за оваа Влада ќе биде не дали ќе го прифати патот на радикализација на економските реформи, туку дали ќе успее да ја извлече најминималната можна социјална цена на нивното спроведување. Во таа смисла 1995 година е клучна и тоа заради две причини и тоа прво, затоа што еден добар дел од социјалната цена ќе треба да се плати токму во тој период и второто затоа што во идната година треба дефинитивно да биде запрен повеќегодишниот пад на производството како неопходен предуслов за вистинско реално стабилизирање на економските текови и овозможување на постепен развој во натамошниот период". Но, резултатите го демантираа тоа - повеќегодишниот пад на индустриското производство во 1995 година не само што не бележи пораст од 0,7% туку бележи пад за дури 10,7%. Социјалната цена за нивното спроведување не само што беше минимална туку и се зголеми, бидејќи бројот на невработените, стечајните работници и работниците што се прогласени за технолошки вишок постојано се зголемува. Расте степенот на незадоволството од социјалната подносливост кај се поголем број на граѓани. Или поконкретно само 102 илјади работници од стопанството и 99 илјади работници од нестопанството редовно земаат плата. Преку 100 илјади лица не примиле плата повеќе од три месеци, а бројот на пензионерите без земјоделските се движи до 220 илјади. Околу 44 илјади лица примаат надомест за невработени а околу 50 илјади домаќинства со околу вкупно

200 илјади лица се принудени да примаат надомест на социјална заштита. Бројот пак на невработените лица регистрирани во Заводот за вработување веќе ја заминува бројка а од 225 илјади. Зошто расте разочараноста, летаргичноста и чувството на безперспективност кај голем број на граѓани, посебно кај младите каде што треба да се бараат причините за се позачестените убиства и пресметки, поради што повторно пламна и интересот за иселуваше на младите образовани стручни кадри во кои многу инвестирала оваа земја во прекуокеанските држави. Очигледно, нудењето на квалитетни решенија за излез од неповолните состојби беше потиснато од недоразбирањата, арогантноста, преголемата моќ, само рекламерството, бидејќи отсуствуваше неопходниот степен на меѓусебно договарање и соработка, реалност, критичност и аналитичност во оценувањето на постигнатото и на тоа што било предвидено а е пропуштено да се направи или е погрешно направено.

Владата предлозите и барањата на стопанството посебно извозното, не ги третираше како ни барањата за преиспитување на царинскиот и даночниот систем заради нивно модернизирање и приспособување а потребите на едно пазарно стопанство, а се задоволи со успешноста на економската политика заснована само на ниската инфлација и потценетиот курс на денарот. Рака на срце, тоа се позитивни елементи, но очигледно недоволни затоа што реалноста зборува сосема нешто друго.

Како да се објасни и тоа што при инфлација само од 9%, есконтната стапка на Народната банка изнесува над 18%, а каматните стапки во банкарството се движеа со стапки од 25 до 30%. Прашувам, кое тоа производство што во вакви услови може да понесе товар со камати што се поголеми за околу 3 пати од инфлацијата. Дали тоа значи

дека високите камати го разорија и без тоа кревкото ткиво на македонското стопанство и овозможија одлив на капитал надвор од земјата. Зафаќањето од стопанството никогаш не било поголемо поради секојдневното стеснување на кругот на даночните обврзници кои чесно и редовно ги подмируваат обврските и изнесуваат над 41% од бруто платите или над 71% од нето платите на вработените.

Посебно е загрижувачка состојбата во извозното стопанство кое поради нереалниот курс на денарот и неизнаоѓањето на механизми за враќање на даноците и царините што нашите извозници ги доведоа во нерамноправна положба во споредба со нивните конкуренти на пазарот каде што тоа е поинаку регулирано, дури и во услови кога би имале иста продуктивност, ист квалитет на стоката и еднаков углед на пазарот. Реформите во извесен степен сигурно ќе беа посигурни и полесни, доколку во текот на уредувањето на односите се пријдеше кон нормативно уредување на целата економска област, евиденцијата на стоковните текови, увозот, извозот, финансиската евиденција на девизниот прилив и одлив, идентификација и евидентирање на оние текови на девиизниот прилив за кои ниту се знае нивниот обем ниту може да се предвиди нивната трајност.

Бројот на неликвидните претпријатија е во постојан пораст за што зборуваат споредбените показатели од декември 1994 кога тој произнесувал 1870 наспроти 2560 во декември 1995 година. За околу 513 претпријатија во општествена сопственост е покрената стечајна постапка од вкупниот број на 1200 општествени претпријатија. Во текот на 1995 година во општинските судови се примени пријави за ликвидација на 751 претпријатие од кои се решени 438, 15 се отфрлени а 313 се оставени за

решавање во 1996 година. Инвестирањето во производството ни од далеку не е на задоволително ниво, како и интересот за вложување на странски капитал во нашата земја. Најболно е сознанието кај голем број луѓе, посебно од бизнисот дека со чесна работа тешко е да се состави крај со крај. Наспроти тоа, нашата стварност не остана имуна на криминалот, организираниот, уцените, рекетарството, нарачаните убиства, поради што цената на човечкиот живот падна ако никогаш досега.

Владата во својот задоцнет обид на потполно погрешен начин се обиде да се пресмета со оваа опака појава, преземајќи акција за сменување на раководни лица од органите на државната управа без образложение, докази и факти, туку само со извикана формулација за незадоволителни резултати во работењето. Најавениот проект за превентивна борба против криминалот неславно заврши уште пред да биде конкретизиран, затоа што вакви сериозни битки не се бијат со превентивни комисии туку со создавање на благопријатни услови за вршење на оваа работа на тие што со закон се обврзани да го прават тоа. А тоа се надлежните инспекциски органи, обвинителствата и судството.

Приватизацијата како тежок сложен и противречен процес што темелно ги менува односите не само во економијата се остварува со забавено темпо. Со неостварувањето на пропагираната платена приватизација со занемарлив прилив на капитал од странски лица и со нееднакви услови за приватизација на видовите на сопственост при што деловниот простор се продава со јавни лицитации, а далеку позначајниот од претпријатијата со затворени понуди.

Во услови на објективно потценета вредност на капиталот бидејќи фирмите работат со значително намалени капацитети, пред се поради недостатокот на свеж капитал и отсуството на пазар на капитал без што

не може да се постигне вистинска цена, има појави на сомнителни проценки што во јавноста се третираат како голем грабеж на општествениот имот. Има ли простор за промена на политиката кога има многу случаи кои велат дека доколку претпријатијата би се продавале објект по објект би се постигнала повисока продажна цена, во споредба со проценетата. Или доколку би се направила споредбена анализа за тоа колкава е разликата меѓу книговодствената и проценетата вредност ќе се дојде до истото сознание. Посебно е индикативен бројот на претпријатијата што по завршувањето на приватизационата постапка успеале да се регистрираат во надлежните судови.

Владата и покрај нашите инсистирања не изработи рамковна програма со предлози и насоки за тоа како пензиски систем и треба на нашата земја, во кои рамки, со која динамика и со каков премин од еден систем во друг. Дефицитот во пензискиот фонд е од поодамна поради неизнаоѓањето на трајни решенија со динамички планови за разрешување на наталожените проблеми.

Не може да се заобиколи ниту фактот на преголемата задолженост на нашата земја и праксата на секојдневно задолжување што создава голем товар за следните генерации, до колку ни се повторат грешките и промашувањата од минатото на нивно непрофитабилно инвестирање.

Демократските процеси во нашата земја се во деликатна фаза. Пет ипол години од првите парламентарни избори се остварени значајни работи, посебно на полето на стекнувањето на меѓународните позиции и асоцирањето во многубројните меѓународни организации и асоцијации. Но, тоа воопшто не значи дека треба да бидеме задоволни од редоследот на потезите и изборот на приоритетите во уредувањето на внатрешните односи.

X/9.-

Поради недонесувањето на бројни значајни законски проекти се уште не ни се остваруваат до крај принципите за стрикна поделба на власта. Доцнењето е загрижувачко заради бавното уредување на односите во третата - судска власт. Ништо не е направено во уредувањето на односите на капиталот и трудот, бидејќи се доцни со донесувањето на законите за трговски друштва, за јавни претпријатија, за синдикално организирање, штрајкови и др. Се доцни и со втората фаза на законот за денационализација.

Односите во областа на јавното информирање и печатените и електронските медиуми бавно се регулираат, поради што често се подложни на влијанија на одредени партиски центри на моќ, а знаеме дека вистинскиот влез во Европа ќе ни биде отежнат без коректно уредување на односите во оваа сфера, а тактизирањето со донесувањето на пакетот изборни закони е посебна приказна.

Бавното и задоцнето реагирање на Владата во минатиот состав доведе до радикализација на образовните проблеми на припадниците на албанската националност, што битно ги оптовари и меѓунационалните односи. Наместо аналитички приод во откривањето на вистинските причини за навистина, малиот број студенти од албанската националност, и создавање услови за нивно надминување, Владата и Министерството дозволија поради бавното реагирање, проблемот од ниво на педагошка академија да прерасне во барање за педагошки факултет, за да на крајот се претвори во незаконска и неуставна форма на универзитет што е на штета на сите нас. Бидејќи Македонија е премала земја за да издржува финансирање на три универзитети, Албанците со таква кадровска материјална и техничка обезбеденост на тој универзитет не може да фатат приклучок ни на Балканот, а камо ли во Европа.

X/10.-

Премногу сериозна тема за површни оценки и влечење на погрешни потези, како она со рушењето на објектите во Мала Речица, отворениот судир со полицијата, за да после тоа се продолжи нормално а функционира.

Посебно загрижувачки се состојбите на државната управа. И покрај јавното декларирање на премиерот во два наврати за уредување на односите во овој сектор, работите не се помрднати од мртва точка. Па така наместо да добиеме мала добро организирана и добро платена високопрофесионална, високостручна, непартиска и непристрасна државна управа, неподлежна на девијантни појави, кај нас работите дури и усложнуваат, заради нејасното доцнење со законските проекти за државната управа и за државните службеници, а мислам премиерот не и ги спомна ни денеска. Иако во преговорите со Меѓународниот монетарен фонд беше договорено бројот на вработените во државната управа во минатата година да се намали од 5 до 10%, дојде до нивно зголемување на околу 68 илјади, споредбено со бројката од 64 илјади во средината 1994 година. Притоа најголемиот број од четирите илјади ново вработени се во полицијата, армијата и образованието што е страшно голем товар за Буџетот и за стопанството. Тука треба да се бараат причините и за укинувањето на регресот за годишен одмор К-15 за корисниците на буџетските средства, поради зголемувањето на масата за плати, а не поради таквиот договор со Меѓународниот монетарен фонд, како што министерот за финансии ја дезинформираше јавноста. До каде одеа условувањата и уцените, ќе ви илустрирам еден примерок на нашата а необелоденета иницијатива за основање на анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со изградбата на железничката пруга од Куманово до границата со Република Бугарија, на која потписи ставија 24 пратеници од ЛП, ПДП, ДП на Турците и независни пратеници.

X/11.-

Нашата цел беше да се расветлат некои нејаснотии во врска со зголемувањето на пресметковната вредност на објектот од првобитните 120 милиони САД долари на околу сега #&ќе 350 милиони долари, на утврденоста на рокот за изградба и пуштање во употреба, недефинираниот систем за контрола на изведувањето, нејасните причини во изборот на изведувачите без јавна лицитација што не создаде проблеми во странство, неоправданото доцнење со изработката и рецензијата и техничката документација, неутврденоста на цената на чинењето на работите и др.

Пратеничката група на Либералната партија и во наредниот период ќе продолжи во целост да го поддржува претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров во неговата определба за спроведување на изборната платформа која што доби убедлива поддршка на голем број граѓани на Република Македонија, заради тоа што премиерот со својот предлог на министри и заменици министри се определи за некаква новокомпонирана платформа што е различна и спротивна од Платформата на Сојузот за Македонија, поради што граѓаните ги вовлекува во неизвесности и опасности, што е во спротивност со нивните определби на изборите, Пратеничката група на ЛП повеќе не го поддржува Бранко Црвенковски како мандатор на Сојузот за Македонија, за создавање на Влада, како и неговиот предлог за состав на новата Влада и предлогот на заменици министри. Сепак одговорноста за донесените одлуки лежи на сите нас. Мнозинството на гласови овозможуваат донесување на одлука и одлуки што воопшто не значи дека некој е во право или дека вистината е на негова страна. Ние само имаме право во име на граѓаните да носиме одлуки. Колку ја почитуваме и заслужуваме нивната доверба ќе дознаеме на првите наредни избори.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господо пратеници, г-дине претседател на Владата на Република Македонија, министри нови, стари итн. Нека ни е аирлија, јас оценувам дека ние веќе денеска имаме повеќе партиски парламент, слушајќи ги дискусиите. Веројатно граѓаните малку ќе се зачудат и веројатно Европа тоа го бара од нас и сите други институции и институти и светот и веројатно партиите кои што не се на власт, кои што се надвор од парламентот, она што едно време го кажуваат дека овде се работи вака и вака, денеска се потврдува. Многу ми е криво што слушам дискусии кои можеа и порано да се кажат за да живеењето во Република Македонија на нашето граѓанско биде нешто поубаво, нешто поблаго, да не дојде до таква социјална тензија каква што ја имаме денеска. Меѓутоа, ете радосен сум што не гледам во ниедна дискусија да постои некоја небулоза, во најмала рака рудиментираност, меѓутоа, зошто е тоа сега. Јас би сакал да се вратам малку назад. Овде во овој парламент јас сум веќе по втор пат. Во овој парламент бев во 1969 и 1984. Ние сме неколку души кои што бевме и порано пратеници овде, првото свикуваше, имавме доста гужви со луѓе кои не мислеа како нас, мислам со партии, донесовме одлука во пет минути до 12 за референдум. За изјаснување на граѓаните на Република Македонија за самостојна сувереност. Заедно со либералите и социјалдемократите и сите што беа во овој парламент. Тоа не беше лесна работа. Се сеќавам на оние тешки и жолчни моменти кога сите се плашевме дека некој ќе дојде овде и дали на Исток ќе не раскине, на Запад на СЕвер или на Југ, од оваа врата тука влезе г-динот Глигоров и Г-динот Тупурковски, насмеани и седеа тука, а јас позади нив и ги прашав вие дваица што се смеете толку многу. Па, Циле рече дека може би без ниеден куршум ќе ја добиеме државата. До тоа и дојде.

XI/2.-

Мислам дека поминавме доста време додека дојдовме до една цел од која бевме задоволни. Ја создадовме државата. Донесовме Устав. Излеговме на плоштад. Дојдоа новите избори. Толку успеавме толку. Сојузот за Македонија како најголема сила, парципиенти три најголеми партии од кои едната иако се фали, е многу помала, зборувам за социјалистичката партија, на првиот круг мислам дека на било кој начин топката ја прогураа во гол. Ова е повеќе партиски систем. На вториот круг на разговор со претседателот на државата и со еден министер не е важно кој е од Владата се договоривме што сакаме и што можеме да добиеме, да ги дадеме гласовите. Јас се појавив на. телевизија во име на ПЦЕР на сите роми и реков гласовите да ги дадат за Сојузот за Македонија. И уште на првата седница, а ова го заклучивме пред десет дена ПЦЕР со своето раководство, уште на првата седница очекувавме дека ќе дојде ваков момент, уште тогаш. Заради тоа што тогаш Владата не беше прифатена од страна на Либералите, заради г-динот Илјаз Сабриу. Луѓе г-до пратеници, заради еден арап, цела Арабија не смее да изгори. Тоа е недозволиво, недопустливо е, ова е држава. Меѓутоа, ете настанаа одредени работи кои што веќе почнаа да тлеат. Тлеењето се уште трае и ние веќе денес имаме... Јас сум голем пријател на либералите и понатаму ќе останам пријател со сите зошто да не? И со ВМРО сум пријател. Контактираме и тоа е политичка култура. Нема "еј", но дозволете ми бидејќи напишав пет реда овде, јас обично не пишувам текстови, пишувам биланси таму каде што работам, не препишувам не знам што од кого, туку тоа се мои, јас сум автор на текстови и автор на шест програми и фабрики. Сакам да кажам дека денешнава наша седница мислам дека има историски карактер. Ова што се прави граѓаните што знаеја, еден дел знаеја еден дел не знаеја, ова овде што го правиме денес е историски чин за Република Македонија, но на некој начин е сепак за поздравување и веројатно ќе имаме една јака

опозиција, која ќе биде коректор и ќе укажува на слабостите на позицијата. Јас мислам дека малку држат дискусиите, кои што зборуваат за економијата на Република Македонија, не во целост скоро малку да кажеме. Па, зарем сме заборавиле дека сме нова држава, па зарем сме заборавиле дека бевме опкружени дека бевме опкружени од сите четири страни пред некој ден , па зарем сме заборавиле дека не смеевме и не можевме да пласираме, немавме пласман, немавме пазар, имавме капацитети, имаме и стари капацитети, кои што се веќе старо железо, но немаше пласман каде. Ако некој, опростете, е добар економист малку повеќе ги разбира билансите на нашето стопанство или гледано од целото стопанство, целата држава како едно стопанство, една стопанствана нација и поделените елементи активата и пасивата што едно време јас го поставувам тоа прашање, добив одговор после шест месеци, не е важно, од таа експертска Влада, утредента се менува состојбата. Денеска е пописот , после два дена или три почнува работно време и тоа незавршено производство отиде. Значи, тука се менуваат работите. Бидејќи добив после шест месеци јас ништо не коментирав. Ако тогаш и сега ја разгледаме ситуацијата на активата и пасивата на Република Македонија ќе мора да констатираме дека нашиот општествен производ мора да опадне, заради тоа што ние имаме губиток во супстанца, ние намеме добивка. Ние немаме остаток. Ние немаме остаток дури амортизацијата да се намалува. Тоа е општа општествена акумулација и тука одиме долу. Јас зборувам за просек, не зборувам за одредени добри работни организации, кои што се снага во овој временски период. Сакам да кажам дека сега кога веќе влеговме во Европа и тоа на широка врата, влеговме во КЕБС и ОБСЕ, тоа е европски парламент, европски совет, па ММФ, па Европска и Светска банка и не знам уште каде други организации, ние сега требаше да го имаме најголемото единство и тука стопанствениците, јас знам дека оваа седница треба да ја пратат сите стопанственици и народот на Република

Македонија, работниците,сега треба голема преобразба да направиме меѓу нас внатре во нашите души, во нашите срца, во нашите мали мозоци. Дека мора да дадеме производство соодветно компатибилно на Запад. Ако немаме такво нешто ние немаме корист, ние не ќе може да стигнеме никого, ние само ќе пропаѓаме. Вие што се смеевте може би сте економисти или некои правници, правниците мислат дека државата тие ја прават итн., меѓутоа, се е подредена на економијата, интересна работа. Ако економијата не чини, сите не чиниме колективно.

Сакам да кажам дека сега ни е времето ние да се свртиме кон организациите, кон тие меѓународни договори, кон таа поделба на трудот што се викаше во едно време за пласман на наши производи, билатерални и мултилатерални договори. Ние ова мораме да го правиме. Ако тоа не го правиме повеќе ќе пропаднеме. Не оние агрегати што ги кажуваше пред малку за мала нијанса Бранко Црвенковски. Или тоа што беше минатата година. Ако сите АД претпријатија си прават свои планови, ако појдеме од микро и макро планови на сите, што ќе добиеме во Македонија? Каква макро екон омска политика треба да кроиме? А тоа значи дека треба да ги послушаме и тие што се од Стопанска комора и да ги послушаме практичарите. Јас се слагам со еден дискутант овде. Јас ги респектирам сите, да не се изразам со зборот школарци, сите магистри д-р по науки и многу ги респектирам овие што го водат производството, тие се практичари и да настане еден спој меѓу науката и праксата, некаков спој за да може да се оди напред. Ако овде се критикува дека многу пари даваме за општите општествени потреби, т.е. за образование и воспитување, за Армијата, за полицијата, за не знам уште што таму, па зарем не сме сакале држава. Таа држава има се она што имаат сите други држави. Сега велиме големи даноци. Големи даноци, заради тоа што не може да се склопи билансот. Не може да се вклопи. Нема од каде да се земе. Но, колку што знам, ете, по принципот на програмата ФАРЕ, ќе добиеме, но не е тоа голема пара, по 25

милиони еки годишно, мислам дека тие се неповратни, мислам дека тие ќе ни требаат, ни требаат свежи средства и сигурно за три четири или пет години ќе запловиме во оние води во кои Запад плива, но само со конструктивност. Господо од Либерална партија, би Ви се обратил на Вас, како пратеник во ова Собрание, како претседател на една партија на ПЦЕР, не очекувам и како економист само моите што работат со мене и тие што се поврзани со мене со часописи, тие знаат за вредноста, тоа не е толку битно, за вредноста не сакам јас тоа да го кажам за мене, очекувам не опозиција она што имавме некои време овде, ако се сеќавате еднаш јас тогаш кажав, добро, човек ако сме ние толку јаки како Македонија и дадеме по 120 илјади марки на секој граѓанин, дали Вие како опозиција ќе прифатите. Станува човекот и вели не. Ништо не прифаќам. Ама опозиција си, му вели овој. Значи, иако некој стручњак тврди дека нема опозиција конструктивна или неконструктивна, богами има. Има конструктивна опозиција. Мислам дека ќе и помогнете на позицијата да ги поправи своите грешки доколку дојде до нив, а секако ќе дојде, сигурно ќе има место и за критики, сигурно и позицијата, Владата која што ќе ја избереме ќе прифати нешто од опозицијата која што ќе се смета дека треба нешто да помине. Заради тоа немојте, зборувам за опозицијата зборувам, немојте заради една запирка, затоа што Тодор Петров беше познат со тие свои амандмани, исправки итн., запирката ќе ја ставите таму каде што треба, а не таму каде што не треба. Внимавајте на се, бидете добри министри, заменици министри, помошници министри и изведете ја оваа држава од овој кал на тие без работи, на тие што нема од каде да живеат само со производство и само со добра политика, со помош од меѓународните организации ќе можеме да им помогнеме. На друг начин не можеме. Ние не можеме да создаваме вештачки средства. Сега ние не можеме да печатиме пари. Ако некој мисли дека сега ќе печати пари и ќе го овозможи животот на луѓето да биде подобар, се

лаже. Ние не сакаме тоа. Ние имаме страшна депрецијација врз нас, на нашата валута. Не сакам да зборувам за детали, затоа што и јас сум од работна организација. Страшна депрецијација, тоа значи намалуваше на вредноста. А и ние сами помагаме во таа депрецијација. Прво, па после од надвор. Мислам дека увозно-извозната политика тука треба да ги отвориме многу очите во давачките, иако ние немаме со што да покриваме наши буџети итн., мислам дека иако беше под ембарго некој си наш комшија, ние работевме малку со нив. Па, така, сакам и мислам дека треба да ги отвориме добро очите и да знаеме со кого работиме и да намалиме нешто во тие давачки, заради тоа што нашата цена на чинење е голема. Во просек земено на голем дел на производи, голема цена на чинење што нема проаѓа на Европскиот пазар. Затоа, само економичноста и поголемата продуктивност на труд ќе го покрие тоа неработење. Не користење на капацитет, тоа е мегаломанско работење. Ние одиме кон запад, капитализам е, и заради тоа нашите стопанственици а и нашата Влада ние сите треба да се ангажираме тоа да биде само така. По мене друг пат нема, друг начин нема.

Би се осврнал на нешто и кого претставувам, што е мој не личен, туку еден личен интерес на една националност, на ромите, мислам дека појдовме кон еден добар пат, ние не сме неблагодарни, на Сојузо9т кој што постоеше, се разбира, со откажување на љубовта секој си го задржува политичкиот идентитет, тоа значи не бевме незадоволни од аспект на културата, со тоа што имаме мали забелешки до радиото и телевизијата поготово со телевизијата, имаме фестивал кој не се пренесува, се пренесува и тоа никогаш не се репризира. Што е тоа сега? Го правиме само за нас Лично за Фаик Абди го правиме. Не, во никој случај. Но, тоа не е болка за умирање, сигурно нешто ќе се поправи и мислам дека уште некој ден ќе се почне со учење на ромски јазик на факултативна основа, учебници се печатени. Јас не верувам дека некој

ќе го попречи тоа, сигурно ќе биде гордост на една држава тоа што се прави. Јас верувам дека една нова општина ќе се роди таму, на северниот дел на градот Скопје, која на тие луѓе кои што ослободија еден најголем простор во градот Скопје за обнова и изградба на Скопје, да градат нови објекти и отидоа во неповрат, знае г-динот Шундовски, Тој ме однесе таму и видовме доста објекти кои што се многу убави, меѓутоа инфраструктурата е за никаде и сигурно со таа нова општина состојбите ќе се подобрат.

Да ви кажам дека многу сум задоволен од Вас Битолчани од граѓаните на град Битола, иако нешто се негираше, не може да постои негација на негацијата. Иако се негираше дека таму не постои нешто што би се рекло бркање на луѓето таму, бркање на човекот ром, што купил куќа, имам две видео касети, меѓутоа граѓаните на град Битола тие направија човекот да остане да живее мирно, сталожено, и да биде пријател со сите.

Оној случај што се случи во Т. Велес, тоа е без преседан, тоа е една многу лоша работа, многу лоша слика и не дај боже да се повтори такво нешто, би сакал нашето Министерство за внатрешни работи да поведе сметка околу оние граѓани кои што треба да добијат документи дека не граѓани на оваа Македонија. Би сакал да кажам дека кога беше референдумот не ги кажавме ни за државјанство ни за ништо, туку давај само гласачи. Ако се сеќавате кога беше тука и ВМРО тие кажаа дека ние кога ќе дојдеме на власт ќе треба 30 години да се живее овде, па да се стане државјанин на Република Македонија. Потрудете се овие предмети што одат таму нерешени, да ги решите, се бараат триста начини како тоа да не се реши. Мислам дека многу е тешко мал човек да биде на една мала - голема функција и се ќе расипе.

XI/8.-

На крај да не должам во името на мојата партија, на раководството, во мое име како пратеник и на мојот колега Амди Бајрам, јас ја поддржувам односно го подржуваме г-динот Бранко Црвенковски со сите оние атрибути за кои што зборуваше овде, надевајќи се дека ќе имаме само конструктивна опозиција, надевајќи се дека сите ние ќе бидеме многу поконструктивни и ќе мислиме што зборуваме овде. Не за некои врапчиња и гулапчиња, туку за јакнење на материјалната основа на државата. А јакнењето на материјалната основа на државата ќе значи услов за развој и на општи општествени потреби, а и за секој граѓанин да живее подобро, да му расте куповната моќ за да може еден ден да се вратат тие наши граѓани, наши државјани кои што живеат во странство, наместо нивната заработка да биде во Германија или на друго место во две три илјади марки, да ги заработат тука. Тогаш ќе бидеме навистина сите многу среќни и верувам дека ќе дочекаме такво нешто.

XII/1 ЈМ/СЛ

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, драги министри и пратеници, доколку според Деловникот за работа бев обврзан да ја насловам мојата дискусија со некој наслов, јас ќе ја наречев: "Голем ден за македонската демократија", односно, "Победа на демократијата". На почетокот на деведесеттите години кога падна комунизмот и почна создавањето на новите демократии познатиот аналитичар Жак Рупни констатира дека во посткомунистичка Европа, патот кон слободата е дефинитивно отворен, меѓутоа, неизвесен остана патот кон демократијата. Митот на демократијата и на прогресот им се наметна на сите поскомунистички држави вклучувајќи ја и Македонија. Домашниот хомополитикус стана свесен на вредносните оски на демократијата и со право политичката партија почна да ја третира како мезимче, како галениче на демократијата и на слободните избори. Во такви услови се одвиваше и севкупниот политички развој во посткомунистичка Македонија без тенденции на триумфализам, на едни врз други, на победници и губитници, расцеп и непријателства што инаку се случуваше после секоја голема револуционерна промена, а како што знаете и на Балканот со распаѓањето на комунизмот се истроши идеолошкиот модел врз кој живееше поделено Европа и Балканот од ладната војна наваму. Оваа идеолошка празнина беше пополнета со еден друг модел на конфликт кој за основа го имаше национализмот, религијата, цивилизацијата. Инаку аспекти што ги среќаваме кај Хатинктон. На последните избори од есента 1994 година Македонија покажа и докажа дека во услови на разновидни национализми, религиозни идентитети на нашиот микрокосмос можно е изградба на граѓанското општество или уште поедноставно, големиот победник на последните парламентарни

избори стана граѓанската определба на здружените политички партнери СДСМ, ЛП и СП во рамките на Сојузот на Македонија. Тоа беше победа на граѓанската, за сметка на националистичката вокација. Меѓутоа, со неочекуваниот бојкот на опозицијата во вториот изборен круг беше оневозможено создавање на парламентарниот политички дуализам, односно мултипартизам, што мора да признаеме создаде еден многу непријатен фитбек како на внатрешната политичка сцена, така и меѓу јавното мислење во државата и вон неа. Како што знаете политиката секогаш не потсетува дека таа е секогаш со алтернации и дека секогаш постојат две тенденции во неа. Со овие настани беше создаден еден хомоген Парламент, дури мислам премногу хомоген, некои велат Парламент на едноумието. Јас не би го употребил тој збор, бидејќи со едноумието и со комунизмот Македонија одамна расчисти, но сепак, Македонија иако не се врати назад, посакуваниот темпо на демократскиот развој со таквиот хомогенизиран Парламент почна да подзастанува. Од бројните негативни консеквенции би ги издвоил неколку. Членките, партиите на Сојузот, особено пратеничките групи почнаа да го губат својот идентитет. СДС почна да еволуира во едно масовно движење , додека Либералната партија во една група за притисок, почнаа да се диференцираат разни групи за притисок, интересни групи, лоби друштва чија основна цел беше профитот. "Преголемата ефикасност" на пратениците во Парламентот и склеротичната парламентарна индиферентност се почувствува во целото социјално и политичко миље на Македонија. Стивнаа невладините организации, интелигенцијата се маргинализира, медијата загубија од својата критичност, се појави мошне силно жолтата штампа, додека критичните идеи и творечките мисли изостанаа. Коалиционата

идила влијаеше постепено и во рамките на Парламентот да се заборави на народот на неговите социјални проблеми, на стечајот. Но знаеме дека плурализмот значи слобода, плурализмот е здравјето на секој политички живот. Затоа заминувањето на нашите политички партнери во опозиција е еден голем плус за демократијата во Македонија. Таквата одлука ќе означи и диверзификација на политиката, но не и поделба на нашиот народ. Пјер Абелар, еден француски филозоф и сколастик уште во XI век ја искажа славната реченица:"Разликите не значат непријателство". Сметам дека и таквите односи ќе заживеат и во политичкиот живот и на овој Парламент и вон него. Политичката поларизација , распаѓањето на политичката коалиција меѓу СДСМ и Ј1П не ја сфаќам драматично, туку како една очекувана еволуција на уметноста наречена политика, односно, политичка компетенција во едно општество кое напредува кон демократијата. Оваа поларизација меѓу политичките партии нема да создаде поларизација и расцеп меѓу народот со оглед дека што нашиот народ го сочувал своето единство во многу подраматични околности отколку што е ова сосема нормална еволуција. Поаѓајќи од сето тоа се надевам дека новиот состав на Владата ќе биде во состојба во видоизменетата политичка биографија успешно да се соочи со предизвиците кои им стојат на него.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе се обидам во една друга конотација без политички набој да ги изнесам причините кои што за мене потегот на премиерот на Владата за реконструкција на Владата го прават повеќе од правичен. Во изминатите четиринаесетина месеци мој впечаток е дека Владата наметна темпо и успеа да стане

доминантна во однос над Парламентот. Не е чесно да се каже дека не работела. Напротив понуди , а ние изгласавме доста законски проекти, но истовремено коректно е да се признае дека резултатите во сите речиси животни сфери се незадоволителни. На пример во стопанството каде што имаме огромна рецесија, каде штрајковите и стечаите станаа секојдневна појава, каде што работници има се помалку и каде што успешните претпријатија можат да се избројат на прсти. Вработувањето исто така е во очајна состојба. И така застрашувачките бројки на невработени секојдневно се зголемуваат со бројот на оние кои го губат статусот на вработени. Развојот и инвестициите освен на хартии и проекти за во фиока, не успеаја да исфрлат на површина нешто практично. Од многу оптимистичкото најавување на финансиско помагање на приватната иницијатива нема резултати. Долго најавуваните кредити никако да стигнат до оние кои умеат и се подготвени да инвестираат. Не се подобри и состојбите во земјоделието. И оваа година 60-70% од раноградинарското производство ќе се фрли. Веројатно и оваа година пак ќе се решава проблемот со пченицата, тутунот и слично и секоја година се само палијативни решенија. Долгорочно ништо. Колку и да е оправдано сепак крајно бизарно е во државата по се изгледа единствено прецизно и ефикасно да функционира само фискалниот елемент. Беспрекорно редовно и секогаш точно пристигаат судските решенија за ненаплатена електрична енергија, за ТВ претплатата дури и за оние граѓани кои живеат во населени места каде што немаат ТВ сигнал, за вода, за наводнување, без оглед дали граѓаните наводнувале или не итн. Во една таква состојба неминовно е нешто да се менува и неминовно е да уследи реконструкција на Владата.

Имам и некои конкретни лични забелешки на работењето на Владата. Сметам дека Владата во својата програма не секогаш имаше најсреќна селекција и приоритет за некои прашања како од интерес на државата , така и од интерес на граѓаните. Мене се уште не ми е јасно зошто не се донесени и предложени законите во кои се дефинира јавниот интерес, Законот за јавните претпријатија, законот за водите, за шумите, за комуналните претпријатија и слично. Беше доста експлоатирано прашањето и јас ќе го кажам и покрај тоа што јавно презеде обврска Владата не го ни отвори можеби едно од најкруцијалните прашања дури за сопственото функционирање, Законот за органите на управата и средувањето на државниот апарат во прокламираниот рок од 6 месеци. Истото се однесува и на законот за радиодифузијата. И најпосле концентрирањето на власта во 15-20 луѓе не можноста нешто да се одлучи и реши без министер е моја најкрупна забелешка. Тоа направи воопшто да не се третираат практичните проблеми. По инерција од претходната и оваа Влада едноставно го прифати тој начин на работа. Мене посебно ми е задоволство и ќе го поддржам новиот предлог на претседателот на Владата за реконструкција на Владата и неговото експозе, бидејќи токму во ова експозе мислам дека претседателот опфати повеќе од овие прашања на кои што има и конкретни забелешки. Јас верувам дека денес ќе ја изгласаме новата Влада. Сакам да верувам дека таа ќе биде причина работите да тргнат конечно од мртва точка. Се плашам дека ако не биде така, не по 14, туку по 6 месеци не ќе има веќе на кого да ја префрлиме одговорноста. Таа е наша, нема веќе ембарго, нема санкции, за среќа се поголема е веројатноста да ја снема и војната од овие простори. Тешкотии има, но ние се понудивме, а граѓаните не избраа за да

работиме на тоа што поефикасно да ги надминеме и да ги решаваме проблемите. За овие проблеми сметам дека не можеме само да ја обвиниме Владата, виновни сме и ние како пратеници. Несфатливо е во вакви услови приоритет да ни биде занимавањето со самите себе. Убеден сум дека многу колеги и пратеници не се задоволни и тоа го чувствуваат преку граѓаните што ги претставуваат. Исто така, сум убеден и во тоа дека поголем број пратеници не се задоволни од тоа како правилата вообичаени за секоја парламентарна демократија функционираат кај нас. Во интерес на зачувувањето на дигнитетот на институцијата пратеник, чувствувам за потребно да нагласам дека ова Собрание не треба само да знае, туку и постојано да потврдува преку работењето дека тоа е институцијата што носи закони, а не Владата. Едноставно не треба и понатаму да се дозволи Владата секогаш да го има главниот збор, туку Парламентот. Така ќе биде подобро за сите нас.

И на крај без многу да навлегувам во причините и поводите за оваа реконструкција, со желба да не се занимаваме со себеси ќе кажам само едно. Почитуваните колеги од ЛП треба да прифатат дека досега имаа многу шанси освен со соопштение да потврдат дека се за Сојузот. Не може секогаш да се профитира, макар и во политиката профитот треба да се заработи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ќе почнам со дигресија. Денеска многу вода се носи, некои рекоа дека е историска седница со што јас не се согласувам. Една обична реконструкција на Влада. Кога нешто не оди на прашањето што да се прави, одговорот е, нешто треба да се менува. И токму тоа се случува денес.

Парламентарната група на ПДП очекува од оваа реконструирана Влада да биде поефикасна и со повисок степен на политичка одговорност, впрочем и составена е од политички партии кои партиципираат во истата. Со оглед на тоа што денес во оваа Влада не партиципира ЈТП, тоа значи во составот на Парламентот ќе имаме опозиција и се надеваме дека ќе биде конструктивна. Оваа Влада денес предложена како реконструирана Влада е Влада на држава веќе членка на Советот на Европа, на ОПСЕ, партнерство за мир, ПАРЕ и на многу други меѓународни институции и асоцијации, а тоа значи за вас господа министри многу повеќе одговорност, многу повеќе обврски, многу повеќе ангажирање и многу повеќе почитување на европските стандарди при вршење на власт. Тргнувајќи од структурата, односно, составот на министрите во вашиот кабинет г-дине премиер, со право очекуваме поголемо чувство и флексибилност за меѓунационалните односи во државата и со позитивна афирмација на човековите и националните права на сите граѓани во Република Македонија. Статус кој гарантира рамноправност на писмото и јазикот на Албанците, образованието, посебно високото, медиумите и нашата адекватна застапеност во институциите на државата. Оваа Влада да продолжи уште повнимателно и ажурно да го третира прашањето на стечајните работници, пензионерите, социјално и материјално загрозените семејства. Процесот на трансформација и приватизација да продолжи напоредно со донесување на законот за денационализација со што ќе се коригираат големите неправди кои им се нанесени во минатото на голем број граѓани, семејства, верски заедници, институции и др., а тоа ќе овозможи поефикасно пренасочување на граѓаните при стекнување и заработување на материјални добра. Загрижува состојбата во одделни

сегменти на личната безбедност на граѓаните. Во последно време сведоци сме на разни убиства и други начини на лишење на живот, стопански и друг вид на криминал. Од тука од новата Влада се бара неодложно превземање на сите мерки за прекинување на натамошниот тек на ескалирање на овој вид на тенденции, обезбедување лична и правна сигурност на граѓаните. Оваа Влада мора да најде механизми за поефикасно функционирање на државната администрација, таа биде поажурна, подисциплинирана и што подостапна до обичниот граѓанин не разликувајќи го истиот по национална, социјална, верска или било која друга припадност. Посебно тие кои се на шалтери , треба да се однесуваат со граѓаните како стјуарди или стјуардеси.

Една од поважните области за сегашноста и иднината на оваа држава е секако стопанството и економскиот развој. Сега кога полека санкциите од север се симнуваат, блокадата од југ е веќе минато, кога Македонија се зачленува во сите европски меѓународни финансиски институции со право се очекува прекинување на натамошниот пад на производството, отворање на нови развојни перспективи и подобра иднина за сите граѓани. Во поглед на надворешната политика по заокружувањето на процесот на зачленување и интегрирање на Републиката во европските и светските асоцијации, се очекува поинтензивен пристап кон натамошно подобрување на односите со соседите и пошироко, зајакнување на европската ориентација и претворање на Македонија во држава каде што развојот на демократските односи и степенот на човековите и националните права ќе биде на завидно ниво. Нашата поддршка произлегува од определбата на Партијата за демократски просперитет за изградба на држава на

рамноправни граѓани и националности, економски развој и благосостојба, развој на демократските процеси. Со нашето учество сакаме да се постигне имплементирање на ставови и гледања за кои имаме општа согласност, ставање на располагање на нашиот политички и интелектуален потенцијал за отворање и развивање на демократските процеси. Со нашето учество во извршната власт и во другите органи на управата и државните институции сакаме и граѓанинот Албанец да стекнува доверба кон истите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Структурата на овие органи треба да биде адекватна на националната структура на населението. Тоа воедно треба да значи надминување на недовербата и антианбалското расположение кое за жал не ретко е присутно во овие институции. Создавањето на политички амбиент кој овозможува прешалтување на свеста која тешко се помирува со фактот дека албанците се значаен фактор за нормален демократски просперитет на Република Македонија.

Во последно време од разни политички партии и средства за информирање се манипулира со фактот дека Партијата за демократски просперитет дава бланко поддршка на премиерот и на Владата на Република Македонија, дека се запоставени интересите на граѓаните односно дека се учествува во Владата без политичка платформа. Тоа едноставно не е вистина. Таа платформа што беше предмет на разговори уште при формирањето на новата влада после изборите не еднаш е потенцирана и образложена од наша страна и во неа се содржани најзначајните точки од општ интерес, посебно од интерес за албанците во Република Македонија. Тука се содржани прашања од областа на положбата на албанците, јазикот, образованието, културата, информирањето итн. Дел од нив веќе почна и да се спроведува, се разбира со проблеми и недоразбирања. Во голем дел останува обврска и на оваа влада. Ако е така, а факт е дека е така, тоа добро го знаат и тие кои перманентно го покренуваат ова прашања. Нашиот одговор е: Партијата за демократски просперитет е цврсто определена преку политички средства, дијалог и по мирен пат да ги остварува програмските определби и интересите на граѓаните кои ги застапува. Оваа определба може да се оствари со принципиелно, рамноправно учество како во законодавната така и во извршната власт.

XIII/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа што денес не добивме на разгледување ниту извештај за досегашната работа на оваа влада, ниту програма на оваа новата влада што ќе работи, туку материјал наречен експозе во кој беа кажани одредени работи, јас би се обидел истите работи да ги прикажам на многу поприфатлив јазик односно експозето да биде поприемчиво за повеќе граѓани на Република Македонија. Имено, уште на првaaт страница се кажува дека премиерот со новата влада мисли дека ќе работи многу поефикасно, поажурно и успешно. Ако е така значи дека досегашната влада не може да се пофали со тоа. Сега да видиме што во истото експозе премиерот го кажува како успех на оваа Влада.

Како прво, најголем успех уште на почетокот го стави тоа дека се успесите во надворешната политика. Веднаш да разјасниме дека тоа министерство го имаше Либералната партија.

Втор дел успесите кој го образложи во тоа експозе беше лоциран во делот на земјоделството, и со конкретни показатели беше кажано дека во тој дел има успех. Пак морам да ви кажам дека сепак и тука беше министерот либерал.

Исто така, во трет дел беше кажано дека е постигнат успех и во делот на законот односно 25-те загубари, популарно наречени, каде што сепак сакале или не пак беше министер од Либералната парти

Меѓу другото, во експозето беше кажано дека во успесите беше тоа што е постигнат стенбај аранжманот. За полесно да се разбере што е тоа сепак би кажал дека стенбај аранжманот претставува само одлагање на долговите и ништо друго, така што не е некој посебен успех бидејќи во ниеден дел од експозето не слушнавме како и дали Владата успеала да ги намали долговите на државата, дали Владата успеала да обезбеди

поголем општествен производ и сл. односно да го зголеми стандардот на граѓаните.

Како логичен заклучок кој се наметна слушајќи го експозето е тој дека премиерот, просто кажано, немајќи сила или како што тој често знае да каже доблест, да даде оставка на целата Влада, имаме случаи да се нуди нова Влада во која ги нема министрите кои по кажувањето на премиерот нешто и направија, додека во новата Влада останувaат министри кои очигледно воопшто ништо не успеале да реализираат. Ако основната причина на премиерот не е на тие министри што не успеале нешто да направат да им даде шанса да се поправат и нешто да направат или во истите ресори или во други ресори, или што би се рекло поинаку, ако нема повеќе камчиња тука да собираме, да излеземе малку надвор да побараме камчиња, тогаш основната причина јасно дека се наоѓа во желбата да се раскине сојузот и да се преземе целата власт, грубо игнорирајќи ги изборните резултати.

Од друга страна, цитирајќи една многупати повторувана реченица од страна на премиерот изречена во предвечерјето на сите овие настани, како и за време на објавувањето на составот на оваа влада, а која реченица беше обилно цитирана од средствата за информирање, би го кажал следното, односно реченицата е оваа: "оваа Влада" се мисли на новата "ќе биде сериозна и одговорна". Веднаш се поставува прашањето дали оваа досегашна Влада со овој мандатор во своето едноипол годишно постоење и работење беше несериозна и неодговорна, бидејќи самото тврдење дека оваа влада ќе биде сериозна и одговорна повлекува дека досегашната ги немаше тие атрибути. Дали тоа значи дека мандаторот односно премиерот свесно предлага де сериозни де несериозни влади. Ако е тоа така, во кој дел од сериозноста односно одговорноста на Владата се наоѓа на пример акцијата за борба против криминалот. Тоа беше една активност на Владата која беше на големи

ѕвона промовирана и уште повеќе со голема помпезност беше следен и текот на таа акција, како во изјавите на претставниците на Владата, така и во средствата за информирање. Но сега од денешна гледна точка може многу јасно да се видат и ценат преземените активности на Владата, кои се сведуваат на тек тук неколку замени на луѓе и наеднаш се се стиша. Гледано по обемот на преземените дејствија во рамките на оваа акција испаѓа дека се сменети или разрешени многу мал број на службеници или функционери во составот на службите на Владата, а за никого од нив или пак некој друг не се поведени никакви постапки Значи, можни се следните размислувањата или обемот на криминалот во Македонија е мал и сразмерно на тоа и бројот на разрешените и сменети луѓе, со што воопшто не кореспондира и не е компатибилна најавата на акцијата и нејзината популаризација или пак сразмерно на интензитетот на најавата, криминалот во Македонија е доста распространет, но сега пак тоа не е компатибилно со преземените мерки. Очигледно дека размислувањата сериозно - несериозно се потполно компатибилни со почетокот и текот на акцијата на Владата т.е. дека Владата т.е. нејзиниот премиер се однесувале несериозно за сериозни проблеми. Сега пак во експозето слушнавме дека акцијата за криминалот се уште ќе продолжи со новата влада која акција не знам дали трае бидејќи одамна веќе немам слушнато дека трае таа акција.

Знаејќи кој во досегашната влада беше ресорно задолжен за санкционирање на криминалот, а имајќи го предвид и фактот дека истите министри во претходната влада се наоѓаат и во списокот на но- вата влада, каква сериозност и одговорност можеме да очекуваме од оваа нова влада.

Сите бевме сведоци кон крајот на минатата година кога го донесувавме ребалансот на Буџетот за 1995 година кога заеднички констатиравме дека остварувањата на приходите на буџетот во делот на

акцизите се реализирани со цирка 60% од предвиденото ниво на средства. Тука морам да напоменам дека сепак акцизите претставуваат еден од најзначајните извори на средства во Буџетот. Но сепак тоа не пречеше министерот кој го дозволил сето тоа одговорно однесување да се најде на списокот на новата одговорна влада.

Ќе ја искористам приликата да 6е потсетам на едно пратеничко прашање поставено од мене уште во мај 1995 година, кое гласаше: Кој од министрите го чува повеќе месеци во својата фиока предлогот на законот за земјотресот во битолско - охридскиот регион. Иако веќе наредната недела после моето прашање Владата го достави предлог - законот до Собранието, јас до ден денешен се уште немам добиено одговор на моето прашање.

Денес прашањето ќе го променам и ќе гласи: Дали г-динот Миљовски го чуваше Предлог-законот за земјотрес во својата фиока повеќе месеци и зошто. Дали тој тогаш сериозно и одговорно мислеше граѓаните од овој регион да ги остави што подолго без нужната помош на државата.

Во овој контекст морам да потсетам дека уште едно пратеничко прашање поставено од мене, за кое се уште немам добиено одговор односно: Кога Владата мисли да ги исплати заостанатите милион и 400 илјади марки наменети и ветени и јавно промовирани како еднократна помош за настраданите од земјотресот, а кое нешто се содржи во Одлуката на Владата од 3 октомври 1994 година.

Ги прашувам пратениците, посебно од настраданите региони, како мислат сериозно да излезат пред очите на своите избирачи доколку гласаат за г-динот Миљовски и после сето ова што сериозно и одговорно го направи за овој регион во ова време.

XIII/6.-

Би сакал да размислиме и на темата сериозно и одговорно делење на ресорите. Имено, непобитен е фактот дека мандаторот по трет пат Министерството за стопанство го доделува на друга партија. Од друга страна исто така непобитен е фактот дека било која проекција за развој на Македонија во базичните постулати претпочита развој на стопанството. Сумирајќи ги претходните констатации јасно е дека тој што сериозно и одговорно мисли за развојот на Републиката мора во своите примарни ангажмани да го постави стопанството. Но за жал мандаторот по трет пат сериозно и одговорно својата партија ја ослободува од едно жешко министерство и со тоа јасно става до знаење каков е неговиот став спрема развојот на стопанството.

На темата политичка одговорност на Владата се наметнува прашањето како е можно да се очекува политичка одговорност од министри кои не така одамна се декларираа како експертски и политички неопределени. Имено, г-динот Таки Фити при формирањето на Агенцијата за приватизација, што беше многу скоро пред нас, себеси се прогласи како експерт и партиски неопределен. Сега наеднаш е партиски определен и згора на тоа партиски одговорен.

Тука исто така е чудна генезата на господата Миљовски и Фрчковски кои своевремено беа партиски декларирани, па потоа наеднаш да станат експертски и партиски неопределени во познатата експертска влада на г-динот Никола Кљусев, па после тоа наеднаш пак партиски да се декларираат и да заземат високи партиски места. Но сето тоа колку и да е чудно и интересно сепак не може да се споредува со однесувањето на мандаторот односно премиерот бидејќи тој ја промовира идејата за политичка одговорна влада, но за жал во предлогот што го имаме пред нас, по кој денеска расправаме, за ниеден од предложените кандидати не стои дали е припадник на некоја партија и на која. Така што и со овој случај фразата политичка одговорност е сепак

само издуван балон.

Во контекстот на политичката одговорност се поставува и прашањето на политичка одговорност на мандаторот кој немајќи храброст да постапи согласно Уставот односно да поднесе оставка, го промовира неуставниот термин реконструкција односно темелна реконструкција кој масовно се користеше во медиумите во последно време, за наеднаш пред нас се најде предлог не за реконструкција туку за избор на нова влада, нормално, согласно со уставните одредби. Битно е прашањето од кого и кога мандаторот доби мандат за нова влада, бидејќи според Уставот, како што се спомнува во текстот што го добивме се повикува токму на истиот член во Уставот, при промена на повеќе од една третиран од членовите на Владата се постапува како за избор на нова влада. Во секој случај, ова што досега го набројав претставува само еден дел од сериозноста и одговорноста која судејќи по претходниот состав, по предложениот состав, како и од коалиционите партнери кои премиерот ги наброја, допрва треба да го гледаме. Дали во делот на сериозноста и одговорноста спаѓа и тоа што премиерот се уште нема доблест да одговори на поставеното прашање, кое денес го поставија, дали согласно со уставните одредби тој се консултирал со претседателот Глигоров за ресорите за кои тоа треба да го направи. Со оглед на тоа што не кажа дека се консултирал, значи претпоставка е и логичен заклучок е дека не се консултирал, а тоа е апсолутно спротивно во однос на она што го слушнавме денес во експозето, како што стои за најискрена соработка и почитување помеѓу него и претседателот Глигоров.

Многу интересен е и фактот дека при промоцијата на програмата на досегашната влада пред една ипол година тогашниот мандатор со ниеден збор буквално не го спомна Сојузот за Македонија, што

очигледно покажува дека уште тогаш се имало идеја за реализација на ова што сега го правиме. За разлика од тогаш, во експозето за оваа влада кое денес го слушнавме, не само што се употреби терминот Сојузот за Македонија повеќе пати,» туку имавме чест да слушнеме и едно цело поглавје од програмата на Сојузот за Македонија. Дали тоа значи дека премиерот конечно сфати дека избирачите кои го дадоа својот глас за Сојузот веќе одамна знаат за крајните негови намери за раскинување на Сојузот, што сега се финализира и со обид тоа да се стави во денешната дискусија се прави обид малку да се ублажи сета работа.

Во експозето слушнавме и кои три партии се во коалиција за формирање на оваа Влада. Но во меѓувреме од една од партиите од коалицијата веќе слушнавме нов термин, ограничена поддршка, го слушнавме од оваа говорница. Дали тоа значи дека програмата на вториот коалиционен партнер која ја слушнавме од оваа говорница пак денеска е составен дел на програмата на новата влада која за жал како што реков јавноста ја нема на увид. Имено, дискусијата во врска со залагањето на ПДП, се разбира коалициониот партнер на оваа влада за таканаречениот Тетовски универзитет не можам да ја сфатам како дискусија на еден заинтересиран евентуално иден проректор на тој Универзитет, туку како партиски залагања кои понормален тек на нештата треба да претставуваат составен дел на програмата на коалиционата влада. Добро ќе беше ова да го видевме и да го слушнавме одговорно од мандаторот на оваа влада.

Со оглед на сериозната несериозност во основните причини за избор на нова влада, за разрешување на старата и избор на нова влада, со оглед на сериозната несериозност во предлагањето на поединечните министри, не можам а да не бидам против изборот на оваа влада нормално во потполност, во целина и во согласност со желбите на граѓаните кои мене ме овластија тука да бидам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ристо Масев.

**РИСТО МАСЕВ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, министри. Се наоѓаме пред еден предлог за реконструкција на Влада на РМ, кој чин за многу демократски земји во светот е многу вообичаена појава во политичкиот живот на една демократска држава.

Но, од претходните поодделни дискутанти, за мене неосновано се напаѓа еден ваков предлог, нез наејќи и самиот зошто и од каде тој став на одделна политичка група во овој Парламент за една ваква реконструкција. Само за пример, во Италија за 50 години парламентарен живот се сменети 46 влади.

Јас не би се осврнувал назад кон работата и учеството на одредена политичка партија во овој Парламент, парламентарен живот и би се воздржал од спомнуваше на поименично, како што тоа го правеше еден мој колега од друга политичка партија на оваа седница, меѓутоа само ќе кажам дека истиот тој колега пратеник од СДСМ и ќе го потсетам дека неучеството во политичката одговорност на Владата на неговата партија се манифестираше и преку неговата работа во овој Парламент, со тоа што даваше предлози на закони, дури и од осетливо и од суптилно значење како промена на име на еден град, не соработувајќи со другите тројца пратеници од истиот овој град иако најдемократски од истите му беше укажано дека волјата на народот на тој град се пренесува и се рефлектира не само преку него како избран пратеник од тој град, туку и

преку другите пратеници од неговиот град, а неговата опструкција во работата на Парламентот одеше и до таму што токму за тоа праша»е и тој предложен закон соработување со вонпарламентарната опозиција, намигнувајќи им дека ќе ги оствари нивните барања. Меѓутоа, не би се задржувал на такви примери во работата на Владата и Парламентот до сега. Само ќе се задржам на правниот аспект на формирањето односно реконструкцијата на новата Влада.

Право е на премиерот на Владата да ја цени и да ја оценува работата на поодделни министерства и поодделни министри. Негово право е да предлага реконструкција и состав на нова Влада, а дадено согласно член 94 од Уставот на РМ. Уставно право е премиерот да предложи министерска екипа која е многу поефикасна, многу поажурно, поуспешно ќе ја реализира промовираната програма на парламентарните избори.

Како човек, а не како пратеник пред се не можам да сфатам зошто политичка партија која не ја прифати предложената Влада избрана на 20.12.1994 година, а од само за нив познати причини, во која Влада партиципираа со свои министри, за цело време на функционирањето на истата ја промовираа тезата дека таа партија односно министрите од истата не се дел од владината коалиција и дека нејзините членови министри функционираат како министри по личен избор на премиерот.

Во држави со подолга парламентарна традиција ваквите промени во една Влада се третираат како нормален дел од демократскиот живот. Меѓутоа, сега од кога е најавена реконструкција на Владата, а посебно во неговиот финален дел, односно последните денови на ова финале

чувствувам зголемена чувствителност, дури и зголемена тензија и драматичност, а сметам сосема непотребно, пред се од причини ШЈ;О ваквата драматичност и зголемена тензија се резултат на една политичка партија присутна во овој Парламент, а која што самата не сакаше да учествува во Владата на РМ, односно не сакаше политичка одговорност.

Сметам дека се исполнети законските услови за промена на составот на Владата на РМ, во целост ја прифаќам предложената листа за состав на Владата длабоко верувајќи во способноста, храброста и чесноста на премиерот, му давам целосна поддршка.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Трајков.

**ИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Добро е што премиерот во своето експозе спомна дека требало и порано да изврши промена во Владата, односно како што рече работите да ги остави да течат по некоја своја логика. Тоа прашање имав намера уште поодамна да му го поставам за да се актуализира тој проблем во работата на Владата. Имено, заради тоа прашање само во неколку зборови сакам да го искажам чувството ан страдалниците, жители на струмичко, валандовско и гевгелиско, на луѓето што почувствуваа колку може човекот да биде нечовек, на луѓето кои почувствуваа еден неприроден земјотрес, земјотрес нарачан од Министерството за стопанство, преку

својот прв човек и  земјотрес наречен реекспорт на раноградинарски производи.

Имено, во периодот од 5 мај 199 5 година па се до 10 јуни истата година, само на граничниот премин "Ново Село" беше направена диверзија во споменатите 3 општини. Беше пробиена одлуката на Владата со која одлука беше забранет увозот на раноградинарските производи и тоа од 17 февруари беше забранет увоз за краставици, а од 21 март беше забранет увозот ан домати, пиперки и бостан од 15 јуни.

Со оваа одлука требаше да се заштити домашното производство од увоз. На споменатиот премин, само околу 30-тина возила, што шлепери, што соло, поминаа во тој период. Со што министерот сакаше да ја ублажи состојбата од недостиг на тие производи. Претпоставувам дека во моментот на таквата одлука проработила целата човештина.

Имено, како член на Комисијата за земјоделие на седницата одржана на 21 јули 199 5 година побарав да се расправа за реекспортот на која беше поканет и министерот за стопанство. Тој, во своето подолго излагање во свој стил, од околу 2 часа, рече дека е можно такво нешто да се случило во негово отсуство кога тој бил во Женева и тоа за количина од 2 до 3 возила, а за таа грешка го суспендирал од работа портирот во Министерството. Така, на Комисијата се донесе заклучок да се изготви информација во која ќе биде опишана настанатата состојба.

За чудо, информацијата ја добивме многу брзо. Многу различна од она што тој го велеше на комисијата. Во истата Информација добивме податоци дека во периодот од 5 мај до 10 јуни на граничниот премин "Ново Село" има поминато околу 30 возила односно количински над 380 тони домати и околу 100 тони краставици.

XIV/5

Што тоа значи сето тоа за земјоделците од овој крај? Овие луѓе беа доведени во состојба да не можат да ги платат придонесите по однос на пензиското и социјалното осигурување. од вкупните задолжувања ќе кажам за општина Струмица, за 19 94 година од околу 97 милиони денари во 1994 година се реализирани само околу 30 милиони. Или, за 1995 година, за 3-те тромесечја, задолжување од околу 65 милиони се реализирани само 9 милиони денари. директно се реперкуира врз живеењето на овие луѓе затоа што основна дејност на тие луѓе во 70% од населението е земјоделието и тоа исклучиво ранградинарското производство.

Што се случуваше во тие моменти? Истите луѓе не беа во состојба, како министерот од стопанството и неговите кои беа учесници во ова афера да патуваат во странство, да одат на одмори. Овие луѓе ја немаат таа привилегија да отидат на одмор и да го почувствуваат благодетот од своето работење. Не беа во состојба во едно поранешно време да користат кредити наменети за развој на земјоделието. Не беа во состојба да користат кредити за градба на индивидуални објекти, односно градба на објекти што ќе значат и проширување на својата дејност. Сето тоа, оваа година, 1995, значи и неработење на другите институции, односно ако тие луѓе го валоризираа својот труд ќе купуваа материјали, градежни материјали, ќе градеа куќи, ќе купуваа мебел, ќе создаваа работа и за другите организации. Значи, тоа е поврзано низ целиот систем во државата.

Сега, верувајќи во способноста на предложената нова Влада и давам целосна поддршка и нема да се повикам, како моите колеги за поддршката од страна на Сојузот, бидејќи бев еден од тие луѓе кој се

судри при изборите, односно беше на спротивната страна на изборите, така што ја почувствував силата на Сојузот на свој грб. Ги сфаќам луѓето од Либералната партија зошто се повикуваат на претседателот. Имено, врз неговите плеќи, можеби 20 и 30 од тие луѓе поминаа како пратеници. Не е ништо чудно....

(во салата настана џагорење) Процентите го кажуваат тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, ве молам.

Тихо.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Затоа, јас....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дозволете г-дин Трајков да доврши.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Затоа, јас во мојата дискусија не се повикувам на г-динот претседател Киро Глигоров, туку му давам целосна поддршка во неговата работа во иднина.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Коцевски барал реплика, јас пропуштив, не го видов. Спомнат беше од претходниот дискутант. Јас не го видов него.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Само неколку реченици.

Достоинството и политичката култура не ми дозволуваат да се спуштам на нивото на г-динот Масев за да на таков начин разговараме во Парламентот. Сепак, јас преферирам разговор со аргументи и факти, а не со разно - разни конструкции, измислици и обвинувања што немаат никаква врска со вистините. Затоа што, за иницијативата за која сум обвинет, г-динот Масев треба да знае дека безрезервна поддршка добив од 2 парламентарни комисии и од Владата на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

На крајот на краиштата и јас дојдов. Почитувани господа и госпоѓи.

Ова е ретка прилика да кажеме господата од Владата, од идната Влада и премиерот ги имаме тука и нормална работа, сходно на позицијата од која јас и мојата политичка партија делуваме ќе ги искажеме нашите размислувања по основ и на овој избор на Влада, сега на изборот на Владата, па во таа смисла сигурно тие ќе бидат многу подисонантни во однос на она што до сега се кажуваше, особено од мојата десна страна.

Колку што јас се сеќавам при дебата во овој Парламент, за привремената спогодба со Република Грција лично упатив еден апел до г-динот Црвенковски со оваа мисија - ако не сакате да бидете кормирал кој во континуитет брои загуби, треба да го промените тимот со кој

раководите. Денеска имаме токму таков предлог, не оти јас тогаш го предложив, но дека резултатите се такви да премиерот го предложи ова што денеска го предлага.

Прво, и во овој предлог на Влада се продолжува со експериментирање во менување на министерските фотелји за истите лица.

За мене, лично е несфатливо да се направи акробација од овој вид: од внатрешни работи да се аторира во Министерство з а надворешни работи или пак од Стопанство преку Наука да се дојде до Образование или од министер без ресор преку човек кој е фронтмен на реформите до Финансии и рикверц да се врати во потпретседател на Влада или пак акробациите Стопанство - Развој па пак рикверц во Стопанство. Ова го кажувам од едноставна причина што ваквите акробации тешко да можат да бидат спроводливи и во некои спортски тимови, а не камоли да кажеме во една Влада.

Јас да кажам, не завидувам лично дека г-динот премиер изгледа има универзални играчи кои се толку способни со успешност да ги обавуваат работите независно со кое министерство раководат.

Тоа што се однесува до ова експериментирање, јас го спомнав и при избор на оваа Влада и тогаш бев сигурен дека е тоа штетно, пак денеска сум длабоко убеден дека иднината ќе ги потврди овие мои ставови.

Понатака, што се однесува до Министерството за внатрешни работи^пак ни се предлага човек кој доаѓа од Правниот факултет и кој раководеше со форумот за човекови права со седиште во Скопје. Кога ќе се анализира сето она што секретарот на тој форум за човекови права т.е. господинот Фрчковски веќе бившиот прв полицаец го правеше со Форумот за човекови права во Гостивар јас можам со жалење да констатира, дека изгледа пак ќе ни се продолжи истата практика пак сега

со министер за внатрешни работи иначе претседател на Форумот за човекови права со седиште во Скопје.

Понатака, карактеристика која е да кажеме за кажување е моментот што и во овој состав на Влада имаме зголемено присуство на кадри со високи теоретски звања, што дефакто би требало да значи атерирање во експертска Влада со политичка база, што сигурно вака објективно ако се анализира^би било за поздравување, но кога ќе се анализира колку да кажеме тие теоретски звања обично во Македонија имаат заеднички или додирни точки со практичната верификација тука веќе ситуацијата се менува, па во таа смисла на овој засилен тим да кажеме доктори по економски науки им останува обврската да преку практични резултати ги верифицираат сопствените високи теоретски звања.

Што се однесува до раскинот на Лигата за Македонија можам само ова да го кажам дека лично го поздравувам тој чекор ако не за ништо друго од едноставна причина што со тој чекор добива опозицијата, добива политичкиот живот во Македонија^додека, да бидеме објективни ќе има губитници на индивидуален и на групен плат, особено во економската сфера. Инаку јас лично тоа го подразбирам како од конфликт на интереси во економската с^ера што доведе до овој распа^- што ние денеска го имаме А знаете јас,како господинот Харуни изгледа малку се потиме повеќе,имаме преголема енергија да кажеме во тој аспект и нема да замерите. Знаете,и ако го имаме шеќерот  онда јас сум задоволен што во овој Парламент има бааги доктори да кажам по професија и ако има потреба сигурно ќе атерираат на помагање нели така другари. Сигурно. Но шалата настрана.

XV/1.-РД/ОМ

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Е сега ако се анализира од аспект на гледна точка од г-динот Вангелов за досегашната работа на Владата, моите размислувања се следните:

Прво, надворешна политика, факт е дека има резултати но тие се последица на фактот што нашата држава е прогласена за американски национален интерес, што лично за мене е за поздравување.

Понатаму, кога ќе се анализира економскиот систем, освен резултативе кои постојат во финансискиот сектор, кој се рефлектираат преку стабилен курс на денарот и едно цифрената инфлација состојбите во другите состојби на економскиот систем се сосема поразителни, факт кој самиот премиер го констатираше во своето експозе. Во случајот на денарот токму спротивното на економската теорија и практика, значи стабилен денар повеќе од две години како разлутат на инсталираните финансиски сидра од ММФ и зголемената понуда на девизи од нестопански извор од една страна , додека од друга страна стопанство во банкрот со дефицит во растење во надворешниот платен промет, како последица на намалениот извоз, помеѓу другото и како резултат на големиот диспаритет помеѓу внатрешните и надворешните членови. Понатаму, засилениот тим на доктори по економска теорија ќе има сериозна обврска да понуди квалитетна понуда за стабилизација на реалниот сектор , за да не се случи стабилниот денар да ја има судбината на стабилниот динар на Аврамовиќ од соседната Србија. Фискалната политика претставува двоен промашај на оваа Влада во континуитет и од аспект на полнеше на Буџетот во државата, како и за последиците кои ги остави во стопанството експериментите кои досегашниот министер ги правеше во оваа сфера како и бранењето на досегашните решенија, се покажаа контра продуктивни во  двете насоки.

XV/2.-

Неопходноста од промените во оваа сфера се неминовни во насока на намалување на севкупните фискални давачки и воведување на нови организациони структури и механизми во сферата на контролата на платата на јавните приходи и создавањето на ефикасна фискална даночна управа. Се фалите дека девизните резерви се зголемуваат и се спомна бројка некаде од 200 и нешто милиони долари. Но никако да спомнете од каде се изворите на тие девизни резерви , а од друга страна воопшто не го коментирате големиот дефицит кој го имате во платниот биланс на државата. Јас мислам дека тој како момент е многу битен од многу причини кој ние ги знаеме и сигурно е дека на тој момент треба да се осврне поголемо внимание.

Понатаму, редуцирањето на трошоците во јавниот сектор во државната управа сосема неадекватно во однос на декларираните ветувања за рационална деоплитизирана и професионална државна управа. По се изгледа сме меѓу ретките земји во светот која истовремено има и политичка Влада но и политичка управа. Факт кој сигурно треба да загрижува. Во последно време на армијата на стечајните работници им се приклучат и државните чиновници чиј број е позначителен во сите државни структури од највисоките до најниските. Пред се, почнувајќи од самата Влада, преку парламентот до сите инстанци не случајно ветеното во оваа сфера го заборавате, бидејќи токму во тој ешалон се вашите сопартииици. приватизација, проект кој г-динот Миљовски во фазата на промовирање го претставуваше како најдобар од сите досега реал социјалистички земји истакнувајќи притоа дека во нашиот случај се работи за приватизација, слободно може да се рече дека краткорочно , врз база на резултатите кои се постигнати досега доживеа потполн крах. Ваквиот резултат е последица на концептот зацртан во законот и дефинираната цел која во суштина значи трансформација на општествената сопственост во колективна сопственост на вработените,

односно модерно прекрстено во работничко акционерство. Прифаќањето на наводната приватизација , по законот на Марковиќ значеше во голем случај кај малите и средните претпријатија факт дека општествениот капитал учествува со испод 50% во структурата на општествениот капитал кој се нудеше за приватизација и како резултат на таквиот чин воопшто не постоеше , ниту постои интерес на приватниот, или на надворешниот капитал да влезе во овие претпријатија. Знаете господа без нови слободни финансиски средства, без нов финансиски капитал нема ниту ќе има развој ниту ќе се постигне она што е дефиниран како цел. Значи ефикасност на субјектите кои до вчера беа општествени, а да кажеме во текот на овој период ќе станат приватни. Значи без тој капитал ние можеме само да се лажеме дека правиме само пресметковна приватизација, а не сфатена приватизација. Мимо сите олеснувања и бенифиции кои ги вградивте во овој закон со што го скршивте рбетот на приватизацијата никако да ја достигнете бројката предвидена од Светската банка. Значи вашиот не одданочен маркетинг дека приватизацијата успешно се реализира никако да добие практична верификација преку ефикасно стопанисување на приватизираните правни лица која беше дефинирана како најбитна цел на Законот за приватизација. Наместо да се продолжува со стимулациите на извозот и либерализацијата на увозот кој е во функција на извозот и воопшто со реализацијата на увозот во правец е спротивното со мерките кои ги донесувавте во даночната и тарифната сфера во кој мерки заедно со фиксниот курс на денарот во голема мера ги парализиравте извозниците. Не случајно да кажеме имаме големо опаѓање на извозот и имаме катастрофална позиција кај извозниците. Ако досегашните извозни стимулации се делумно реликт на минатото, тогаш треба да предложите нови кои се компатибилни со новиот систем. Бидејќи ризикувате да ја направите големата краткорочна, а јас би рекол и долгорочна развојна грешка. Бидејќи

извозот е приоритет на сите приоритети без кој приоритет нема излез од стопанскиот банкрот во која се наоѓа економијата на Македонија. Девизните штедни влогови од страна на премиерот воопшто не се спомнаа во неговото експозе. Истите како едни од тековните проблеми на тековната политика не добија адекватен третман од страна на оваа Влада, а особено не решавањето на проблемот на исплатата на каматите на овие влогови ќе претставува голема пречка за поттикнување на девизното и домашното штедеше и извлекување на финансискиот капитал кој се чува по домашни трезори како последица на изгубената доверба во државата и финансиските институции. На овој план скоро ништо не правите г-дине Црвенковски и затоа во Вашето експозе воопшто не се осврнавте на овој проблем.

Понатаму, спомнавте дека се склучени аранжмани со ММФ и дека делумно е регулирано репрограмирањето на долгот да кажеме кон надворешни институции и кон надворешни банки. Јас можам во оваа прилика само да Ви спомнам еден успешен пример на регулирање на овие проблеми. А тој пример е во соседна Албанија чија Влада успеа да отпише 500 милиони долари да го отише целосно како долг и денеска Албанија воопшто нема ни еден долар или марка да кажеме долг кон странство. Значи во оваа смисла треба да се каже дека и во овој домен Вашите залагања преку големиот тим на доктори на економски науки дадоа и даваат симболични резултати. Тоа е целата вистина и ништо повеќе. Проектот 25 загубари пропагиран како еден од клучните за успешното спроведување на реформите треба да признаеме доживеаја потполн крах. Проектот беше пред се, поттикнат од политички, јавна тајна е дека под притисок на најавените социјални протести , особено во Скопје, а не од економски побуди, а згора на тоа се потроши непотребно цела година за да се констатира она што на почетокот на годината се знаеше. Во оваа прилика треба да се спомне фактот што по овој голем

проект, во голем број случаи државата не ја исполни својата обврска од аспект на обезбедување на потребни обртни средства, односно до средствата предвидени од Светска банка, многу малку или ништо не се даде на 25-те загубари. Парите изгледа се потрошија за други намени, познати само на Владата. Случајот Силика - Гостивар е доста симптоматичен во овој контекст. Имено владиното кадровско и материјално решение беше испод секое ниво, затоа и после една година не само што нема резултати, туку напротив, состој- бата ескалира на полошо. Проектот за 25-те загубари јас слободно го дијагностичирам со медицински речник, бидејќи имаме овде лекари терапијата била успешна, но пациентот ни е во кома. Борбата против организираниот криминал како еден од приоритетите, претставува уште еден прворазреден промашај на актуелната власт. Факт е дека беше констатирано и во експозето на премиерот. Да знаете господа ние од опозицијата немаме друго, освен да укажеме . Инаку во сите други димензии ние политички во однос на извршната власт што сме? Сме нефункционални. Па затоа трпение да ги искажеме нашите размислувања. Значи на вашиот приод во борба против криминалот и корупцијата, односно, против сивата економија одговара еден дамнешен спот на македонската телевизија кој гласеше: "Сменете ја фризурата отворете го вашето ново лице". Значи во тој рекламен спот јас го гледам како вие досега ја спроведувате ова да кажеме борба против организираниот криминал. Зошто? Многу убаво господа, воопшто како Влада не покренавте ниедна судска постапка против луѓе кои биле инкриминирани во таквите дејствија. Вршевте само разрешувања од третиот, четвртиот и петтиот ешалон, без да констатира- те одговорност на лицата од вториот, третиот , а да не зборуваме за првиот ешалон. Тоа е целата вистина и од таа вистина не може да се бега.Вашите коментари

по основ на оваа појава во стилот дека и кај нас постои оваа појава, но е далеку испод другите земји од реал социјалистичкиот блок укажуваат на непознавање на димензиите на ваквата појава и за не сериозниот пристап во борбата против оваа малигна појава, по- јава која во голема мера го руши авторитетот на државата кај своите граѓани. Значи да резимирам на економски план. Според мое размислување низ сите овие години во кој владее оваа Влада слободно може да се каже дека освен резултатите во финансискиот сектор во сите други сектори забележувате порази во континуитет. Така кажува вашата статистика, така кажуваат сите компаративни анализи кои ќе се прават во економијата. Значи преостанува да се проанализира досегашната економска политика и да се видат сите недостатоци за да се стабилизира реалниот сектор. Без стабилизација на тој сектор џабе може да се пофалиме дека имаме стабилен курс, дека имаме едно цифрена инфлација, а сите други параметри ни се равно на економија во банкрот.

Политички систем и демократија, правна држава , од третото па до првото. Со самиот чин што Уставниот суд на Македонија ги прифати до 30% иницијативите кои се покренаа со цел за негирање на закони, акти на Владата , на парламентот и на другите државни тела покажува дека нашата државна администрација , но јас би рекол и Владата и парламентот не се на ниво на својата задача. Значи 30% од иницијативите се прифатени, а од овој парламент познати Ви се најголемите гафови кои се направија особено со Законот за сметководство, со тие фамозни сертификати и со последните измени со Законот за претпријатија. Иако и ние го знаеме и Владата го знае, сега се поставува прашањето воопшто не се покренува прашањето на одговорноста на тие лица кои ги предложи тие акти кои беа во спротивност со Уставот на Македонија. Напротив, се врши, што, нивно

унапредување. Понатаму, што се однесува до движењето на демократските процеси, сигурен сум да констатирам дека актуелната влас ќе ја сноси хипотеката на кочничар на овие процеси во Македонија. Сигурно пред таа хипотека треба добро да се размисли.

Меѓу етнички односи. при конституирање на оваа Влада, г-динот Црвенковски меѓу другото имаше забележано дека меѓу етничките односи се еден од столбовите на стабилноста на Република Македонија, дека Македонија е заедничка држава која подеднакво им припаѓа на сите граѓани, без разлика на нација, вера, јазик, култура и т.н. Една елементарна споредба помеѓу напишаното и реализираното ќе ја исфрли на површина според мое убедување и уверување длабоката хипокризија која постои во напишаните констатации. Ова што го изреков како констатација конкретно ќе го анализирам при елаборирање на следната тема. Партиципација на една албанска партија во актуелната екзикутива. Да се пот- сетиме. Од владите во кои учествуваа и самите албанци ни останаа за сеќавање и не заборавање следните настани. Битпазарското крвопролевање за кое до ден денеска не се најдоа виновниците, иако постоеше една парламентарна комисија раководена од еден парламентарец од овој собра- ниски состав.

Второ, измислената афера со оружјето , односно во печатот назначена како паравојска во која страдаа најмалку виновните, додека режисерите стигнаа на врвот на парламентарната и извршната власт. Извршениот попис заедно со спорните резултати од истиот со кој се потврди бројката која актуелната власт ја пласираше и пред да се изврши пописот,ќе кажете прогноза за Гинисова книга. Законот за државјанство и над 120 илјади апатридни полнолетни граѓани од кои сигурно над 80% албанци. Крвавата интервенција на полицијат ана веќе бившиот прв полицаец врз албанскиот Универзитет. Игнорирањето на

XV/8.-

Универзитетот во Тетово и прогласувањето на истиот за незаконит и не уставен. Законот за локална самоуправа кој дефинитивно ја устоличи Македонија во унитарна држава со едно национални правни белези. Сведување на албанскиот јазик на ниво на локалност и приватност, наместо устоличење на ниво службеност и ред други нешта. Значи мимо поразителните достигнувања од учеството во извршната власт и мимо честите демагошки изјави во последните месеци дека учеството во Владата не дава резултати и дека ако не се изврши институцаниолизација на тетовскиот универзитет иако не се овозможи - службена употреба на албанскиот јазик на сите нивоа, па и во овој парламент дека ќе се напушти Владата, парламентот и така натаму.

XVI/1.- JJ/МЛ

**РУФИ ОСМАНИ** : (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи и во оваа реконструирана Влада ПДП го најде своето место со двојно повластено присуство во однос на парламентарната моќ, сигурно не случајно, изјавувајќи притоа користејќи се со речникот на нивниот, би рекол, ментор господин Фрчковски дека е тоа државен интерес на сите интереси. Кога ќе се анализира учеството во Владата од аспект на квалитетот на изборот на ресорите со кои ќе раководи спомнатата партија ќе се констатира следното. Наместо да се претендира за ресорите за образование, правда, култура и полиција, значи ресори во кои нивниот народ ги има најголемите проблеми, одеднаш истите се забораваат и за чудо се прифаќаат за да управуваат со ресорите од второстепено значење за народот кого го претставуваат, а од прворазредно значење за мнозинскиот народ во Македонија. Ваквата распределба на ресорите што во суштина значи замена на квалитетот со квантитетот во однос на барањата на Албанците ја открива на најилустративен начин марионетската улога на ПДП во актуелната Влада и претставува јасен барометар на изгубениот политички компас во простор и време во однос на времето на настаните и нивното значење на оваа политичка гарнитура.

Платформата на албанските партиципиенти веќе е јасна и истата нема ништо од нивната политичка програма, а особено нема ништо во однос на универзитетот во Тетово и официјалната употреба на албанскиот јазик. Значи, таа платформа експлицитно ја спомна господин Црвенковски во своето излагање, а тоа е веќе познатата платформа на Лигата за Македонија чии благодети на Албанците им се добро познати но изгледа со различен вкус за народот во однос на фотељашите кои се инсталираат во егзекутивата. Дали можат овие албански партиципиенти да разговараат со платформа што ќе се базира на општопознатите

барања на албанскиот народ во Македонија, сигурно не, бидејќи инсистирањето за таквата платформа ќе значи нивно отстранување од извршната власт, а таквиот ног даун, тие не се во можност да го поднесат, бидејќи сите нивни структури се длабоко исфилтрирани во таа власт и тоа би значело сигурно нивен распад.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Османи употребувајте ги уставните одредници за меѓуетничките односи и националните и меѓунационалните односи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Може ли да продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Благодарам. Како награда за имплицитно прифаќање на таквата платформа, неслучајно големиот брат од коалицијата ви отстапил скоро идентичен број на министри и заменици, колку што имате и парламентарци. Во оваа прилика не можам, а да не ги споменам дезинформациите од прв ред кои се пласираат во јавноста дека наводно и ПДП-А разговарала преку одредени субјекти на СДСМ за евентуално учество во Владата на Македонија. Треба да кажам дека ниту постоел интерес од страна на СДСМ, ниту пак постоел интерес од нашата страна. Ситуацијата е сосема јасна, бидејќи вие делувате од леви позиции, а ние делуваме од десни позиции. И ситуацијата тука е сосема чиста. Значи да завршам, бидејќи така бев долг, се поставува следното прашање кој е излезот од сегашната состојба. Единствено преку новите избори ќе се

овозможи излез од шок состојбата во која се наоѓаат демократските процеси во Македонија како предуслов за конституираше на одговорна власт која ќе може да го започне тешкиот процес на излез од економскиот банкрот и социјалната беда. Значи мојот глас и ставот на мојата партија се за нови предвремени парламентарни избори како предуслов за излез од сеопштиот колапс во кој се наоѓа земјата. Значи за нови предвремени избори и против оваа реконструирана Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот -Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да беше пријавувањето за дискусија во овој момент, веројатно ќе се откажевме, но поаѓајќи од тоа дека некој повеќе некој помалку поседува, она што рече господинот Коцевски висока политичка култура, не знам каде ние ќе се збориме ако имавме висока политичка култура, сигурно денеска после една година и нешто кога настапувавме заедно, немаше ова да се случи. А кој е крив, ќе зборува оваа седница, ќе зборуваат граѓаните, односно ќе зборуваат делата што ги оставаме зад нас.

Јас можеби немаше да се пријавам за дискусија ако три-четири работи не ги слушнавме на оваа седница, односно тие работи еден извесен период од 10-15 дена во средствата за информирање се елаборираа, злоупотребуваа и да не кажам на Н степен се покачуваа некој повеќе да добие некој помалку да добие. Јас сум од онаа платформа од една политичка асоцијација, кога зборувам политичка асоцијација мислам дека Сојузот за Македонија беше еден политички договор овие три партии да се претставаат како заеднички партии во онаа политичка изборна кампања. Затоа би сакал, јас да кажам како го

чувствувам Сојузот за Македонија, без партиски ставови, без пратенички ставови. Јас како што се сеќавам во Сојузот за Македонија ние настапивме со име и презиме и припадници на, исклучиво во повеќето случаи над 90% како една партија. Јас го носев моето име и презиме, 40 години што го имам, што СДСМ -Социјалдемократски сојуз на Македонија. Моето име и презиме не беше додадено кон Сојуз за Македонија. Сојузот за Македонија не беше институција. Меѓутоа, јас реков Сојузот беше и политичка асоцијација од трите партии СДСМ, Ј1П и СП. А сега во оваа прилика ќе елаборирам уште едно мое видување - Сојузот за Македонија, бидејќи сите три партии се согласија за еден претставник, еден претседателски кандидат да биде господинот Киро Глигоров. Тоа беше платформата на Сојузот за Македонија и политичките цели и сите цели, да не зборувам кои што беа а кои ги прочита и премиерот, јас во овој момент во од ниедна цел што беше потврдена и што ја деклариравме како СДСМ, како Сојуз за Македонија за кој што некој сега вика дека е мртов или жив, не се откажувам. Зошто не се откажувам? Затоа што на ливчето јас бев како Социјалдемократски сојуз, како партија. А што се однесува до претседателскиот кандидат господин Киро Глигоров, господо тоа го рече и премиерот, многу поегзактно, многу со пополитички осет, претседателот Киро Глигоров во својот живот има членувано само во една партија. Во таа партија, не постоеше на тлото на претходниот систем, на тлото на Балканот, тој сто-процентно се деполитизираше, односно беше граѓанин на оваа Република Македонија. Зошто си даваме сега за право да ми се дели етикета како пратеник во ова Собрание, после како партија, како граѓанин дека ние од онаа политичка платформа што ја декларирал Сојузот за Македонија, што ја декларирал претседателскиот кандидат, ние се откажуваме. Не е точно. Мислам дека во тој поглед а јас би сакал како пратеник во ова Собрание, во овој Парламент, како пратеник кој сум

добил 5000 гласови од бирачите, како пратеник кој ги застапува граѓаните во општината и во Републиката, не сакам таква етикета како пратеник и како партија да ми се дели. И најмалку тоа го заслужува претседателот Киро Глигоров затоа што тој бил во тоа време, беше и сега тој е надпартиска личност, граѓанска личност, што ретко има такви државници во светот. Тоа сите ние треба да го почитуваме и како пратеници и како партии, затоа што во оваа Република, во оваа држава партиципирал повеќе од пет века, повеќе од пет децении, повеќе од 50 години, како сакате, и се за оваа Македонија ние денеска сакаме да се залепиме за еден кандидат, претседателски, кој што сите го респектираме, кој што дал многу голем придонес за оваа Република и сега да се даде една етикета дека СДСМ не е за Сојузот, не е за претседателот актуелен во овој момент. Затоа мислам дека го делам мислењето и партиското и пратеничкото, веројатно, тука ќе има и некои свои видувања дека тоа најмалку го заслужуваме ние како пратеници, без разлика на која партија и припаѓаме и како партии и како Парламент.

Јас исто така сакам да кажам од ова место - се што е напишано во онаа декларација, како политичка асоцијација што настапивме како Сојуз, од ниедна цел не се откажувам. А што беше тоа? За мир во Република Македонија. Тоа го оствaривме, го остварувавме и во експозето на премиерот накратко јасно и децидно беше кажано. Значи тоа го постигнавме. Значи за подобар живот на граѓаните, па тоа го оствaруваме секој ден. Јас од ова место сакам да кажам дека, кога веќе оваа наша заедничка едноиполгодишна љубов ја раскинуваме, јас најодговорно зборувам како граѓанин на Република Македонија, како граѓанин на општина Радовиш, како пратеник на општината и како пратеник на изборната единица 61 од 24 саата ако сум се залагал 14 или 15 саата, од денес уште повеќе ќе се залагам. Ова, затоа што имам

поголема одговорност, затоа што денес зборуваме за една децидна јасна конкретна одговорност како пратеници. И затоа во базата кај нашите граѓани избирачи треба јасно да се каже дека она што го декларираавме во нашите декларации, во изборните кампањи, повеќе отколку што сме ветиле ќе оствaруваме, затоа што нашата одговорност е поголема.

Сакам да кажам дека една работа треба да ја кажеме господо - јас денеска зошто ќе гласам за оваа Влада. Не затоа што припаѓам на оваа партија, затоа што министерот или премиерот ми е повеќе или помалку близок. Ќе гласам затоа што денес, односно пред македонската јавност, пред граѓаните на Република Македонија ретко може некој да настапи со таква храброст во едни такви сложени економски и технички услови на стопанисување, да ја разграничи одговорноста. А во тоа сега претседателот, односно премиерот, досегашен, сегашен и натамошен, јасно кажува дека е спремен како субјект, како партија, како граѓанин дека одговорноста во наредниот период ќе ја сноси оваа партија, односно овие коалициони партнери. Зарем тоа не е за поздравуваше? Исто така, зошто ќе гласам? Ќе гласам затоа што се тоа луѓе осознаени, иако некој зборуваше дека многу се образувани, образовни, на некој начин во најголем број пожртвувани, потврдени и се пожртвуваат за ова што го прават денеска, и мислам дека тоа дава една гаранција дека од оваа нулта точка ќе се отиде чекор напред. Иако за одреден број заменици имам резерва, но сега не може за еден или двајца да жртвуваме една Влада и тн.

Што се зборува за мандатот, господо, овие што имаат поголемо политичко искуство, да не зборувам повисока политичка култура, не заборавете, премиерот беше мандатор, не на Сојузот за Македонија, беше мандатор од Социјалдемократскиот сојуз. Како пратеничка група СДС која има мнозинство во Парламентот, претседателот на

Републиката го даде мандатот на СДСМ, а СДСМ го одреди да биде мандатор, премиер Бранко Црвенковски. Така да во тоа не смееме пред јавноста да зборуваме дека Бранко Црвенковски ќе бил премиер, односно мандатор на Сојузот за Македонија. За тоа и во било кои парламентарни избори, кога ќе се избира парламент секогаш мандаторот го добива онаа пратеничка група која има мнозинство во Парламентот.

И на крајот сакам да кажам, односно да предложам, и покрај тоа што ќе гласам за оваа Влада, барам како пратеник во овој Парламент за 30 дена да се изготви конкретна програма за севкупните активности, плански задачи на Републиката, на стопанството што не очекуваат во наредниот период. Веројатно, новите министри ќе имаат нови модели, нови гледања, нови концепти на моменталните и на развојните можности во Републиката, што сега не сакам да ги повторувам и за 100 дена ќе барам како пратеник отчетност за оваа Влада, евентуално ако ја избереме, а јас верувам во тоа, да видиме што направила, секој министер поединечно, неговата иницијатива индивидуална и колку се вклопил во овој амбиент на Владата, односно во Република Македонија. И дури тогаш можеме да зборуваме за квалитетни или неквалитетни луѓе, за доверба или недоверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Работиме веќе непрестајно скоро пет часа и сега ќе прекинеме со работа, ќе продолжиме утре во 10 часот.

Седницата прекина со работа во 17,35 часот.